**проф. д-р Злате Димовски**

# ТАКТИКА НА ПРИМЕНА НА СТАНДАРДНИ ПРОЦЕДУРИ ПОСТ ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ

**Скопје, 2021**

**КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

ул. 50-та Дивизија, бр. 34

1000 Скопје, Република Северна Македонија

www.obezbeduvanje.org.mk

info@obezbeduvanje.org.mk

ЗЛАТЕ ДИМОВСКИ

# ТАКТИКА НА ПРИМЕНА НА СТАНДАРДНИ ПРОЦЕДУРИ ПОСТ ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ

СКОПЈЕ, 2021

# ТАКТИКА НА ПРИМЕНА НА СТАНДАРДНИ ПРОЦЕДУРИ ПОСТ ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ

**ИЗДАВАЧ**

**КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

ул. 50-та Дивизија, бр. 34 1000 Скопје, Република Северна Македонија

www.obezbeduvanje.org.mk

info@obezbeduvanje.org.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**

м-р Верица МИЛЕСКА СТЕФАНОВСКА- Претседател на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување

**РЕЦЕНЗЕНТ**

проф. д-р Методија ДОЈЧИНОВСКИ

**КОРИЦА**

**КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА**

Јовче АНЃЕЛЕСКИ

**ЛЕКТОР**

д-р Жанет РИСТОСКА

**ТИРАЖ**

примероци

# Предговор

# Вовед

Последната деценија од 20-от век и првата деценија од 21-от век претставува период од којшто теророт и тероризмот се во постојана експанзија во целиот свет. Во овој период, според практиката и она што ни е познато од литературата, феноменот тероризам постојано е во процес на брзи промени, особено во поглед на методите, средствата и начините за организирање и вршење терористички акции.

Во современите услови тероризмот којшто добива светски димензии какоопшточовечко зло, претставува предмет на проучување на повеќе науки и научнидисциплини. Него го проучуваат филозофијата, социологијата, социјалната психологија, криминолошките, криминалистичките и безбедносните науки. Од она што досега ни е познато може да се стекне уверување дека сѐ уште нема утврдени релевантни факти дека современото општество, иако се декларира како борец против тероризмот, за жал, тоа и го создава. Ова сознание ни дава право да заклучиме дека нема јасни ставови за генезата и другите општествени и индивидуални околности кои помагаат да се развива тероризмот во облик на експанзија. Тоа, пак, многу често е причина да се води погрешна политика во сузбивање на тероризмот. Така, со многу примери може да се потврди дека преку погрешно преземање мерки за сузбивање на тероризмот, место да се сузбива, за жал, тој се стимулира.

# СОДРЖИНА

**Скопје, 2021** ........................................................ **1**

**Предговор** ........................................................ **i**

**Вовед** ........................................................ **vi**

***ДЕЛ I*** ........................................................ ***1***

**Тероризам и методи на дејствување на терористичките групи 1**

Поим, цели и карактеристики на тероризмот ........................................ 1
Карактеристики на современиот тероризам ........................................ 2
Цели на современиот тероризам ........................................ 2
Современи форми на тероризам ........................................ 3
Бомбашки напади ........................................ 5
Атентат ........................................ 5
Киднапирање ........................................ 5
Земање на заложници ........................................ 6
Киднапирање на авиони ........................................ 6
Вооружени напади ........................................ 6
Сакатење ........................................ 6
Пожари ........................................ 7
Самоубиствен тероризам ........................................ 7
Фази на планирање и изведување на терористички акт ........................................ 8

***ДЕЛ II*** ........................................................ ***11***

**Стандардни процедури на постапување при одредедени посттерористички ситуации** ........................................ **11**

Неопходност од координација и споделување на информации и процена на ризиците и заканите ........................................ 11
Стандардни постапки по информација за загрозена безбедност ........................................ 16
План за безбедносна заштита ........................................ 17
Идентификување закани ........................................ 21
Ранливости ........................................ 22
Процена на закани ........................................ 25
Посебни постапки за реагирање на терористичко дејствување ........................................ 30
Поставена или оставена експлозивна направа или бомба ........................................ 31
Процедури при закани од бомби ........................................ 32
Техники кои се користат за извлекување информации (преку средства за комуникација или непосредно) ........................................ 39
Знаци за лоши техники на извлекување информации ........................................ 41
Личности и карактери ........................................ 42
Фази за остварување на безбедност на лицата и објектите кои се обезбедуваат ........................................ 44
Постапки за пронаоѓање на поставена направа ........................................ 47
Набавка на потребни технички средства ........................................ 48

Планирање на пребарувањето/претресувањето ............................49
Тактика на пребарување/претресување (општи правила) ...............50
Пребарување на згради и на соби ...............................................50
Постапка при идентификувано возило бомба...................................54
Пребарување /претресување отворен простор ................................57
Резултати од пребарувањето/претресувањето .................................58
Евакуација ...................................................................................60
Постапување во ситуации на заложничка драма или појавување на лице со експлозив на телото или облеката ........................................62
Бомбаши самоубијци .......................................................................65
Посебни мерки на претпазливост при обработка на место на терористички напад ..........................................................................69
Обезбедување на место на настан .....................................................71
Тактика и техника за обезбедување на местото на настанот...........75
Безбедносни постапки за итно пристигнување на место на настан .78
Заштита на местото на настанот преку ограничување на пристап ...81
Управување и организирање на операциите на местото на настанот поврзан со терористички акт ...........................................................85
Цели на увидот ...................................................................................90
Задачи на увидот .................................................................................91
Барање одговор на основните прашања во врска со увидот ............93
Траги на место на терористички напад ..............................................95

**Видови траги на место на терористички акт ............................96**
Траги од стапала .................................................................................96
Траги од папиларни линии ..................................................................97
Траги од експлозиви и оружје..............................................................98
Траги од експлозивна направа и експлозија .......................................98
Експлозија и експлозивни појави .......................................................99
Хемиски експлозии.............................................................................101
Нуклеарни експлозии ........................................................................102
Експлозивни материи ........................................................................102
Иницијални експлозивни материи ....................................................103
Бризантни експлозивни материи......................................................103
Потисни експлозивни материи (барути) ...........................................104
Експлозивни процеси ........................................................................105
Траги од алати ...................................................................................106
Алатите и другите видови направи (најчесто механички) може да се групираат: ......................................................................................106
Траги од возила .................................................................................108
Траги од крв .......................................................................................108
Траги од плунка ..................................................................................109
Траги од влакна ..................................................................................109
Траги од пожар како последица од експлозија.................................110
Претходна активност ..........................................................................112
Пронаоѓање на траги на место на пожар ..........................................114

Траги во околината на опожареното место.....................................115
Расветлување на причините за пожар .............................................115
Расветлување на пожарите преку карактеристики на пламенот....119

***ДЕЛ III..........................................................................120***

**Интегритет при примена на овластувања во вонредни ситуации предизвикани од тероризам............................................................ 120**

**Заклучни согледувања и препораки ..................................... 126**

# ДЕЛ I

## Тероризам и методи на дејствување на терористичките групи

## Поим, цели и карактеристики на тероризмот

Постојат повеќе обиди за дефинирање на тероризмот, но досега ниедна дефиниција не е општо прифатена поради некој недостаток во нејзиното објаснување. Поради тоа, потребен е мултидисциплинарен пристап. Така на повеќе научни и политички собири и советувања, каде се дискутирало за облиците и опасности од оваа појава, се донесени доста конвенции и друг вид документи, но повторно без јасно и децидно одредување на дефиницијата за тероризмот. Овде ќе бидат разгледани неколку размислувања за суштината на тероризмот.

За дефинирање на тероризмот мораме да појдеме од неговото поимно значење. Имено, зборот терор (од францускиот збор terreure – сеење на страв) во политичка смисла подразбира акт на насилство што се презема за политички цели заради заплашување и беспоштедно кршење на отпорот на оној спрема кого се врши. Теророт (латински teror) значи ужас, страв и трепет, примена на застрашување, политичко насилство.

За тероризмот дефиниции дале повеќе автори од кои дел се воопштени, а дел ставаат нагласок на елементите што го сочинуваат и ги образложуваат. Меѓутоа, за сите нив елементот на употреба на сила, насилство, заплашување и настојувањата преку практицизирање на тероризмот да обезбедат, издејствуваат или добијат одредени поволности, се заеднички и општоприфатени. Според согледувањата на авторот на Практикумот, проф.д-р.Злате Димовски, оваа комплексна појава – тероризмот се дефинира:

*Како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политички, етнички, религиозни или идеолошки цели.*[1]

---

[1] Проф.д-р Злате Димовски „Тероризам“, Скопје, 2007 год.

**Карактеристики на современиот тероризам**

Со цел да се дефинираат карактеристиките на тероризмот, потребно е соодветно да се појасни одредена структурна целина поврзана со неговата теоретска компонента, како и со реалната страна која преку одредени примери се среќава во современото постоење. Тероризмот се карактеризира со неколку особини меѓу кои посебно треба да се истакнат следните:

- таинственост,
- конспиративност,
- селективност,
- криминална поврзаност,
- ефективност,
- насоченост кон сопствено истакнување во јавноста.

Во контекст на ова ќе бидат подетално појаснети целите на современиот тероризам и со тоа ќе бидат дообјаснети одредени карактеристики на тероризмот.

**Цели на современиот тероризам**

Целите на тероризмот се најчесто поврзани со крајниот ефект што треба да се постигне со дејството, односно она што претходно било планирано и прогнозирано од страна на извршителите на актот. Најчест случај е кога терористичкиот акт е насочен кон постигнување на две или повеќе цели истовремено. Како најчести цели можат да се набројат следниве:

- добивање целосна светска национална и регионална поддршка на целта на извршителите на терористичкиот акт;
- провокација на власта и нејзините органи и предизвикување на ситуација каде е неизбежна потребата од брза, одлучна и строга акција на безбедносните органи, а потоа создавање атмосфера на наклоност кон терористите;
- преку директен напад со директни вооружени дејства да се постигне слабеење на безбедносните сили и ефект на недоверба кај населението во сопствените безбедносни органи;
- отуѓување со цел да се добијат пари, средства, оружје и опрема;

- уништување на стратегиски и тактички цели, како и на инфраструктура потребна за непречено егзистирање;
- одвраќање на странски инвестиции и национални планови за развој;
- остварување на влијание врз решенијата на владата, законодавството, независните државни институции и наметнување на насилни решенија во текот на изборни кампањи или тековни национални избори и други демократски процеси;
- одмазда и репресии;
- промена на исходот или поддршка на веќе започнати герилски, диверзантски или бунтовнички дејства на некоја држава;
- подготовка на теренот за идни поконкретни и поизразени дејства;
- поддршка и одбрана на разни криминогени операции и фактори.

Тероризмот мошне брзо го менува својот карактер, но и своите цели, кои се многу поамбициозни, подраматични и веќе добиваат глобални димензии. Тој е „флуиден непријател“, но со јасно поставени цели кои секојдневно предизвикуваат шок, ужас, бес, страв, желба за одмазда, убивање и нов психолошки и безбедносен амбиент во кој луѓето во светот почнуваат да се чувствуваат како да се во војна. Една од главните причини за брзото проширување на овој современ феномен како смртоносен вирус насекаде во светот е фактот дека тероризмот се покажа како евтина, ниско ризична метода која брзо донесува многу корисни резултати во борбата на разните групи и режими.

Тероризмот е рак-рана на новото време. Овој феномен бил присутен низ повеќе етапи од човековото егзистирање, но во поновиот период, благодарение на најновите техничко-технолошки достигнувања, добива застрашувачки размери за светскиот мир. Во секој случај, најголем придонес за неговиот развој и опасностите е токму користењето на најновите типови оружје, недозволената трговија со оружје, муниција и експлозивно-распрскувачки материи и оружје за масовно уништување.

## Современи форми на тероризам

Тероризмот е појава која не се ограничува на територијата на една држава. Во оваа смисла корисно би било да се наведат некои посебни видови тероризам кои покрај класичните форми, присутни и

во РСМ, се евидентирани во светот. Преку нивното запознавање и проучување ќе станеме способни да преземаме превентивни, а по потреба и репресивни мерки и активности. За таа цел, во овој дел ќе бидат анализирани самоубиствениот тероризам и тероризмот со примена на оружје за масовно уништување, како најсовремени форми на практицирање на тероризам.

Нападот со гасот сарин во подземната железница на Токио во 1995 година беше пресвртница којашто наведе многу земји ширум светот да го преиспитаат својот пристап кон борбата против тероризмот. На 20 мај 1995, членови на култот Аум Шинрикјо поставија контејнери со гасот сарин во течна форма на неколку вагони од подземната железница на Токио. Со испарувањето, гасот почна да се шири низ вагоните, при што предизвика смрт на десетина лица, а неколку илјади беа повредени. Овој напад доведе до големо пореметување и страв низ целата земја, при што на светот му укажа на потребата од подготовки за спречување на други такви страшни терористички дела.

Овој напад исто така ја покажа и способноста на терористичките групи да добијат и да применат оружје за масовно уништување против цивилни цели. Од тој ден, бројните напади – како што беше нападот во САД од 2001, нападот на основното училиште во Русија во 2004, нападите на подземните железници со бомби во Шпанија и во Англија, во 2004 и 2005, како и бомбашките напади на одморалиштата во Египет — и понатаму ја потврдуваат тенденцијата на терористите да одберат цели коишто ќе им овозможат да предизвикаат многу жртви.

Со анализа на тековните трендови се гледа дека терористите се многу повеќе подготвени да изведуваат масовни напади на цивилни цели. Овие „меки цели“ се многу поинакви од заштитените воени или цивилни објекти. Станбени објекти, транспортни центри, кина, деловни центри, хотели, банки, места за рекреација, па дури и места за верски обреди – цркви, синагоги или џамии – коишто биле цел на терористите, се места што гарантираат голем број на жртви и голема симболична вредност.[2]

[2] Злате Д., Душко Т., Елдар Ш, „Тероризам“ – Институт безбедности, Нови Сад, 2011год.

Највообичаени терористички дела се бомбашките напади, атентати, киднапирања, земање на заложници, заземање на возила, киднапирање на авиони, вооружени напади, сакатења и подметнување на пожари.

Особено се популарни киднапирањата, вооружените напади и примената на поставување на експлозивни направи и бомби.

**Бомбашки напади**

Најраспространет и најомилен метод на напади се нападите со бомби. Бомбите се евтини, лесно се прават и поставуваат, а веднаш добиваат голем публицитет. Освен тоа што обезбедуваат вести на насловните страници, бомбите создаваат страв, а исто така уништуваат човечки животи и материјални вредности. Повеќето бомби кои ги користат терористите се импровизирани, односно не се стандардна воена муниција. Терористите некогаш користат неексплодирана муниција како основно полнење што се активира со импровизирана направа за далечинско управување или со други видови средства што се активираат на команда.

Бомбите можат да се постават со помош на возила, рачно, со проектил (или преку фрлање со механичка направа, или со експлозив), или преку поштенските служби и службите за други пратки. Лажни бомби – односно лажни закани со бомби се користат за да предизвикаат узбуна, независно од направата што се користи. Терористите практицираат и сооднос на лажни закани и стварни напади со бомби со цел да им се одземе многу време и внимание на безбедносните сили.

**Атентат**

Атентатот е убиство, обично со бомба или со оружје, на претходно одбрана жртва која има некаква функција во општеството. Ова е најстарата терористичка тактика во историјата, а ја користат сите денешни терористички групи. Техниките за изведување на нападот можат да варираат од еден напаѓач или бомба, до добро испланиран напад, заседа или упад.

**Киднапирање**

Киднапирањето е фаќање и задржување на некои лица со цел да се преговара околу некои цели. При операциите од овој вид мора да има доволно безбедност во фазата на преговорите, што не мора да биде случај кога се земаат заложници. Преговорите се изведуваат

преку тајни канали и обично траат подолго време, со цел да се издејствува исполнување на барањата на терористите, ослободување на нивни затворени соработници или плаќање на уцената. Со успешно киднапирање терористите можат да издејствуваат добивање на пари, ослободување на затворени соработници и публицитет.

**Земање на заложници**

Земањето на заложници настанува кога се зазема еден објект каде што се наоѓаат луѓе. Ова се разликува од киднапирањето затоа што киднаперите ги сокриваат своите жртви, додека лицата што земаат заложници обично ги конфронтираат силите за одговор со заложниците.

**Киднапирање на авиони**

Киднапирањето на авиони се разликува од заземањето на возила по тоа што се работи за воздухопловни возила. И покрај тоа што безбедносните мерки се сега построги од кога и да е порано, киднапирањата на авиони и понатаму се случуваат.

**Вооружени напади**

Вооружените напади може да ги изведе или поединец со оружје, или група напаѓачи. Обично нападот се изведува или од непосредна близина како атентат, од блиску или од безбедна далечина со прецизно оружје или со голема убиствена сила од воено оружје.

Добро планираните заседи, посебно терористичките заседи коишто користат разни диверзии и коишто се соодветно извежбани и прецизно изведени, речиси секогаш успеваат. Терористот може да смета на времето и на елементот на изненадување, односно, тој може да подготвува ваков напад со недели однапред. Целта на заседата е киднапирање или усмртување на жртвите. Убиствениот напад може да се изведе со поставени експлозиви, со напад со огнено оружје од заседа, или со напад од возило во движење.

**Сакатење**

Терористите честопати го користат сакатењето како средство да ја спроведат правдата, и тоа против членови на својата организација коишто ги повредиле принципите на организацијата, избегале или станале соработници на безбедносните сили. Сакатењата се многу ефективни затоа што оставаат зад себе жив

пример на терористичките методи кој е видлив и предизвикува страв кај останатите.

### Пожари

Обично пожарите ги подметнуваат групи што не се толку добро обучени или организирани. Подметнувањето на пожари можат релативно да го изведат и почетнички групи за да стекнат поголема самодоверба. Пожарите се нуспојава кај нападите со експлозиви и бомби.

### Самоубиствен тероризам

Два века претходно искуство зборува дека терористите, иако се подготвени да ги рескираат своите животи, сепак сакаат да преживеат за да ги уживаат плодовите на своите дела. Но, новиот вид тероризам е во спротивност со тоа верување. Квалитативно поинаков, многу смртоносен, скоро натприроден, се чини дека овој нов вид тероризам не може да се сопре. Досегашните искуства покажуваат дека сите антитерористички мерки се бескорисни во борбата со овој облик на тероризам. Списанието „Times" објави: „Ниеден експерт за безбедност не мисли дека мерките се доволни да го спречат решениот муслимански терорист кој мисли дека ќе му се приближи на Алах ако убие Американец"[3].

Во средината на дваесеттиот век, самоубиствените напади беа поретки поради понапредната технологија, што значи дека не беше неопходно да се жртвува член на терористичка организација. Претпочитани терористички методи беа однапред поставени експлозиви или експлозиви со далечинско детонирање, земање на заложници и напади на авиони. Иронично, како што антитерористичките методи започнаа да се подобруваат, така се развиваа и начините на терористичките напади. Соочени со детектори за метал на аеродромите, зголемени безбедносни периметри околу значајните цели и многу други мерки против тероризмот, терористичките организации започнаа со тактички иновации. Еден од резултатите беше повторно воведување на употребата на самоубиствени напади. Во другиот дел ќе се фокусираме на бомбашите самоубијци, зошто тие се подготвени да умрат, што се надева да добие терористичката организација, кои се

---

3 Dan Smith, "The state of war end peace atlas" the international peace research institute, Oslo 1997

профилите на бомбаши самоубијци и како ние може да се заштитиме од такви напади.

## Фази на планирање и изведување на терористички акт

За да можеме да зборуваме за постапување при терористички напад или по терористички напад, потребно е да ги знаеме фазите на подготвување и реализација на терористички акти. Имено, терористите никогаш не преземаат активности доколку не направат целосно скенирање на состојбите, избирање на соодветен момент, проучување на објектите на напад до најмал детал и подготвување на нападот. Во овој дел ќе ги објасниме фазите на подготвување и извршување на терористички акти.

Планирањето на акциите на попознатите терористички организации се врши грижливо и во детали, како кај исклучително сложени воени операции. Користејќи го максимално факторот изненадување и иницијативата која е објективно на нивна страна, особено внимание се посветува на односот на крајната цел и непосредниот објект на напад на терористичката акција. Целта секогаш се избира поединечно и мора да биде во согласност со главните цели на организацијата. Во одредување на начинот на извршување на терористичката акција, стратезите се раководат од начелото на ефикасност и едноставност, кое се базира на претходно темелно разработени разузнавачки податоци и собрана документација за целта на нападот. Се прибираат сите важни информации за жртвата на нападот, како што се навиките, движењето итн.

Изведувањето на терористичките акции се одвива по претходно подготвен план, со употреба на оптимални оружја, средства и учесници, потребни за реализирање на целта. Со оглед дека се исполнети сите претходни фази за одредување на членови, обуката и добро завршените подготовки за конкретната акција, секој мора да постапува согласно предвидениот план и на предвидениот начин, без исклучоци и по цена на жртви.[4]

**Прва фаза** во изведувањето на терористичкиот акт е фазата на дефинирање на целта на напад. Таа задолжително настапува после одредени промени во една држава во смисла на промена на

[4] Пашански, М., „Современи камикази", Књижевне новине, Белград, 1987 година.

политичкиот, односно економскиот курс или позначајни промени во односите меѓу внатрешните политички субјекти. Оваа фаза е и фаза на процени и одлука за извршување.

**Втората фаза** започнува кога целите се целосно дефинирани, а инспираторот се определил за извршување на терористички акт. Прв чекор е определување и ангажирање на главниот организатор на акцијата – лицето кое ќе раководи со подготовките и завршната операција. Ова второ ниво се вика и прединцидентна фаза, која трае извесен период, а можеме да ја поделиме на неколку потфази (етапи).

***Прва етапа*** во втората фаза е проучување на објектот на нападот (институција, личност, ДКП и др.), режимот на работа, влезот-излезот, фреквентноста, патиштата кои водат до и од, обезбедувањето сили и др.[5]

***Втора етапа*** е планирањето и претставува креирање на стратегија врз основа на добиените податоци. Планот треба да ги утврди: учесниците во акцијата (извршители), начинот за напад, средствата за извршување, местото и времето, начинот на повлекување и обезбедување на учесниците, средствата и друго.

***Трета етапа*** е логистичка, тоа е период на материјално обезбедување на групата која треба да ја изведе акцијата со потребна опрема и средства за реализација на нападот. Тука, пред сè спаѓа набавката на средствата за извршување (оружје, муниција, експлозив), потоа обезбедувањето на средствата за комуникација, возилата, мапите, средствата за камуфлирање на извршителите. Транспортот и сместувањето на потребните материјали на местото на извршување, за организаторот претставува клучен проблем.

***Четврта етапа*** е обезбедување на скривалиште, отстапница за извршителите, што за организаторот е исто така битен проблем, кој мора да го испланира и реши. Реализацијата на оваа фаза започнува по извршениот терористички акт.

**Трета фаза** претставува реализацијата на терористичкиот акт или фазата за напад. На нападот најчесто му претходат две дејствија кои се изведуваат на критичниот ден или малку порано: транспорт и поставување на силите и средствата за извршување на актот и

[5] Доревски, З., „Атентати–анализа“, *Безбедност*, бр.3, Скопје, 1997 година.

добивање почетен сигнал од организаторот дека сѐ се одвива според планот, па акцијата може да биде изведена.

**Четврта фаза** ја прават ефектите и последиците во посттерористичкиот акт.[6]

Изведувањето на терористичкиот акт има примарно и секундарно дејство. Примарно дејство е да се изврши напад на одреден објект, лице или институција и, според нивните планови, најчесто сето тоа се одвива  со минимални случајни жртви. Секундарно дејство, по правило, е она кое според важноста за секоја терористичка организација го надминува примарното за повеќе пати, а тоа секундарно дејство е јавноста. За тој ефект најчесто се избираат атрактивни цели, без големи последици по невини жртви. Со соопштувањето на веста во јавноста се постигнува главниот ефект и се добива публицитет, додека кај народот се јавува ефектот на страв, несигурност и недоверба во органите на власта и сл., со што се постигнува основниот елемент на тероризмот.

[6] Пашански, М., „Современи камикази“, Книжевне новине, Белград, 1987година

## ДЕЛ II

### Стандардни процедури на постапување при одредедени посттерористички ситуации

По извршен терористички акт, независно од средството со кое е извршен, најчесто останува широк простор на деформирани тела, објекти, средства и животен простор. Во таква ситуација постојат многу траги, потенцијални докази кои доколку бидат идентификувани и подигнати од лице место ќе може да се вештачат и ќе се добие доказен материјал кој би зборувал за начинот, средствата и извршителите на терористичкиот акт. Во прилог на ова во овој дел ќе бидат потенцирани одредени ситуации на примена на терористички средства во функција на уништување на жива сила и контаминација и уништување на животната средина.

#### Неопходност од координација и споделување на информации и процена на ризиците и заканите

Постојат повеќе познати ситуации на нереализиран терористички акт, во моменти кога се подготвуваат, поставуваат за реализација или лажно се пријавува присуство на средство за реализација на терористичкито дело. Тоа се ситуации кога постои дојава за поставено експлозивно средство, сомнеж за поставена импровизирана експлозивна направа, автомобил бомба, заложничка ситуација, сомнеж за присутен бомбаш самоубиец или сомнителен пакет или багаж во затворен или отворен простор и сомнеж за биолошко, хемиско, радиолошко или нуклеарно оружје за масовно уништување. Заради подобро разбирање на начините на постапување на припадниците на приватното обезбедување ќе бидат појаснети овластувањата на лицата од приватното обезбедување, затоа што во најголем број случаи тие се предмет на нивно обезбедување, но ќе бидат дадени и овластувањата на службите за спроведување на законите, најмногу на Министерството за внатрешни работи, заради разбирање на улогите на секоја од службите и избегнување на конфликтни ситуации. Ова го кажуваме, поаѓајќи од премисата дека одговорен, согласно позитивната законска регулатива за обезбедување на објектите и примена на сите мерки дадени согласно регулативата онаму каде обезбедувањето е доверено на агенциите за приватно обезбедување, се токму лицата од обезбедувањето. Тие имаат морална, материјална и кривична одговорност во однос на реализацијата на задачите договорени помеѓу агенцијата за приватно

обезбедување, каде што лицето реализатор на обезбедувањето е вработено и сопствениците/одговорните за објектите.

Приоритетите кои треба да се прокупација на државните служби за спроведување на законите и агенциите за приватно обезбедување треба да се движат во овие рамки:

1. Разбирање на заканата од тероризам, а потоа идентификување на цели на напад од страна на терористите засновани на континуирани процени на ризик и воспоставено ефективно споделување на информации што подразбира практична соработка на сите нивоа на власта (меѓународно, национално, регионално и локално).

2. Градење партнерства во јавниот и приватниот сектор за овозможување и подобрување на безбедносната соработка и вклучување на јавноста и бизнис-заедницата преку јасни и конзистентни пораки за природата на заканата и соодветната подготвеност.

3. Подготовка, планирање и заштита со приоретизирање на ресурсите, ангажирање, вежби и обука за подобрување на спремноста на институциите од владата, индустријата, приватниот сектор и подигнување на јавната свест и подготвеност за превенција, одговор и закрепнување.

Во однос на разбирање на заканите, треба да се биде претпазлив за природата и историјата на заканата, да се следат најавите на терористите и внимателно да се следи и научи од тоа што прават. Информациите не треба да бидат чувствителни или класифицирани за да бидат вредни. Терористите честопати ги идентификуваат целите и нудат оперативни упатства преку нивните интернет-страници или јавно достапни публикации. Владите и нивните партнери можат да научат многу за терористичката тактика читајќи достапни материјали од терористите и слушајќи ги нивните повици. Овие јавно достапни информации може да се анализираат за да се проценат можностите и намерите на непријателот, особено кога тие се огласуваат толку отворено за техники и тактики што ги сметаат за успешни (или не) и што ги поттикнуваат своите следбеници да ги користат. Секој напад е искуство за учење и поттик за меѓународната заедница, јавниот и приватниот сектор и безбедносните служби, да учат за терористичките способности и да ги разгледаат тековните политики. Владите треба да обезбедат различни извори на

информации (спроведување на законот, разузнавачки информации, терористичка комуникација, мрежна анализа – класифицирани и отворени извори) за да спроведат разузнавачка анализа и сеопфатна процена на заканите за целите на терористите. Важно е добиените информации кои се однесуваат на одредени планови на терористите за напад на објекти или лица, независно дали се под заштита на приватните агенции, да се споделуваат и да се наложи зголемување на претпазливоста.

На пример, ИСИС објави водич за можни напаѓачи, истакнувајќи дека возилата се „екстремно лесни за набавка“ и, за разлика од конвенционалното оружје, истите нема да предизвикаат сомневања кај граѓаните или властите. Исто така, им наредува на нивните истурени структури за тоа како да користат камиони во напад и препорачуваат да се напаѓаат пазари и митинзи на отворено, паради и одредени фреквентни улици. Затоа, владите треба да ги консолидираат овие јавни информации и да ги комбинираат со официјални извори, претходно добиени податоци, компјутерската технологија и сл.

Потребно е спроведување на процена на ризик. Процената на ризикот е континуиран и интегративен процес којшто ја подобрува подготвеноста и ги дава приоритетите на ограничените ресурси. Процесот на процена на ризикот започнува со јасна анализа во функција на идентификација што може да тргне наопаку, колку лошо би можело да биде ако се случи неочекуваното (на пр. загуба на животи, демолирање објекти) и колку е веројатно тоа да се случи. Процената на ризикот треба да ги интегрира овие информации за да може да се споредат очекуваните штети (на пример, сериозни последици) од еден вид настани со други, со цел да се добие идеја за тоа како треба да се управува со приоритетите и да се алоцираат ресурси. Процената на ризик од тероризам им помага на агенциите за приватно обезбедување, во содејство со информациите од официјалните органи (доколку се принудени да ги разменат) да спроведат постапки за обезбедување сигурност и безбедност на граѓаните и имотот од претпоставена и можна закана. Агенциите за обезбедување треба да направат усогласување на заканите со сеопфатен список на потенцијални цели засновани врз анализа на терористички способности, намери и напади од минатото и редовно да спроведуваат процени на ризик за да се задржи чекорот со природата и карактерот на заканата и на противникот. Исто така треба да го ажурираат планирањето за вонредни состојби, како што се

насоки, вежби и обука за спроведување на акции за да се задржи чекорот со реалните закани, што ќе им помогне на заинтересираните страни да се прилагодат на еволуирачките закани.

Агенциите за обезбедување особено треба да размислуваат за формирање единици за анализирање на ризик во местата каде има поголема фреквенција на луѓе, а се обезбедуваат од агенциите, како што се  автобуски и железнички станици, концертни простори, училишта и др. објекти.

Евалуацијата на стратешкиот ризик кон т.н. меки цели вклучува процена дали постои личност или група со можност и намера да нападне ранлива цел. Податоците за информирање за процена на ризикот можат да бидат од различни извори. Националните процени од владини експерти за безбедност ќе вклучуваат чувствителни и класифицирани информации достапни само за официјалните национални претставници. Потоа, тие треба да бидат интегрирани со други информации и, по потреба, одредени информации да се проследуваат до приватниот сектор, во форма достапна за локалните безбедносни сили на кои им се потребни. Јавниот и приватниот сектор би требало да користат и анализа на ризик за да ги идентификуваат и ублажат ранливостите во физичката инфраструктура и во нивните стандардни оперативни процедури и планови за одговор. Владите треба да го охрабрат приватниот сектор да ги споделат своите анализи на ризик преку контакти со агенциите за безбедност, што може да доведе до заеднички напори за откривање на напади, заедничка обука и вежби.

Воспоставувањето доверлив однос помеѓу безбедносните субјекти на владата и приватниот сектор ја поттикнува проактивната улога во севкупните безбедносните напори за навремено осознавање и менаџирање на терористички активности. Информациите за пристап, вежби и обука треба идеално да бидат водени на национално ниво, регионално координирани и локално испорачани. Службите за спроведување на законите можат да координираат и да организираат специфични активности, но за да бидат ефективни треба да вклучуваат разновиден збир на јавни и приватни чинители. Локалните власти, вклучително и институциите за спроведување на законите, најверојатно ќе можат да создадат силни партнерства со сопствениците и операторите на потенцијалните цели на терористите.

Повеќето земји усвоија доброволна рамка за јавно-приватно партнерство за подготвеност и ги градат или ги прошируваат тие

планови заради заштита на целите. Неколку земји усвоија регулаторен пристап за обезбедување на одредена инфраструктура, како што се хотелите, кои се сметаат за национално критични. Владите можат да ја подигнат свеста во индустријата преку јасно формулирани веб-страници, упатства, прирачници, практикуми или предавања каде ќе се пренесуваат упатства и насоки за специфична публика во приватните агенции за обезбедување, кои промовираат разбирање на заканите и добрите практики.

Приватниот сектор треба да биде партнер во развој на планови, изготвување на пишани производи и да биде вклучен во владини вежби и обука. Ова е особено потребно во специјализираните сектори, како што се транспортот (возови, автобуси, самите станици), каде може да има мешавина од јавна и приватна безбедност вклучена во активности за заштита. На пример, во некои земји приватното обезбедување може да биде примарниот давател на безбедност, додека во други земји специјалните оддели на јавната полиција имаат директна одговорност за безбедноста во сообраќајот. Во некои држави безбедноста е под директен полициски надзор, но вклучува договор за безбедност. Без оглед на мешавината, овие лица ги познаваат капацитетите, персоналот и патниците и можат подобро да ги идентификуваат аномалиите, како и да ги испланираат координираните планови и практики меѓу нив.

Граѓаните и вработените во приватниот сектор можат да придонесат за безбедноста со пријавување на сомнителни активности. Владите треба да развијат програми усогласени со строга правна рамка за да обезбедат почитување на човековите права и владеењето на правото, кои промовираат совесност за околината и го охрабруваат известувањето за сомнителни активности и аномалии. Вработените вклучени во одредени сектори, редовни патници во транспортните системи и други, често можат полесно да детектираат сомнителни активности отколку што може полицијата или безбедносниот персонал. Затоа, владите треба да воспостават процеси за да примаат, разгледуваат и да воспостават континуирана едукација за јавноста за тоа што претставува сомнителна активност.

Различните субјекти вклучени во реагирање по извршени терористички акти, како противпожарни единици, полиција, служби за итни случаи, болници, агенции за приватно обезбедување, треба да тренираат заедно за да одговорат конкретно на нападите. Меѓуагенциската обука, вежби и координација ќе помогнат да се

идентификуваат пропустите и дефинираат потребите, како и да се подобри ефективноста на нивниот колективен одговор и ќе продолжи да помага во градењето доверливи односи. Помеѓу нив потребно е да се создаде план за комуникација преку соодветни средства на интерен начин. Сите релевантни владини агенции треба да се согласат за фактите и пристапот, како и за соодветните пораки за јавноста.

Тероризмот е насилство пресметано за создавање страв, прекумерна реакција, хаос и повредување. Комуникацијата пред напад е во функција на споделување реални процени на ризик. Целта е да се зголеми можноста од предупредувања и превенирање со цел избегнување на посакуваните последици од страна на терористите. Предизвикот е да се информира јавноста и да се понудат корисни совети за соодветно постапување во одредена ситуација. За време на нападот потребно е да се достават информации во форма на упатства на јавноста за областите што треба да се избегнат, каде постојат достапни засолништа и други практични информации. По нападот треба да се пласираат информации за што побезбедно и поскоро враќање во нормалниот живот.

Тековниот предизвик за сите инволвирани во безбедноста на граѓаните е како да им се обезбедат на граѓаните информации што ќе им овозможат да донесат процена за сопствената безбедност, обезбедувајќи соодветни услови за спротивставување на опасностите.

**Стандардни постапки по информација за загрозена безбедност**

Претходните укажувања беа во функција на извлекување на заклучоци за примена на најдобри практики и градење на систем за одбрана од тероризмот. Постапките за запазување и одржување на безбедна состојба од вонредна ситуација, во основа, можеме да ги подведеме во две групи – општи и посебни за секоја ситуација поединечно.

Во општите спаѓаат оние итни постапки кои треба да ги знае секој вработен во агенциите за обезбедување како да постапи во случај на закана или конкретна опасност од терористички напад. Посебни се оние дејствија кои се реализираат координирано, но и за секоја конкретна ситуација специфично, затоа што, зависно од самата закана се проценува и ризикот за луѓето и имотот кој се обезбедува, но и на сопствените човечки ресурси на агенцијата.

Во општиот дел посебно внимание треба да се посвети на превентивните активности кои овозможуваат посеопфатна перцепција за просторот којшто се обезбедува, а во тие рамки се предвидуваат и други мерки кои би се преземале во одредени ситуации кои се надвор од редовните активности на обезбедување.

Општи постапки:

- запознавање на целиот простор кој е предмет на обезбедување;
- одржување на комуникација со дежурниот центар;
- можност за комуникација и повикување на полиција, противпожарна единица, болнички возила;
- комуникација со соседни објекти;
- познавање на структурата на објектите, распространетоста, внатрешните компоненти и комуникација со сопственикот на објектот или одговорниот во правен субјект;
- познавање на бројот на присутни лица во објектите или просторот предмет на обезбедување;
- познавање на местата на хидранти, поставеноста на апарати за гасење пожар, склопки за струја, генератори, прва помош;
- определување на безбедни места, каде не постои можност за загрозување на животот на луѓето.

Покрај запознавањето или профилирањето на просторот којшто се обезбедува, потребно е изготвување план за заштита на просторот, заедно со лицата и севкупната инфраструктура.

**План за безбедносна заштита**

Во општите мерки во однос на активностите за безбедносна заштита, се подготвуваат безбедносни планови или планови за обезбедување. Секој вид обезбедување има свои особености на кои треба да се посвети посебно внимание, покрај заедничките карактеристики во примената на соодветните мерки дефинирани со безбедносниот оперативен план. Тој е клучен документ во процесот на подготвување и спроведување на сите активности поврзани со обезбедувањето. Ваков документ се составува за сите места кои редовно се користат и континуирано се анализираат и дополнуваат. Сите договорени мерки утврдени со планот се спроведуваат совесно, одговорно и дисциплинирано, без разлика дали станува збор за индивидуални или заеднички активности (кои вклучуваат одредена координација и синхронизација).

Под план за обезбедување се подразбира процена на безбедносната ситуација за загрозеноста на обезбедуваниот објект, односно личноста, и мерките на обезбедување кои се предвидуваат и се преземаат.

Пред да се започне со процесот на обезбедување на лицето и објектот, мора да се направи реална процена на податоци за појави и настани поврзани со нивната безбедност. Преку следењето на носителите на загрозувања, нивното влијание, сила и средства кои ги употребуваат, треба да се креираат и да се преземаат мерки за да се елиминираат или да се отстранат околностите во кои се создадени.

Врз основа на набљудувањето и сознанијата од безбедносната претходница, најпрво се утврдуваат веќе постојните носители на загрозување на животот, здравјето и дејствувањето на лицата, а потоа, во зависност од работата со која се занимава, политичките ставови и другите карактеристични податоци, се проценува кои форми на загрозувања на безбедноста и нивните носители би можеле да се појават во иднина.

Седумте принципи при правење на профил за закана се:

- луѓе,
- места,
- личност,
- предрасуди,
- лична историја,
- политичка и религиозна определба,
- приватен живот/ начин на живеење.

Во рамките на превентивната дејност влегува и безбедносната процена на степенот на ранливост на заштитеното лице и објектот и, врз основа на таа процена и нивото на ранливост, доаѓа до изработка или модификација на постојниот безбедносен план.

Безбедносната процена се определува во форма на пишан документ и е составен дел на планот за обезбедување и ја покажува моменталната безбедносна состојба, предвидување за идните настани и ги прецизира задачите со кои треба да се елиминираат причините,

методите на спротивставување, односно превенција со цел да не дојде до загрозување на безбедноста на лицето и објектот.[7]

Безбедносниот план за заштита е сеопфатен и концизен документ кој овозможува и поддржува дистрибуција на информации до сите ангажирани работници за приватно обезбедување.

Информациите содржани во безбедносниот план за заштита се основа за оперативниот план, со кој треба да се намали или да се елиминира опасноста или да се спротивстави на предвидените ризици и да им обезбеди упатства на лицата за приватно обезбедување во случај на инцидент. Во таа насока, потребно е да се одлучи кој добива копија од безбедносниот план, одржувајќи ја мала листата на информирани, врз основа на принципот потребно е „да знае". Врз таа основа се составува листа од телефонски броеви и локации на места за одговорни на објектот, донесувачи на клучни одлуки или извршни службеници од одредени институции.

Видови планови:

- постојан план;
- привремен план.

Секој план е различен врз основа на специфичните барања на одредено место. Поради таа причина, планот треба да биде и да остане флексибилен бидејќи во речиси сите случаи може да се случи нешто дополнително и во тој случај одредени мерки и активности ќе треба да се менуваат. Целите на стратешкото планирање се однесуваат на зачувување на безбедноста на заштитеното лице и објектот, а заради подобра превенција се прават планови кои се конкретни.

При изработката на планот за обезбедување секогаш мора да се води сметка дека постојат главни и резервни планови. Планот секогаш треба да е максималистички, односно обезбедувањето да се планира со, колку што е можно, посилни мерки. Во суштина, се тргнува од планот за максимална безбедност, па потоа се коригира во зависност од: материјалните можности, постојните потреби, слободата на приватниот живот на клиентот, одвивањето на неговите редовни активности, но никогаш не се прилагодува до степен до кој тоа драстично би ја загрозило безбедноста на лицето и објектот.

[7] Димовски, Илијевски, Бабаноски - Заштита при терористички напади, Комора за приватно обезбедување, 2019 год

Планот мора да биде реално остварлив и, по можност, да е што поедноставен. Безбедносниот план треба да биде информативен, интегриран и повеќеслоен.

Бизнис-компаниите не можат да ги отстранат сите закани со кои можат да се соочат, па затоа треба да имаат план за да ги заштитат своите најценети средства и предвреме да планираат и да имаат подготвено соодветен одговор на можни поголеми инциденти и нарушувања на нивната безбедност и безбедно функционирање.

Безбедносното планирање не смее да се развива на произволен или ад хок начин, ниту да се развива единствено од претходните грешки и пропусти. За да биде ефективен, безбедносниот план мора да биде изграден врз основа на информации за скоро секој аспект од работните активности во сегашноста, но и во иднината. Безбедносниот план треба да биде целосно интегриран со секојдневните операции, синџирите на снабдување и рутините. Тој треба да биде „повеќеслоен" – каде секоја мерка е засилена од следната.

Структурата и концептот на планот се разликуваат од една до друга организација, но секој план треба генерално да се состои од следниве компоненти:

- Информации: процена на деловната активност и околината во која се работи – заканите, ризиците, опасностите, ранливостите, најценетите и најкритичните средства.
- Заштитна безбедност: мерки што штитат од идентификувани закани и ранливости.
- Планирање одговор: начинот на кој организацијата ќе реагира во случај на нарушување.
- Безбедносна култура: градење безбедносна свест низ целата организација.

Големите мултисекторски организации, покрај сеопфатниот план кој предвидува вообичаени активности и меѓузависности, може да креираат и одделни планови за секоја локација за да ги рефлектираат локалните структури и активности.

Безбедносниот план треба да биде работен документ, каде секој аспект постојано се ревидира и ажурира како одговор на организациските промени. За да биде секој план во чекор со предизвиците кои се појавуваат, тој мора да биде официјално во сопственост на член на персоналот кој може да ја преземе

одговорноста за надзор над аранжманите и кој има овластување да координира акции.

Во поголемите организации ваква улога може да му биде доделена на член на персоналот кој е дел од менаџментот на организацијата или кој директно е одговорен пред менаџментот, со поддршка од специјализиран тим. Во помалите организации тоа треба да биде некој со сличен статус и разбирање на бизнисот.

Кој и да управува со планот, треба да биде заинтересиран за секој аспект на бизнисот. Без оглед на големината на организацијата, клучно е планот да има целосна поддршка од високиот менаџмент и да постои добра комуникација во текот на целиот бизнис, особено кога одредени членови на персоналот носат делегирани одговорности. Во случај на инцидент, надлежноста на одговорните за координирање на одговорот мора да биде јасно разбрана од сите вработени.

Размената на совети и информации е важен дел од сите безбедносни планови. Мислењата на високиот менаџмент и вработените во целата организација се од суштинско значење. Но, исто толку значаен е и придонесите од оние кои се надвор од бизнисот, како што се службите за итни случаи, соседните бизниси и специјалистичките експерти (структурно инженерство, информатичка технологија и сл.).

Безбедносниот план содржи некои од најчувствителните информации што се достапни за бизнисот и затоа е важно да биде јасно кој има целосен пристап и како се дистрибуира.[8]

**Идентификување закани**

Некои деловни активности се „изложени на поголем ризик“ од другите заради услугите што ги пружаат, релативно високиот процент или бројот на луѓе на кои им се доделени. Организациите треба да го знаат опсегот на закани со кои се соочуваат, како директните, на кои цел им е бизнисот, така и индиректните, и тоа од релативно слабите, до катастрофалните закани.

Организациите треба постојано да проверуваат сè што е поврзано со нивното работење, околностите коишто можат да го

---

[8] Ibid

изложат персоналот или клучните средства директно под влијание од закани. На пример:

- Каква е природата на деловното работење или услугите што ги нуди?
- Дали има нешто на самото место што може да претставува важна цел, на пр. материјали, машини, средства, податоци, планови, техничка експертиза?
- Дали бизнисот е поврзан со високопрофесионална личност или со спорна област на работа?
- Дали организацијата видливо одржува високи стандарди за безбедност?

Накратко, колку е веројатно дека организацијата/компанијата или персоналот би можеле да бидат директна цел на претходно планиран напад?

Исто така, можеби постојат и индиректни влијанија што се резултат од напад на друго место – каде самата организација не била цел, туку се соочила со последиците.

На пример, дали деловните простории се наоѓаат во близина на некоја поважна зграда со висок ризик? Ако е така, какво влијание има тоа врз работењето доколку не може да се пристапи до целата површина за неколку дена? Дали персоналот ќе може да патува доколку локалната транспортна мрежа е сериозно нарушена? Дали информатичко-технолошките мрежи можат да реагираат на ненадејната појава на нов вирус или ранливост? Може ли некој инцидент во друг град или друга земја да предизвика значителни проблеми за снабдувачите, клиентите или врз испораката на основните материјали?

Другите социјални фактори исто така можат да ги зголемат заканите за организациите. Дали загриженоста за безбедноста на работното место го зголемува ризикот вработените да крадат или продаваат/оддаваат информации?

**Ранливости**

Кои области на организацијата/компанијата треба да бидат приоритет за заштита? Кога се одлучува што треба да се заштити, следниве категории мора да се имаат предвид:

- луѓе – персонал, посетители, изведувачи, клиенти;

- физички средства – згради, содржини, опрема и чувствителни материјали;
- информации – ИТ системи, системи за онлајн трансакции, електронски и хартиени податоци;
- процеси – синџири на снабдување, критични процедури, циклус на производство.

Потоа, на организациите им е потребен јасен консензус за оние средства што тие ги сметаат за вредни и за оние што ги сметаат за суштински. Највредни средства во организацијата се:

1. Средствата што организацијата има обврска да ги заштити: персоналот, клиентските услуги, системите за производство и сл.

2. Средствата со висока вредност за кои се потребни дополнителни или специфични безбедносни инвестиции.

3. Единствени средства кои, иако не мора да имаат висока монетарна вредност, би било тешко да се заменат.

Некои приоритети ќе бидат очигледни со веќе воспоставените планови и одредби. Но, би било погрешно да се претпоставува дека сè е идентификувано и соодветно обезбедено. Како што се променливи заканите, така и вредностите можат да се променат, со тоа што некои средства продолжуваат да бидат вредни за заштитата што им се дава, додека други, во смисла на безбедносни ресурси, можеби се потценети.

Највредните средства не мора да бидат најсуштински. Најсуштински се оние средства – опрема, информациски системи, транспорт и сл., кои се од витално значење за секојдневното одвивање на деловните активности, кои, доколку се изгубат или компромитираат, би можеле да имаат големи импликации за другите функционални делови на бизнисот.

Задачата за идентификација на средствата кои се најважни не треба да се заврши само преку дискусии меѓу раководството. Персоналот во целата организација треба да биде консултиран за тоа како привременото губење на нивниот оддел и услуги ќе влијаат на деловното функционирање. Иако целиот персонал ќе придонесе за нормално работење, не сите ќе бидат од суштинско значење за реализација на основните услуги.

Покрај заштитата на клучните средства, исто така треба да се утврди каде треба да се подобрат постојните безбедносни мерки. Ова

вклучува реална процена за тоа како се извршуваат тековните безбедносни мерки и дали тие остануваат соодветни или оставаат одредени деловни области на негативна изложеност. Поставените безбедносни мерки може сè уште да им одговараат на нивните спецификации, но едноставно да се надминати од организацијата.

Некои од прашањата кои се значајни и кои треба да ги постават организациите се:

- Дали постојат нови методи или технологии кои ќе ја подобрат постојната безбедност?
- Дали постојната безбедност е соодветна за каква било планирана деловна експанзија?
- Дали вработените одговорно ги користат мобилните уреди?
- Дали во сите области на организацијата се преземаат целосни проверки пред вработување?
- Дали има зголемена стапка на обрт на персоналот – се очекува ли да се зголеми?
- Дали персоналот би можел да преземе вредни податоци надвор од организацијата, без одобрение?

Планирањето на безбедноста зависи од реалните процени. Минатите неуспеси не треба да се тргаат на страна. Треба да се знае дали постоеле претходни нарушувања на безбедноста или евентуални „промашени“ нарушувања? Дали ова открива потенцијални прилики кога безбедносните и деловните процедури не функционирале, но притоа ништо не било направено за тоа?

Може да има и други причини зошто организацијата, или дел од неа, е ранлива, па групите или поединците би можеле да ги искористат. На пример:

- Дали интернет-страницата на организацијата дава премногу детали за функционирањето и работењето?
- Дали постои нешто кое ги открива инсталациите или услугите кои се витални за континуирано работење?
- Дали постои соодветно раздвојување на јавните површини и оперативните области?
- Дали услугите од надвор се во безбедни раце – кои се нивните безбедносни стандарди?
- Дали областите за испорака на стоки се изложени на одредени опасности?
- Дали постои соодветна контрола на тоа кој влегува?

- Дали безбедносните процедури за влез бараат да се вратат картичките за пристап и да се затворат корисничките сметки кога ќе заминат вработените?
- Дали некои надворешни субјекти уживаат привилегиран пристап до имотот или информациите во организацијата?

Општите постапки му се потребни на лицето кое обезбедува за да има целосна претстава за севкупноста на просторот и објектите кои се предмет на обезбедување, но и за соодветно познавање на опкружувањето заради соодветна реакција доколку соседен простор или објект е предмет на закана или итна ситуација.

Прашања при процена на ризиците и ранливоста кои треба да се разјаснат во однос на нашите капацитети се:

- Колку сме подготвени да одговориме?
- Треба ли да размислиме за можна реорганизација?
- Дали сме спремни да се справиме со голем број на докази?
- Дали сме ефективни во комуникацијата со медиумите и граѓаните?
- Дали сме фокусирани на одржување на довербата на граѓаните и како?
- Дали имаме таква цел во нашиот регион?
- Доколку постои, колку е заштитена?
- Дали оружје, експлозиви или хемиски материи се достапни во нашиот регион?
- Доколку е тоа случај, колку се добро заштитени?
- Дали оваа група постои во или околу регионот?
- Доколку е тоа случај, каде се? Како тоа го знаеме?
- Дали ова може да и се случи на нашата агенција?

**Процена на закани**

Матрицата за процена на заканите се базира на 4 фактори:

- Веројатност на пробив во обезбедувањето.
- Потенцијал од повреди или усмртувања.
- Степен на пореметување и последици во општеството.
- Други настани.

| Веројатност на пробив во обезбедувањето | Потенцијал од повреди или усмртувања | Степен на последици во општеството | Други настани |
|---|---|---|---|
| 0 – Невозможно; во основа, нема шанса да се случи | 0 – Нема можност; нема луѓе на тоа место | 0 – Никаков | 0 - Нема или ретки, без закани |
| 1 – Речиси невозможно; би можело да се случи само со помош од внатре, или со инфилтрирање | 1 – Мала можност; присутни се малку луѓе и само во одредено време | 1 – Минимален | 1 - Минимални или подалеку, нема закани во регионот |
| 2 – Малку веројатно; може да се изведе само со проектили или ракети со дострел | 2 – Одредена можност; има мал број луѓе цело време | 2 – Мал | 2 - Некои настани во други региони, оддалечени од нашиот |

1

| Веројатност на пробив во обезбедувањето | Потенцијал од повреди или усмртувања | Степен на последици во општеството | Други настани |
|---|---|---|---|
| 3- Можно; објектот се наоѓа на отворено, необезбедено место | 3-Релативно голема можност; постои можност од присуство на доста луѓе во одредено време | 3-Релативно голем | 3-Можни, примени се назнаки за одредени закани во блиските региони |
| 4 – Повеќе од можно; одредена изложеност; им се случило на други | 4 – Значителна можност; на ова место често се собираат многу луѓе | 4 – Значителен | 4 - Веројатни, добиени се многу закани за многу напади, глобално |
| 5 – Висока веројатност; можеби се случило преходно или не, но има знаци на предупредување и им се случило и на други | 5 – Огромна можност; голем број на луѓе обично се собираат на ова место | 5 – Страшен | 5 – Високо веројатно, многу глобални настани, закани, во и околу овој регион |

2

# Пример

| Локација | Пробив на безбедноста | Смртни случаи или повреди | Ефект на општеството | Ниво на закана | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Комуникациска кула | 3 | 0 | 2 | 0 | 5 |
| Градски аеродром | 4 | 4 | 3 | 2 | 13 |
| Водоснабдување/ брана | 3 | 1 | 4 | 0 | 8 |
| Трговски центар | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 |
| Воен арсенал/ депонија | 2 | 1 | 4 | 3 | 10 |

3

Пример на процена на ризици.

Прво, се одредуваат средствата:

- згради;
- камери;
- аларми;
- фото-идентификација;
- клучеви и електронски картички;
- пристап на персоналот;
- шифри за влез/ излез;
- прозорци;
- врати;
- близина на возила;
- осветлување;
- доводи;
- вкупна изложеност и отпорност на структурата на експлозии.

Второ: надворешни опременост и структури:

- огради и капии;
- камери;
- работници за приватно обезбедување;
- знаци;
- пристап за возила;
- патролни стражи;
- теренски сензори;
- бариери;
- ресурси во смисла на персонал;
- проверка на интегритетот:
- фото-идентификации;
- процедури за вработување и проверка на нивното минато;
- контрола на пристапот (политика во однос на овластувањата);
- политика за однесување за време и вон должност;
- комуникации;
- безбедност на телефонските комуникации;
- политика за надзор на телефонските комуникации;
- документи;
- телеком кули, врски, кабли.

Потрошен материјал:

- контрола на инвентарот;
- проверка на минатото на продавачите;
- достави;
- контрола на униформите на полицијата.

Подготовки за реакција во одредени простори:

- оружје, муниција и хемикалии;
- огради и капии;
- пристап (прозорци, врати, покриви и подови);
- камери, теренски сензори и осветление;
- транспорт;
- патишта, мостови, тунели, подземни и надземни премини;
- подземна железница, лесна железница и тролејбуси;
- автобуси, возови, пруги, такси;
- аеродроми (патници, товар, паркирање, пристап на возила);
- опасни материи;
- компјутерски системи;
- пристап до и контрола на податоци;
- лозинки;
- заштита преку блокови и заштита од вируси;
- надзор;
- финансиски институции;
- патрола на границите;
- проверка на интегритетот;
- огради, капии;
- камери, светла, знаци.

Управување во интервентни состојби:

- план за одговор;
- практични вежби;
- одговор на хемиски и био хазарди.

Резервни системи за одржување:

- генератори (за струја);
- достава на вода и струја;
- комуникации;
- компјутерски податоци;

- обука на персоналот;
- безбедносни мерки за периметарот;
- возење во рутински и интервентни околности;
- обука за огнено оружје;
- спречување и откривање на криминал;
- опрема;
- етика;
- интервентна нега и третман;
- раководење/ лидерство и развој на организацијата;
- пишување на извештаи.

Ресурси:

- опрема за испитување на местото на настанот;
- апарати за опасни материи;
- возила;
- средства за ноќно гледање;
- униформи.

Збирни места за граѓаните:

- трговски центри;
- ресторани и продавници;
- верски центри;
- музички фестивали;
- туристички атракции.

Развој на планови:

- ефективен стратегиски и оперативен план;
- усогласување на задачите и одговорностите на персоналот;
- подсерија на планови за тактички одговор;
- ефикасни комуникации;
- листа за известување.

**Посебни постапки за реагирање на терористичко дејствување**

Посебните постапки ќе бидат опишани преку повеќе посебни ситуации кои се разликуваат според предметот на загрозување, средствата на загрозување, субјектите кои загрозуваат, како и претпоставените последици.

Во овој дел ќе бидат опишани постапки на дејствување во ситуации кога имаме дојава за поставена експлозивна направа во објект кој се обезбедува, сомневање дека е оставена експлозивна направа во објект или на отворен простор кој се обезбедува, оставен багаж, торба, ранец на места кои се обезбедуваат, автомобил бомба, сомнително лице (можен самоубиец), заложничка ситуација, сомнеж за употребено биолошко, хемиско, радиолошко или нуклеарно средство за уништување и контаминирање на луѓе, животни или животниот простор.

**Поставена или оставена експлозивна направа или бомба**

Одредени лица, самоиницијативно или во најголем дел како реализатори и спроведувачи на идеите и целите на терористичките организации, пред или најчесто по поставување на експлозивна направа во одреден објект или на отворен простор каде ќе има некој настан со присуство на поголем број луѓе, дојавуваат дека е поставена експлозивна направа или бомба. Меѓутоа, не е помал е бројот и на случаите кога сакајќи да постигнат одреден ефект на заплашување, одлагање на собири, одлагање на активности во училишта, спортски центри и слично, одредени лица лажно пријавуваат настан за наводна поставеност на некое експлозивно средство и нормално очекуваат реакција од соодветните служби за спроведување на законите, но и од агенциите за приватно обезбедување доколку објектите се обезбедуваат од нив. Во вакви ситуации секогаш се поставува хипотетичко прашање: Што ако..? Што ако има лажна дојава, што ако реална закана постои, што ако експлодира средството, а ние не сме пристапиле кон преземање на мерки и дејствија на откривање на средството, санација на објектите, евакуација на луѓето и добрата и сл.

Согласно меѓународните документи и практиката која се пренесува како вредно искуство од други држави и служби во сите ситуации кога има дојава за поставена експлозивна или друг вид направа, која по природата на сопственото дејствување би го загрозила нормалното живеење на граѓаните со можност од загрозување и губење на човечки животи како и контаминација и загрозување на животните и средината, службите кои ја добиле дојавата мора веднаш да пристапат кон преземање на соодветни мерки на процена на заканата, пристапување кон утврдување на автентичноста на дојавата во смисла на создавање на можности од пронаоѓање и безбедно отстранување на заканата, процена од ризикот

кој може да настане, ранливоста на објектот, како и преземање на чекори, во координација со другите служби и органи на заштита и евакуација.

Лицата кои пријавуваат поставување на експлозивни направи во досегашната практика на нашиве простори, дојавуваат преку телефон, најчесто од јавна говорница или со користење на картичка од друго лице на (украдена или изгубена картичката), или преку пошта или лична достава на таен начин во поштенско сандаче.

Во услови кога дојавата се реализира преку телефон, во најголем број случаи пријавувањето оди преку агенциите за приватно обезбедување, преку новинарски куќи, преку служби кои се од сферата на безбедноста, но не се директно вклучени во обезбедувањето на објекти или имот. Зошто пријавуваат таму? Тие се свесни дека полициските служби постепено се осовременуваат и имаат системи за идентификација на број, за снимање на разговори, за лоцирање на повици, како и обука на кадрите кои се непосредно ангажирани како примачи на повикот (центар за обезбедување и надзор, служби за комуникации). Обуките се реализираат во функција на преземање на неопходни мерки веднаш по потврдувањето дека разговорот се однесува на пренесување на порака – закана за поставено експлозивно средство. Ваквите обуки и укажувања треба да се реализираат и со повеќе јавни сервиси, но задолжително и со дежурните центри на агенциите за приватно обезбедување. На тој начин лицето кое ќе биде ангажирано, а ќе ја прима пораката, ќе може да постапува во функција на утврдување на одредени специфики на пријавувачот и на околината од каде што пријавува.

**Процедури при закани од бомби**

**Основните прашања кои треба да се одговорат се:**

- кога е примена закана за бомба;
- прашања коишто треба да се постават;
- моментална акција што треба да се направи откако е примена заканата;
- барање насоки.

Заради оставање на соодветна трага од документираниот повик со закана за поставена експлозивна направа потребно е да се пополни Образецот 1.

| | |
|---|---|
| Име на лицето од персоналот што ја добило информацијата/ број на кој е повикано | |
| Време на разговорот/ времетраење на разговорот | |
| Содржина на информацијата од пријавувачот | |
| Специфичности/карактеристики на пријавувачот | |
| Коментари/ причини за пријавувањето | |
| Карактеристики на комуникацијата/ забележани одредени профилирачки елементи | |
| Резултати од разговорот и процена на заканата | |
| Кому е пренесена добиената порака/ закана | |
| Преземени активности | |

Кога се прима дојавата примачот треба да постапи според наведеното:

- да се задржи пријавувачот што подолго на линија;
- да се настојува да даде што повеќе податоци за експлозивната направа;
- да пренесе повеќе информации за објектот, па и местото каде е поставена експлозивната направа;
- да се осознае кој е мотивот и целта на поставувањето на направата;
- кому е наменета истата;
- колку е опасна;
- од што е составена експлозивната направа;

- како ќе биде активирана (со далечински управувач, со сензор, на отворање-затворање, со живин прекинувач и сл.);
- како е внесена во објектот;
- дали има помошници во објектот или надвор од него;
- од која организација е;
- која порака сака да се пренесе.

Во прилог е претставен шаблон на потребни информации кои треба да се добијат преку разговорот со пријавувачот.

| |
|---|
| ТЕЛЕФОНСКИ ЗАКАНИ |
| НЕ СПУШТАЈТЕ ЈА СЛУШАЛКАТА! ОСТАНЕТЕ СМИРЕНИ! РАЗБЕРЕТЕ ГО СЕРИОЗНО ПОВИКОТ! |
| |
| Одредете лице кое додека вие разговарате ќе ги повика службите за итна реакција (МВР, противпожарна служба, брза помош). |
| |
| ЗАКАНА ОД БОМБА |
| ПРАШАЊА КОИ БИ ТРЕБАЛО ДА МУ СЕ ПОСТАВАТ НА ПРИЈАВУВАЧОТ: |
| Кога ќе експлодира бомбата? |
| Каде е поставена бомбата (објект, место, што има во околина, во што е сокриена)? |
| Како изгледа поставената експлозивна направа-бомба (опис)? |
| Каков вид на бомба е? |
| Што ќе предизвика ако експлодира (јачина и додатоци за зголемување на огнострелниот ефект)? |
| Кој ја постави експлозивната направа? (Доколку е тој, се продолжува со прашања за самата направа и местото на поставување). |
| Зошто ја поставивте бомбата? Што сакате да постигнете? |
| |

| ТОНАЛИТЕТ НА ПОВИКУВАЧОТ: |
|---|
| |
| - СПОКОЕН |
| - НОРМАЛЕН ТОНАЛИТЕТ |
| - СЕ СМЕЕ |
| - ИСКАЖУВА ЛУТИНА |
| - ИСПЛАШЕН |
| - ВОЗБУДЕН |
| - БЕСЕН |
| - СПЕЦИФИЧЕН- НЕОДРЕДЕН |
| Висина на гласот: |
| ДЛАБОК |
| МЕК |
| ПИСКАВ |
| НАЖАЛЕН |
| БЕСЕН |
| НАЗАЛЕН |
| ЗАБРЕВТАН – ЗАДИШАН |
| Начин на пријавување: |
| БРЗО |
| ПОПОЛЕКА |
| СО ПРЕКИНИ |
| ГОВОРЛИВ |
| ТЕЧЕН ГОВОР |
| ПЕЛТЕЧЕЊЕ |
| АКЦЕНТ |
| СЛЕНГ |

| |
|---|
| СПЕЦИФИКИ ВО ИЗРАЗУВАЊЕТО - РЕГИОНАЛНИ ИЗГОВОРИ |
| АКЦЕНТИРАЊЕ |
| ВОКАЛИ НА ИЗРАЗУВАЊЕ |
| |
| Звуци (шумови) во позадина: |
| улична бука |
| Фабрика |
| Машини |
| гласови (врева) |
| врева од животни |
| јасно (разбирливо) од мирно место |
| одбивање на звукот од тесен простор |
| домашна врева |
| Музика |
| звуци од возила (брзо возење, споро возење, сирени) |
| звуци од јавна говорница |
| јавување од канцеларија |
| друго |
| |
| ПРАШАЊА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТАВАТ: |
| - КОЈ ПРИЈАВУВА |
| - АДРЕСА |
| - ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА КОМУНИКАЦИЈА |
| - ЗОШТО ПРИЈАВУВА |
| - ШТО ВИДЕЛ, СЛУШНАЛ, КАКО СЕ ОДНЕСУВАЛ |
| |
| Јазик на кој е упатена закaната: |

| |
|---|
| македонски јазик |
| јазици на друга националност |
| странски јазик (кој) |
| течна порака |
| Прекинувачка |
| прочитана порака |
| простачки говор со закани и вулгарности |
| неповрзан говор |
| Нерационален |
| други забелешки |
| |
| Други карактеристики на пријавувачот: |
| Пол |
| Националност |
| Возраст |
| процена на можноста за натамошна комуникација |
| |
| НАСОЧЕНОСТ НА ЗАКАНАТА: |
| кому е наменета заканата |
| кој треба да се повреди |
| што очекува заканувачот |
| |
| ПОВИКОТ ВЕДНАШ Е ПРИЈАВЕН НА: ______________________________________ (се наведува децидно по име, презиме, функција, време и дадени насоки) |
| |
| Датум и време Име и презиме на примачот |
| |

За време на комуникацијата (пријавување од страна на пријавувачот за поставена експлозивна направа (бомба) може да настанат одредени пречки во комуникацијата како:

- слаба или неисправна опрема;
- несоодветна обука на персоналот;
- вештини за писменост;
- потешкотии во говорот;
- акценти;
- користење на жаргон;
- сленг;
- нервоза или вознемиреност;
- неправилно пријавување на информации на соодветните страни;
- самозадоволство;
- претпоставка дека информацијата била пренесена од страна на други;
- не се користи правилна интерпретација;
- неправилна идентификација на карактеристики/звуци во околината на пријавувачот;
- прикривање на звукот како елемент на неразбирање на пораката во целост;
- изменување на гласовите како елемент на неразбирање на пораката во целост.

Во функција на разбирање на мотивите на пријавувачот, од една страна, и потребата да се добијат што повеќе информации кои можат да се добијат со добро инсцениран пристап и постапување, во овој дел ќе дадеме видување на одредени карактеристики на личноста на луѓето. Ќе разгледаме од кои причини луѓето слободно зборуваат, а таквата природа ни помага за извлекување информации како разузнавачка техника, при што се користат неколку основни аспекти на човечката природа:

- Повеќето од нас сакаат да се љубезни и корисни, затоа одговараме дури и на прашања на непознати лица.
- Сакаме да делуваме како добро информирани за нашата работа и затоа може да паднеме во искушение да кажеме повеќе отколку што треба.

- Сакаме да нè ценат и да мислат дека работиме нешто значајно и полезно. Како резултат на тоа, често зборуваме подетално за да се пофалиме за вредноста или важноста на нашата работа.
- Ако сме отворени и чесни луѓе, често сме неволни да задржиме информации, да лажеме или да се посомневаме во мотивите на други лица.

Извлекувањето информации е ефикасна тајна алатка. Тоа може да користи бројни човечки слабости:

- Уживање, а понекогаш и неодоливост да се озборува. Ако испитувачот може да воспостави однос на заемна доверба, има многумина кои едвај ќе дочекаат да му ги кажат најновите озборувања.
- Потреба за признание. Осамените, запоставените, суетните, огорчените и оние со комплекс на помала вредност се лесно приемливи на кој било што им се додворува и прави тие да се чувствуваат важни. Тактичкото додворување одврзува многу јазици.
- Навиката да се советува, поучува, коригира, потврдува, предизвикува, спротивставува. Професори, научници, директори, шефови и други лица може понекогаш да бидат испровоцирани со намерно изнесување на погрешни информации од нивната област, или сомнеж во нивните изјави.
- Кога лице е емоционално засегнато, постои тенденција да биде индискретно. Провоцирање на некои субјекти (на пример со сомнеж во нивната стручност) може да даде интересни информации, кои поинаку не би биле достапни.

**Техники кои се користат за извлекување информации (преку средства за комуникација или непосредно)**

- Ако испитувачот бара потврда за одредена информација, тој може да го изнесе тоа како факт за да испровоцира потврда или негирање. („Никој во овој град не може да направи добар фалсификат на виза!“, или повикување на напис во весник што не може да се провери, книга на чиј наслов не може да се сетите или на друг таков информатор.).
- За да тече разговорот, делумно не се согласувајте со фактите или мислењата на субјектот; не целосно несогласување, бидејќи тоа често може да го прекине разговорот; не и целосно согласување, бидејќи тоа може да го исцрпи разговорот.

- Слободно додворувајте се, но со мерка. Разговарајте со субјектот како тој или таа да е стручњак за темата на која се дискутира, дури и ако тоа очигледно не е така. Третирајте го субјектот како рамен на себе. Фалете го субјектот или неговото/нејзиното семејство, земја или професија кога тоа убедливо може да го сторите. Но, се разбира, не претерувајте.
- Споделете доверливи нешта со субјектот: (на пример „Ќе ти кажам нешто во доверба ако и ти ми кажеш нешто“).
- Направете посредни или делумни забелешки за струката на субјектот, со надеж дека тоа ќе предизвика детално излагање. Од овие забелешки субјектот може исто така да претпостави дека испитувачот знае повеќе за темата отколку што тоа е навистина така; на овој начин испитувачот би можел да го наведе субјектот да открие повеќе отколку на друг начин. Испитувачот би можел исто така да ги даде своите коментари на начин што всушност наговестува дека тој знае многу повеќе за темата и на тој начин да го наведе субјектот да мисли дека нема ништо лошо во тоа да зборува за нешто што веќе е познато.
- Употребете слични или споредбени ситуации, на пример насочете го разговорот на ситуација блиска до темата што ве интересира во надеж дека субјектот ќе го направи преминот на темата што навистина ве интересира.
- Употребете негативен пристап, како што е изјава дека никој овде веројатно не би можел да знае ништо за тоа, што би можело да го наведе субјектот да ја покаже својата стручност.
- Бидете скептични. Изразете недоверба дека таква ситуација (факт, став) може да постои и побарајте доказ. Субјектот би можел да даде информации за да го оправда својот став или тврдење.
- Молчењето е добра техника за да се натера некој да зборува. Често откако разговорот ќе започне течно да се одвива, испитувачот може да престане да зборува и субјектот ќе почувствува потреба да го прекине молчењето и ќе започне тој да зборува. Бидете подготвени повторно да започнете да зборувате ако субјектот ја сфати паузата како знак дека разговорот е завршен.
- Избегнувајте расправии: единствен начин да имате полза од расправија е да ја избегнувате.
- Покажете почит: никогаш не кажувајте „Вие грешите“. Дури и ако испитувачот целосно не се сложува со субјектот,

испитувачот треба да се обиде субјектот да мисли дека тој го разбира неговото гледиште. Ако не сте во право, признајте веднаш и недвосмислено. Обидете се навистина да ги согледате работите од гледна точка на другото лице. Имајте разбирање за идеите и желбите на другото лице.

**Знаци за лоши техники на извлекување информации**

Ако не постапуваме разумно и лошата техника на извлекување информации го алармира лицето, давач на информации, дека се врши извлекување информации, особено од чувствителна или лична природа, може да дојде до една или до неколку од следниве реакции:

- Субјектот може наеднаш, или под некој изговор, да го прекине разговорот.
- Лицето може да му каже на испитувачот дека „бараните информации не се негова работа“.
- Лицето може да ја смени улогата со испитувачот и да постави зајадливи и директни прашања во обид да ја дознае причината за прашањата и за кого работи испитувачот. Или, субјектот може вешто да употреби контраизвлекување на информации за да се обиде да ги дознае мотивите на испитувачот.
- Лицето може да ги избегнува прашањата на испитувачот со менување на темата, или со давање на нејасни и двосмислени одговори, така што испитувачот нема да добие информации со вистинска вредност.
- Лицето може да ја насети вистинската цел на испитувачот (или однапред да знае за неговата/нејзината поврзаност со разузнавањето) и да му даде на испитувачот лажен материјал.
- Лицето нема да се сретне со испитувачот или ќе даде неубедливи изговори.

Извлекувањето информации може да биде многу драгоцена разузнавачка алатка, доколку тоа го прави вистински стручњак. Извлекувањето информации може да се употреби за да се добијат многу вредни и опсежни информации што не е возможно на повеќето други начини. Меѓутоа, постои едно кардинално правило за сите извлекувања на информации кое, ако се прекрши, ќе значи неуспех на обидот на извлекување информации, недостаток на посакуваните информации и веројатно загуба на иден пристап до субјектот од којшто може да се добијат саканите информации. Ова кардинално правило за извлекување информации е едноставно: испитувачот

никогаш не смее да побуди сомнеж дека неговата љубопитност е поттикната од што било друго освен од случаен или личен интерес. Со други зборови, испитувачот не смее никогаш да изгледа „како да е во лов на информации“.

**Личности и карактери**

На почетокот е малку веројатно дека субјектот слободно и отворено ќе разговара со испитувачот, особено ако испитувачот е некој „аутсајдер“. Субјектот може да се обиде контактот со некој аутсајдер да го сведе на професионална основа. Многу зависи од средината чијшто дел е субјектот. Но, во сите средини, малкумина зборуваат слободно за својата животна историја или свесно откриваат лични особини некому, особено не на непознат којшто го среќаваат прв или втор пат. Обично, испитувачот мора да развие блиска врска со субјектот. Фактот што субјектот е воопшто во контакт со испитувачот покажува барем малку подготвеност или љубопитност од страна на субјектот да разговара со испитувачот и треба да му дозволи на испитувачот да најде една или повеќе области од заеднички интерес. Ова, за возврат, може евентуално да создаде можност да се набљудува и извести за личноста и карактерот на субјектот. Ова ќе овозможи поточна процена на субјектот како личност. Таквите информации ќе овозможат увид во силните страни, слабостите, мотивацијата на субјектот, како и оперативна процена на субјектот.

Проблемот да се најде соодветна тема која лесно ќе ги открие чувствата, личноста и карактерот секако ќе варира за секое лице. До степен до кој дискрецијата тоа го дозволува, која било од овие теми би можела полезно да биде употребена во разговор и извлекување информации:

- Осврт на социјално културни прашања; на пример, литература, музика, спорт, храна, уметност или обичаи.
- Однос кон брачниот другар и децата; амбиции и надежи за секој поодделно.
- Лични аспирации, професионални, интелектуални и економски.
- Мислења за одредени домашни и странски научни и технички достигања (може Исток наспроти Запад).

- Осврт на политичка и економска ситуација во други земји (интервенција од Западот, демократија во земјите во развој итн.).
- Религиски погледи; емоционални реакции и приврзаности; толкувања на тековни настани.
- Однос на субјектот кон работата или работното место и кон другите на повисоки или пониски работни места (бидете особено внимателен за какви било индикации на незадоволство или неодобрување).
- Дискутирајте за популарни филмови кои содржат морални прашања за да видите кои се неговите мислења и чувства.

Без информации за личноста и карактерот на субјектот, ќе биде тешко да се одреди расположението на субјектот, или други испитувачи (или раководители) да се подготват за тоа што ги очекува. Следново се примери за особини во однесување на субјектот кои треба да се опсервираат:

а. *Навики и особини*

- Општ степен на активност – пасивен, нервозен, брз или спор соговорник.
- Начин на облекување – конвенционален или уникатен за културата; соодветен или несоодветен за ситуцијата која е опсервирана.
- Знаци за напнатост – удирање со прсти, гризење нокти, постојано движење, чешање, мрдање на објекти.
- Пушење – зачестеност и начин.
- Пиење – количина, начин и што сака да пие.
- Јадење – количина, начин, што сака и што не сака да јаде.
- Вулгарности – зачестеност, ситуација, злобно, умерено или вешто.

б. *Интерперсонално однесување*

- Односот на субјектот кон други лица – природен, пријатен, учтив, топол, срамежлив, пасивен, одмерен, агресивен, арогантен. Дали субјектот се насмевнува или обично е сериозен.
- Сталоженост на субјектот, зрелост, неговите процени и увереност.
- Дали е пријателски расположен или се држи резервирано.

Личноста и навиките во однесувањето што беа горе споменати треба да ги има во извештајот од откривање и последователните извештаи од пријава за поставена експлозивна направа, доколку може да се проценат некои елементи.

Основниот мотив за извршување на посебен разговор, во тој склоп задржување и мотивирање на пријавувачот за подолг разговор е добивање на што повеќе релевантни податоци за пријавувачот и неговата улога во настанот. Ако се работи за лице поставувач на направата, претпоставка е дека ќе биде краток, јасен и дециден за извршување на својот дел од активноста, а тоа е заплашувањето. Се поставува логичко прашање зошто некој би пријавувал, а сака да постигне одреден ефект. Тоа е во блиска констелација со карактеристиките на личноста на луѓето, нивната желба за промоција на идеи, заплашување, истакнување на својата улога и улогата на терористичката организација во општествените текови, настојувањата преку ваквиот начин да ги мобилизира силите и да се потрошат што повеќе средства од соодветната држава. Исто така, желбата за лична промоција, задоволување на сопственото его, но и покажување храброст пред „соборците“ е еден од можните мотиви.

На каков било начин да е извршено пријавувањето, од моментот на примањето на заканата (информацијата) за поставена експлозивна направа или бомба, службата (агенцијата) мора брзо, согласно плановите за брзо реагирање, да ги мобилизира своите ресурси и да се пристапи кон потврдување на пријавата, пронаоѓање на експлозивната направа, нејзино уништување (оневозможување), што побрзо санирање на состојбите, евакуирање на присутните лица, одредување на соодветен периметар и информирање и работење на терен заедно со службите за реагирање во вонредни ситуации.

По примената дојава потребно е да се информираат службите на МВР (а тие во рамки на нивните надлежности АНБ, АР, Секторот за антитероризам, Противпожарната служба, Брзата помош, Јавното обвинителство и сл.) и до нивно доаѓање на терен мора да се преземат соодветни мерки за заштита на луѓето, објектите и севкупната инфраструктура.

**Фази за остварување на безбедност на лицата и објектите кои се обезбедуваат**

Во безбедносниот план треба да се предвидат повеќе постапки во ситуации кои се опишани овде. Планот е специфичен и ги зема

предвид посебните политички, економски, географски и други околности на односниот објект кој се обезбедува. Има пет фази на постапување после добиена дојава за поставена или оставена експлозивна направа/ бомба, заради остварување на безбедност на луѓето кои се обезбедуваат, како и нивниот имот и тие ќе бидат изложени, а покрај безбедноста на сопствениците/вработените во објектот потребно е да се земе предвид  и безбедноста на лицата кои обезбедуваат, другиот присутен персонал или присутни гости, соседните објекти и лица, како и на севкупната општествена безбедносна ситуација. Петте фази се:

- Прва фаза – мерки на претпазливост.
- Втора фаза – ограничено движење.
- Трета фаза – преместување.
- Четврта фаза – операции за итни случаи.
- Петта фаза – евакуација.

Фазите може да се спроведат по хронолошки редослед или како што налага ситуацијата (на пр. во ситуација што брзо се развива, втората фаза – ограничено движење може да биде почетна фаза).

а) Прва фаза – мерки на претпазливост

Лицето кое обезбедува, по правило, прво ја забележува настанатата кризна ситуација или закана (поставена експлозивна направа, присуство на неповикани лица со оружје) може да повика и побара од дежурната служба да прогласат фаза на претпазливост за предупредување на членовите на персоналот дека безбедносната состојба во објектот или просторот кој е предмет на обезбедување или во дел од него, е таква што мора да се внимава, и тие треба да подготвуваат екипа која ќе презема активности како што е наведено во плановите за кризни и вонредни ситуации.

По известувањето на дежурниот оперативен центар, истиот ги информира сите оние кои стојат во плановите за да може да се дејствува брзо и ефикасно. Во рамки на плановите за дејствување во вакви ситуации потребно е да се дефинира формирање на тим за управување со вонредната состојба. Лицето од дежурниот оперативен центар, веднаш по добивање на информацијата за настанатата ситуација која претставува ризик и закана по објектот или лицата кои се предмет на обезбедување, независно дали дејствието е веќе случено (извршен терористички акт) или постои закана (дојава за

поставена експлозивна направа, заложничка ситуација) потребно е за да ги преземе следниве дејствија:

- ја известува полицијата на дежурниот број 192 и ги информира за настанот;
- дава насоки и се осигурува дека мерките во однос на заштита и законито постапување во вакви ситуации од страна на сопствениот персонал се спроведуваат;
- ги повикува сите служби на терен кои се патролно обезбедување да се упатат на местото на случување;
- остварува преглед и, по потреба, ад хок ажурирање на безбедносниот план;
- ги информира лицата кои според безбедносните планови треба да бидат информирани и брифирани за настанот и, по потреба, бара да им се помогне на сопствените работници на терен;
- одржува редовен контакт со сопствените кадри на теренот;
- ги информира другите, служби како медицински служби за состојби кои се итни на самото место на случување.

б) Втора фаза – ограничено движење

Ограничено движење ќе биде прогласено за да означи дека ситуацијата наложува многу повисоко ниво на свесност и подготвеност отколку фазата на претпазливост и да наметнат поголеми ограничувања на движењето на сопствените вработени или на лицата кои се обезбедуваат.

Сепак, спроведувањето на Фазата два треба да се користи како преодна мерка.

По известувањето се преземаат следниве активности:

- се следи активноста на сите присутни и како се спроведува ограничувањето на движењето;
- се одредува соодветен периметар (безбедно растојание) за сите присутни.

в) Трета фаза – преместување

Овластувањето од страна на претпоставените лица согласно Планот за итни и вонредни ситуации, за преземање на дејствија согласно фаза три му овозможува на тимот за управување со безбедност да иницира имплементација на кое било или сите следни дејства:

- концентрација на сите присутни во објектот;
- преместување по безбедна рута надвор од објектите;
- ангажирање на лицата од обезбедувањето како координатори и редари во областа, доколку е потребно за понатамошните чекори.

г) Четврта фаза – операции за итни случаи

- извлекување на изнемоштени и болни;
- давање прва помош на исплашени, вознемирени;
- заштита од евентуален првичен напад со други средства пред да се пристапи кон пребарување на просторот и објектите за пронаоѓање на експлозивна направа.

д) Петта фаза – евакуација

- известување и консултации со одговорните или сопствениците на објектите за преземање на евакуација;
- добивање на одобрение од назначениот во плановите за итни случаи;
- обезбедување на целосна реализација на мерката и безбедно извлекување на добра и лица.

**Постапки за пронаоѓање на поставена направа**

Во функција на пронаоѓање на поставена експлозивна направа, оставена патна торба, ранец или друг сомнителен предмет, задолжително се врши пребарување/ претресување на лица, објекти или отворен простор за идентификација и потврдување или негирање на точноста на дојавата за поставена или оставена експлозивна направа. Поради можноста за нејзино камуфлирање во објектите или сокривање на тајни места пребарувањето/претресувањето мора да се реализира доследно согласно одредени принципи кои произлегуваат од практицирање на претресување на објекти или лица. Можноста за поставување на повеќе експлозивни направи поставени поединечно или поврзани сериски секогаш е реална. Пребарувањето во функција на пронаоѓање на поставена, монтирана експлозивна направа ќе го разработуваме под називот претресување затоа што самиот чин на пребарување, со оглед дека треба да биде сеопфатен, опфаќа реализација на претресување на сите делови од просторот кој е посочен од пријавувачот на дојавата за поставена ескплозивна направа.

Експлозивните направи може да бидат сместени насекаде. Тие можат да бидат сместени во заеднички надворешни објекти и површини како: канти за ѓубре, контејнери, поштенски сандачиња, грмушки, магацински простор и паркирани возила. Можат да бидат сместени и во внатрешноста на згради во: дневни, гостински и спални соби, тоалети, канти за отпадоци, жардинери, внатре во бироата или во контејнери за складирање, лажни тавани, шкафови, области скриени зад завеси, позади слики, под скали, неодамна поправени или скорешни ѕидови, подови или тавани .

Претресувањето претставува пребарување на конкретно определено место во случаите кога постои веројатност на ниво на основи на сомневање дека таму ќе се пронајдат и ќе се деактивираат експлозивни направи – бомби или други експлозивни средства за кои веќе имаме дојава за нивно поставување. Такви места можат да бидат: куќи, станови, згради, деловни или помошни објекти, автомобили или кои било други превозни средства, делови од отворен простор (нива, шума и друго) итн.

Подготвувањето на претресувањето ги опфаќа следниве елементи:

- проучување на објектот;
- проучување на лицата сопственици или присутни во објектот;
- определување на објектите на претресување;
- определување на местото на претресување;
- определување на времето на претресување;
- определување на лицата што ќе го вршат претресувањето;
- набавка на потребни технички средства;
- составување план за претресување.

**Набавка на потребни технички средства**

Подготовките за претресување подразбираат и навремена набавка на технички средства и опрема потребни за барање на скриени објекти на претресување.

Станува збор за употреба на следниов разновиден технички и друг прибор:

- прибор за осветлување заради подобрување на условите за набљудување (батериски ламби, фенери, рефлектори и др.);

- алат за механичко барање скриени предмети (долги игли за пребарување во земјиште или во меки делови од мебел, дрвен чекан за откривање шуплини и др.);
- прибор за насилно отворање врати (чекан, клешти, калауз и др.);
- прибор за означување и пакување на пронајдените предмети (картон, обвивка, плик, вреќа, кеса, конец, молив и др.);
- прибор за фиксирање и документирање на откриените објекти при претресување (фотоапарат, видеокамера, формулари од записници за претресување, формулари од потврди за одземање предмети, прибор за пишување и др.);
- прибор за откривање скриени објекти при претресување (детектори за откривање метални предмети, детектори за откривање трупови во распаѓање, детектори за откривање експлозив и др.);
- прибор и хемиски реагенси за брзо откривање биолошки траги или дрога;
- работна облека (чизми, ракавици, гас-маска и др.).

**Планирање на пребарувањето/претресувањето**

Доколку според сите криминалистички правила се разработени претходно наведените осум елементи што спаѓаат во подготвителната фаза на пребарувањето/претресувањето, преостанува да се обмисли и да се испланира завршниот чин на претресувањето. Практиката покажува дека мошне ретко се составува писмен план за претресување. За релативно поедноставните случаи на претресување, односно за случаите што не трпат одлагање, доволна е само мисловна проекција за моделот на претресување без составување писмен план. Во литературата се смета дека при планирањето на претресувањето, всушност, се бара одговор на следниве шест прашања:

1) Што да се бара?
2) Кај кого треба да се бара?
3) Кога треба да се бара?
4) Како е најкорисно да се бара?
5) Каде треба да се бара?
6) Со каква опрема и со колку службеници треба да се бара?

**Тактика на пребарување/претресување (општи правила)**

Тактиката на пребарувањето/претресување се потпира на определени општи правила. Овие правила, всушност, претставуваат патокази за постапување на пребарувачите на местото каде што се претресува. По некое од ваквите глобални тактички правила (кои што подолу во текстов ги наведуваме во општи црти) се постапува според принципот на индивидуалност, односно зависно од специфичностите на секој вид претресување.

**Пребарување на згради и на соби**

Пребарувањето треба да биде систематско и брзо. Тимот за пребарување е составен од две или повеќе личности, и се смета дека вклучувањето на луѓето кои најмногу се запознаени со зградата или просторот е најефикасен и ефективен метод.

Како да барате:

- Да се направи редослед на пребарувањето/претресувањето. Да се оди од најверојатното кон помалку веројатното.
- Да се слушаат сомнителни или необични звуци откако ќе се влезе во објектот, позадинска врева може да ги маскира звуците како темпирање и зуење.
- Да не се користат рачно радио или мобилни телефони за комуникација во далечина од 50 метри од сомнителниот предмет или област која не е соодветно претражена и очистена.
- Пред да се влезе во собите и за време на пребарувањето да се провери дали има жици и можни индикатори за направи чувствителни на притисок.
- Да се бара систематично и по одреден редослед.

Во стан (или во други затворени простории) пребарувачите влегуваат на еден од следниве начини, во ситуации кога се претпоставува дека и некој терорист престојува во објектот кој се пребарува:

- Ѕвонат или чукаат на врата, се засолнуваат од десната или од левата страна на вратата и потоа го повикуваат сопственикот или лицето што се наоѓа внатре да отвори.
- Прикриено, со користење разни лукавства (сопственикот на станот смета дека се појавил: поштар, инкасатор, електричар, водоинсталатер, домар, сосед итн., така што ја отвора вратата и се наоѓа затечен од групата за претрес што молскавично упаѓа).

- Со употреба на калауз или други механички средства за насилно влегување.
- Со наведување на соучесник да се појави на вратата на лицето кое престојува во станот за потоа да упадне групата за претрес.
- Со употреба на специјално обучени полициски сили за брзо распоредување, доколку станува збор за претресување на места каде што се очекува оружен или друг отпор.

За успешно реализирање на задачите добро би било доколку лицата од екипата за прабарување-претресување се распоредат во две подгрупи: 1) подгрупа за набљудување и 2) подгрупа за претресување[9].

Едната подгрупа ќе набљудува, односно ќе се грижи за безбедно одвивање на претресот и ќе внимава на лицата кои се затекнати, кои треба да се сместат во една просторија и да се задржат до крајот на претресувањето, без да им се даде можност да се договараат или телефонски да разговараат; да се идентификуваат; да се надгледуваат за да се спречи тајно договарање или уништување материјални докази; и барем површно да се претресат заради евентуално откривање оружје или други средства за посегнување по сопствениот или по туѓи животи.

Доколку во меѓувреме, по започнувањето на претресувањето, дојдат неповикани лица, и тие се задржуваат додека не се спроведе дејствието. Им се дозволува да си заминат само на лица што дошле по друга службена работа (лекар, медицинска сестра и др.), меѓутоа, претходно се утврдува нивниот идентитет, се проверуваат причините за доаѓањето и се предупредуваат никому да не му кажуваат дека е вршено пребарување (претресување).

По можност, од просториите каде што се претресува се отстрануваат децата. Доколку во тие случаи задолжените за пребарување основано претпоставуваат дека таквото или друго лице што се наоѓа на местото на претресување кај себе крие предмет или документ што има значење за расветлување на настанот, може да се изврши лично претресување.

Другата подгрупа детално ќе претресува според доделената задача (секој претресува по една просторија или по еден нејзин дел). Двете подгрупи (за набљудување и за претресување) меѓу себе

---

9 Методија Ангелески- Криминалистичка тактика 2- ФОН, Скопје, 2006

комуницираат дискретно со однапред договорени знаци што не може да ги „прочита“ лицето кај кое што се претресува.

Уште во почетната фаза од претресувањето се демонстрира тактичко-техничка подготвеност (критичното место се поделува и се „покрива“ со подгрупите за набљудување и претресување, се мести потребниот прибор итн.) и решителност дека дејствието задолжително ќе резултира со успех. Ваквиот пристап кај сторителот или кај некое друго лице каде што се претресува остава впечаток дека задолжително ќе биде остварена целта на претресувањето.

По влегувањето во стан првин се врши личен претрес на сите присутни лица, за кои не знаеме зошто се и по кој основ престојуваат во објектот/просторијата. Лицата веднаш се претресуваат заради евентуално пронаоѓање оружје или друго експлозивно средство. Не смее да се случи да се претресува напамет и почнувајќи од каде било. Се претресува во правец на стрелките на часовникот, односно одлево надесно (или обратно). Почетна точка на претресување во затворени простории е влезната врата. Согласно претходно направениот план (којшто, се разбира, може да се дополни или измени во фазата на ориентирањето кога само површно се прегледува и проучува местото на претресување), систематски и методично се пребарува и се проучува сета површина надолж и попреку. Во затворен простор првин се пребаруваат ѕидовите, а потоа средишниот дел, подот и таванот.

За време на претресувањето службениците не треба да бидат попречувани. За евентуално решавање на непредвидени ситуации се определува посебен службеник. Тие треба да бидат обезбедени и од евентуален напад за да можат максимално да се концентрираат на претресувањето. Без максимална концентрација нема оптимални резултати.

Во случаите кога станува збор за покомплицирано и подолготрајно претресување (кога има повеќе простории за претресување; кога се бараат повеќе објекти на претресување итн.) препорачливо е да се прават паузи за кус одмор и да се водат белешки за текот на претресувањето. Ова е потребно за да не се случат крупни грешки или превиди при претресувањето (некои простории или предмети можат да бидат прескокнати при претресувањето или, пак, по вторпат да бидат претресувани итн.). Меѓутоа, не само покомплицираните, туку и какви било други облици на претресување треба да се вршат согласно начелото на трпеливост и упорност.

Секакво површно постапување при претресувањето води кон неуспех и им оди во прилог на терористите.

Кога бараните предмети ќе се откријат, треба да се повика лице од антитерористичката единица, специјалист за експлозиви и да не се допира ништо повеќе.

Само дел од површина (а не сета) што се наоѓа на отворен или затворен простор директно се претресува и во случаи кога постојат очигледни знаци што демаскираат определен вид скривница (на пример, се претресува: свежо копана земја; свежо варосан дел од ѕид; пожолтена трева среде зеленило; ново поставени парчиња на под од штици, паркет или од плочки итн.).

При пребарувањето се врши мерење и споредување (при што добиените параметри можат да се споредуваат со градежниот проект заради откривање маскирани прегради во кои што се скриени предметите што се бараат), а се користи и прибор за: прободување меки површини, сечење, осветлување итн., и тоа без да биде оштетен објектот во кој се претресува.

Во определени случаи, кога тоа го бара дадената ситуација, при пребарувањето се оштетуваат предмети или објекти заради пронаоѓање скриени материјални докази (се урива ѕид, делумно или целосно се корне под, се развалува врата, се кине облека итн.).

Според утврдениот редослед и правец на пребарувањето/претресувањето, систематски и темелно се пребарува и се претресува одделно секоја просторија (по што се заклучува). Еден по еден се проучува и секој предмет пронајден на местото на претресување (кое, пак, може да биде поделено на неколку сектори или делови што постапно треба да ги пребаруваат задолжените од групата за претресување). Нема потреба да се проучуваат само оние предмети каде што објектите на претрес според своите физички и други својства не можат да бидат скриени.

Во теоријата и практиката се издиференцирале следниве скривалишта и облици на криење објекти на претресување по кои се трага:

1) криење во покуќнина и облека, без да се менува или преуредува скривницата;

2) закопување.

Доколку во внатрешноста на куќата нема згодни места за криење, често пати предмети се закопуваат во шума, поле или во ливада, при што се случува тоа место да се обележи или да се направи скица заради полесно наоѓање;

3) заѕидување;

4) сошивање;

5)криење во вештачки создадени празнини во: покуќнина, прехранбени и други производи;

6) криење со залепување;

7) криење во превозни средства;

8) оставање во скриени празнини или ќошиња во куќи, помошни простории и градилишта.[10]

Нема универзален метод за определување на најверојатни места за криење предмети. Претпоставката за определување најверојатни места каде што може да биде скриен бараниот објект се гради на два основни начини. Првиот се однесува на мисловно опфаќање на сите можни места во границите на претпоставената површина каде што можат да се скријат бараните предмети, а потоа според методот на елиминација се определуваат најверојатните места. Вториот начин е директно да се определат најверојатните места за криење на бараните објекти согласно реализираната дојава.

**Постапка при идентификувано возило бомба**

Возило кое е паркирано во област-подрачје кое се обезбедува, а не е евидентирано како возило на сопствениците на објектите, вработените или гости во одреден временски период може да предизвика сомневање за присуството во тој дел. Мора да се има на ум дека направата за уништување на возилото, а преку тоа и на просторот околу него, може да се смести каде било во возилото. Возило бомба е наменето да предизвика масовни жртви или да предизвика екстензивни имотни штети. Во најголем број случаи, во возило како импровизирана експлозивна направа се употребуваат постојни предмети, односно предмети кои имаат соодветна намена во возилото, а можат да се употребуваат како контејнери за бомби, како на пример противпожарни апарати, копчиња на телефон, канти за бензин или книги. Импровизираните експлозивни направи имаат систем за фузирање, детонатор и главен полнач (експлозивен или запалив). Каков било прекинувач кој може нешто да вклучи или

[10] Ibid

исклучи може да се користи за активирање на направата. Системите на фузирање може да се категоризираат со:

- Време – меморирани за детонација или да се постави уредот на одреден временски интервал. Тајмерот може да биде механички, како кујнски тајмер, со користење на рачен часовник, интегрирани коло-чипови, или мобилни уреди или сензори.
- Активирани со жртва – може да бидат дизајнирани да функционираат на притисок, повлекување, движење, вибрација, отпуштање или поместување на предметот.
- Команда – праќање на сигнал по пат на радиофреквенција или преку скриена жица од далечинска локација.
- Околинска – дизајнирана да функционира кога има промена на температури, притисок, светло, звук или магнетно поле.

Во случај да се пронајдени сомнителни направи, се известуваат соодветните институции во согласност со постојните процедури за закани од бомби. Персоналот од обезбедувањето треба да ја знае и да ја координира евакуацијата во согласност со постојните процедури, доколку тоа е потребно. Пред нивното доаѓање, треба да се преземат следниве итни акции:

- Користење на соодветен објект како заклон (фронтален или надземен) и итно оддалечување од направата. Не треба да се паничи!
- Да се стои подалеку од стаклени прозорци кои можат да предизвикаат смртоносно распрснување – фрагментација!
- Доколку направата е лоцирана надвор од зграда, потребно е да се легне на подот и да се оди на спротивната страна. Не е дозволено погледнување низ прозорец за да се види што се случува!
- Задолжително зголемување на оддалеченоста од сомнителната направа. Ваквиот чин ги зголемува шансите за преживување по детонација!

Како да се бара во сомнително возило:

- Да се исклучат сите радио-комуникациски типови на уреди поради можноста за упаѓање во фреквенцијата на експлозивната направа.

- Да се изврши брзо пребарување во околината на возилото (живи огради, канти за ѓубре или кои било други скриени области ).
- Да се насочи вниманието и погледот на 360 степени, гледајќи наоколу и под возилото. Не е потребно да се фокусира вниманието само на пребарување на возилото и барање на една експлозивна направа, затоа што е можно да постојат и секундарни направи. Потребно е да се провери областа од сомнителни објекти кои се наоѓаат  под или се додадени на возилото, без да се доближуваме.
- Да се биди систематичен – потребно е да се почне и заврши ппребарувањето на точно одредена точка.

Што треба да се бара:

- сомнителни пакети или предмети на или врз, поврзани или под возилото;
- траги од алати на возилото или други индикации на насилно влегување.
- Каде да се бара?
- Надворешноста на возилото:
- издувна цевка,  резервоар за гориво;
- точката за влез на гориво и вратата на резервоарот за гориво;
- под возилото;
- додатоци на тркалата, пневматиците или сопирачките.

Во внатрешноста на возилото:

- под седиштата, предни и задни;
- под таблата од возачка страна и од патничката страна;
- потпирачите за глава;
- штитниците за сонце;
- секоја област во која сметате дека експлозивната направа може да биде сокриена.

Оделот за мотор:

- под хаубата многу треба претпазливо да се гледа дали има висечки жици, лента или пакети закачени на долната страна;
- да се провери акумулаторот и жиците приклучени за него;
- да се отвори филтерот за воздух;

- да се провери дали е изменет основниот изглед на компонентите на моторот.

Багажен дел:

- треба постепено да се подигнува багажникот додека ја провеј рувамe долната страна од истиот, заради постоење на сомнителни предмети како што се жици, конец или пакети; посебно внимание да се обрне на задниот ѕид на багажникот (позади задното седиште);
- проверка на жиците на фаровите;
- проверка на задните тркала.

**Пребарување /претресување отворен простор**

Пребарувањето/претресувањето отворен простор (каков било терен: двор, нива, дел од шума итн.) е специфично по тоа што се претресува поголема површина којашто претходно треба да се ограничи. За оваа цел се користат топографски карти и скици, а по потреба, се бара помош од соодветни стручњаци (геометри, топографи и др.) кои се вклучуваат во екипата за претресување.

Екипата за претресување се дели во две групи. Една група го блокира просторот за да спречи неконтролирано влегување или излегување. Втората група има задача да го претресува теренот.

Првин површината се поделува на квадрати или нееднакви делови што можат да бидат природно ограничени (дрва, јаз, река, меѓа, пат итн.) или посебно се обележуваат за да се знаат нивните граници при пребарувањето. Потоа се пребарува секоја педа од површината и притоа се внимава на секакви сомнителни промени: пожолтена трева среде зеленило, нафрлени гранки, купчиња од камења или од смет, сено или слама итн.

При пребарувањето се користи соодветен прибор: метални шипки за забодување во мека земја, детектори за откривање метал, детектори за откривање труп или делови од труп и др. Незаобиколно помошно средство се кучињата трагачи или други специјално дресирани кучиња, со чија помош полесно се стигнува до објектите на претресување што се бараат на отворен простор.

Во определени случаи паралелно со претресувањето терен се претресуваат и превозни средства, како и помошни стопански или

други градежни објекти кои што се наоѓаат на пребаруваниот отворен простор.

**Резултати од пребарувањето/претресувањето**

- -пронаоѓање – идентификување на експлозивната направа, бомба или сл.;
- - пронаоѓање на сомнителен/ни предмет/и за кои можеме да претпоставиме дека се можни импровизирани експлозивни направи;
- - непронаоѓање на направата.

Во случај да е најден сомнителниот предмет се прави:

1. Потврдување: Треба да се биде мошне сигурен за да се забележи и потврди дали е пронајден сомнителен предмет или направа. Не треба да се користат радио или мобилни телефони за да се јави на службите во оваа фаза.

2. Расчистување: Веднаш мора да се расчисти областа од секаков персонал што е можно побрзо и побезбедно. Есенцијално е персоналот да биде евакуиран на безбедна одалеченост и правците до безбедната област да бидат во линија со очите на можната направа. Од безбедна далечина можно е јавување на службите за итна интервенција.

3. Заштита: Кога областа е расчистена од секаков персонал, се поставува заштитна лента кон сите достапни правци до областа од која се евакуира. Никој не смее да влезе во обележаниот простор.

4. Контрола: Потребно е да се воспостави некоја форма на инцидентна контролна точка што е можно побрзо. Сите координации за идни евакуации, сметајќи го персоналот и координација со итните служби може да бидат контролирани и спроведени од оваа локација.

Во случај на пронаоѓање на направата, ова се однесува и на ситуации на оставени патни торби, ранци или други средства за пренос на одредени материјали кои се затворени и тешко може да се идентификува нивната содржина, потребно е веднаш да се направи соодветен периметар (растојание) и да се пронајде што посигурен заклон (заштитен објект). Независно од бројот на лицата кои се вклучени во потрагата - претресувањето на објектите, или во

ситуации на пронаоѓање на оставени предмети, наводно заборавени, обезбедувачот, или припадникот на службите за реагирање во итни ситуации, мора на јасен начин со извикување да ги предупреди сите присутни за пронајдениот предмет или направа, за да можат сите да пронајдат соодветен објект од цврст материјал за да се сокријат поради опасноста од експлозија. Имајќи во вид дека експлозивните направи можат да бидат активирани на повеќе начини: со далечински управувач, преку мобилен телефон, времен (тајминг) начин, преку допирање, подигнување, обид за отстранување, отворање, затворање или преку сензори за човечко присуство, веднаш треба секој присутен да си побара скривалиште за да не биде повреден.

Веднаш потоа се известуваат лицата од командата за пронајдената направа и основно правило е ДА НЕ СЕ ДОПИРА ПРОНАЈДЕНИОТ СОМНИТЕЛЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ НАПРАВА.

Пристап до предметот или направата може да има само лице кое е обучено за антитерористички дејствувања, познавач и добро обучен за идентификување, постапки и деактивирање на експлозивни направи, припадник на Единицата за антитероризам при МВР. Тоа лице ќе направи процена за постапување со пронајдената направа. Процените можат да бидат:

- да ја деактивира на лице место;
- да ја уништи на лице место поради опасноста од деактивирање;
- да употреби „воден топ“ за деактивирање;
- да употреби робот или друго средство за деактивирање;
- да употреби X-ray средства за скенирање на содржината на оставениот предмет или направа;
- да употреби балистичко ќебе за покривање на направата и активирање на истата.

До пронаоѓање на направата работниците за приватно обезбедување, во координација со своите претпоставени и со претставниците на МВР и другите служби за безбедност можат да даваат поддршка, логистика, да бидат непосредно вклучени во пребарувањето-претресувањето на објектите. Тоа се случува во ситуации кога претставниците на МВР поради брзината не можат да алоцираат и обезбедат доволен број свои работници за покривање на целиот настан. Исто така, секогаш кога дојавата за поставена експлозивна направа или бомба се однесува на објект во државна или

приватна сопственост, а го обезбедуваат припадници на агенциите за приватно обезбедување, истите треба да бидат присутни при претресувањето бидејќи ги познаваат објектите и просторот кој се обезбедува, ги имаат клучевите од бравите од вратите каде што треба да се врши претресувањето-пребарувањето, како и заради сигурност на објектот и целосно реализирање на обврските за безбедноста на објектот и избегнување на несакани ситуации кои можат да настанат заради присуството на многу луѓе од повеќе безбедносни служби. Комуникацијата со сопствениците/одговорните на објектите кои се обезбедуваат секогаш е преку лицата кои вршат обезбедување на објектот или просторот, така што заради брза реакција потребно е присуство на припадниците на приватното обезбедување на лице место на настанот. На припадниците на МВР најлесно им е нив да ги исклучат во целост, но поради наведените причини и ситуации кои не можат да се предвидат целосно, секогаш е потребна координација помеѓу агенциите за обезбедување и службите за безбедност.

**Евакуација**

Во ситуации кога треба да се нареди евакуација, како што претходно споменавме, потребни се неколку дополнителни чекори:

- Јасна безбедносна процена од овластените лица (во итни ситуации припадниците на приватното обезбедување, во другите службите за безбедност на државата) дека е неопходно евакуирање на присутните и можеби на важни средства и документи.
- Комуникација со сопственикот на објектот или одговорниот во институцијата.
- Јасно дефинирање и почитување на одредбите од плановите за справување со итни опасни ситуации, односно кој е тој што може да нареди евакуација.
- Добивање на листа на присутни во објектите или доколку тоа не е можно процена за присутни лица.
- Процена на ад-хок најбезбедниот начин на евакуирање на лицата и вредностите од објектот.
- Давање на јасна наредба на присутните во објектот/ите за пристапување кон напуштање на објектот/ите и упатување на безбедна локација.
- Обезбедување на безбедна рута на движење.

- Обезбедување на доволен број на униформирани лица кои ќе ги насочуваат, ќе им покажуваат, прераспоредуваат и упатуваат лицата кон безбедните локации.
- одредување на динамика на евакуацијата согласно процената за можното време на активирање на направата.
- Обезбедување на мирен трансфер, пренос на вредности или документи – доколку за тоа има време и простор.
- Проверување дали наредбата за евакуација е доследно спроведена.
- Оневозможување на создавање на стампедо ситуација и настанување на хаос.
- Смирување на лицата кои се евакуираат.
- Обезбедување на соодветен амбиент во местата на евакуација.
- После целосното евакуирање, отстранување на униформираните работници и присуство само на лица кои можат да работат понатаму со експлозивната направа-бомба.
- Настојување што поскоро да се врати состојбата во нормала.

Евакуацијата е мерка на целосно испразнување на објектите или просторот каде има основано сомнение дека е поставена експлозивна направа, истата е пронајдена или не, и согласно процените за опасност се наложува таа мерка. Во плановите за постапување во итни ситуации во сите објекти во кои обезбедуваат работници на службите за безбедност и агенциите за приватно обезбедување, покрај останатото, потребно е да се предвиди, одреди и информира лицето кое согласно позицијата или сопственоста може да нареди или даде согласност за евакуација. Во објекти во кои престојуваат повеќе луѓе во одреден временски период, а се предмет на обезбедување на агенциите за приватно обезбедување (хотели, хостели, мотели, преноќевалишта, стадиони, спортски сали и сл.) мора во плановите за делување во нарушена безбедносна состојба на обезбедуваните објекти да се предвиди информирање на сопственикот на објектот или од него овластено одговорно лице и барање на дозвола за таквиот вид постапување. Доколку до тоа не дојде, а се случи евакуација, која според процените на МВР е неопходна, а на крај се испостави дека дојавата е лажна, тогаш се поставува прашање кој ќе ја сноси целокупната штета- материјална и нематеријална. Затоа треба да се информира сопственикот и тој да даде согласност (согласноста може и да не ја даде, ама ќе се опомене за одговорноста која ќе ја има доколку се случи експлозијата) и потоа

во координација со службите за безбедност ќе се преземат мерки и дејствија за евакуација.

При реализацијата на претресувањето-пребарувањето може да настанат одредени оштетувања на објектот, инвентарот или опремата. За вакви ситуации исто така треба да се има договорена клаузула при склучување на договорот за обезбедување и предвидувањето на итни и опасни ситуации кои не се vis major, штетите да ги сноси сопственикот на просторот или објектот. Лицата кои ќе бидат вклучени во пребарувањето-претресувањето ќе постапуваат согласно принципите на економичност и неправење на штета, но сепак, поместување, отворање, затворање или други дејствија кои треба да се преземат заради потврдување или негирање на дојавата за поставена експлозивна направа или нејзиното деактивирање или процената за активација се дел од ситуациите кои може да настанат на лице место. Одредбите во договорот се во функција на зачувување на интегритетот на агенциите за приватно обезбедување. Поради тоа, кога ќе пристигнат екипите на службите за безбедност, како државни органи тие ја преземаат координативната функција и имаат можности да издаваат наредби и да бараат лицата кои се присутни да ги почитуваат во целост. Секое непостапување повлекува соодветна санкција. За жал, такви ингеренции немаат агенциите за приватно обезбедување, иако согласно Законот за приватно обезбедување имаат овластувања кои можат да ги применуваат при реализација на работните задачи.

**Постапување во ситуации на заложничка драма или појавување на лице со експлозив на телото или облеката**

Во овој дел ќе ги разгледаме поединечно ситуациите на земање на лица како заложници или лице кое поставило експлозив на себе, кои имаат повеќе слични постапки и затоа ќе ги обработиме во една тематска целина.

Земањето на заложници настанува кога се зазема еден објект каде што се наоѓаат луѓе. Ова се разликува од киднапирањето затоа што киднаперите ги сокриваат своите жртви, додека лицата што земаат заложници обично ги конфронтираат силите за одговор со заложниците.

Опции за одговор:

- итен напад;
- исполнување на барањата на грабнувачите;

- непопуштање пред барањата на грабнувачите;
- локализирање и употреба на преговори и тактички опции.

Припадниците на агенциите за приватно обезбедување неопходно се вклучуваат во ваквите специфични ситуации доколку ваквата сцена се случи во објект или на подрачје каде што е предмет на обезбедување. Во ваквите ситуации треба да се постапува крајно внамателно, совесно, практично и законски.

- Применете правилно ниво на разумна сила како одговор на нападот.
- Секогаш движете се подалеку, никогаш не останувајте во непосредна близина на самоубиецот.
- Барајте правци за бегство.
- Кажете им да се задржат назад.
- Изгледајте наметливо.
- Никогаш не покажувајте страв, за напаѓачот тоа е стартно копче.

Ако имаме сознание-дојава дека одредено лице или лица на одреден начин влегле во просторот кој што го обезбедуваме, а нивна задача била да киднапираат/задржат со нив лица заради остварување на нивните зацртани цели, заложничка ситуација може да настане доколку тие бидат оневозможени да го напуштат просторот. Во вакви ситуации лицето за обезбедување треба веднаш да оневозможи излез од просторот на обезбедување преку преземање на најсоодветните дејствија со овластувањата кои се дадени согласно позитивната законска регулатива. Кога терористот/ите ќе проценат дека не можат да излезат од објектот, можат да земат некои лица од објектот како заложници за да остварат пробив надвор од објектот преку уценување. Во ситуации кога нивната цел била земање на заложници, доколку лицето од обезбедување е само не би требало да презема никаков итен напад, туку на најсоодветен договорен начин да успее да побара засилување и го информира дежурниот оперативен центар за настанатата ситуација. До доаѓање на помошта, а и на припадници на службите за безбедност, лицето обезбедувач треба сосема смирено, крајно претпазливо да настојува да разговара со оние кои земале заложници. Со отворање на комуникација се добиваат значајни информации за бројноста на киднаперите-терористи, за бројот на земени заложници, за целта која сакаат да ја остварат, за намерите каде би оделе, за состојбата со заложниците (здравје, физиолошки потреби, лекарства и сл.). Колку повеќе се комуницира

толку повеќе се добиваат значајни информации. Начините на комуницирање можат да бидат преку довикување, затоа што лицето од обезбедувањето мора да биде лоцирано на дел каде е најсигурно, сокриено од евентуален напад, а ја има контролата на влез и излез од објектот преку мегафон, доколку го има и доколку е подалечно местото каде е лоцирано лицето, преку телефонска линија, или преку социјалните медиуми, доколку постои можност. Полициските служби ги користат истите начини на комуникација, дополнето со т.н. телефон на фрлање, кој е од специфичен материјал и изработен за вакви ситуации и во буквална смисла се дофрлува преку отворен прозор или врата до киднаперите – терористи со претходна најава. Доколку не им се најави, може со дофрлувањето кај нив да се стекне впечаток дека ги напаѓаме, па да преземат мерки на повредување или лишување од живот на заложниците.

Лицето од обезбедувањето треба да ги задржи киднаперите кои земаат заложници доволно време до мобилизирање и доаѓање на лице место на специјалните единици на МВР. По нивно доаѓање лицето ги информира за сите добиени информации и работата понатаму со заложничката драма ја преземаат специјалните тимови за преговарање во заложничка ситуација и екипите за упад кои ќе се подготвуваат независно од развојот на состојбите со преговарањето. Сепак, работникот од обезбедувањето и понатаму ќе биде потребен заради:

- можно е терористите да сакаат со него и понатаму да разговараат заради неподносливиот став од нивна страна кон официјалните органи на државата;
- да настојува да помогне во сите ситуации на нејаснотии при преговарањето, а тој има дел од информациите кои можеби од возбуда не ги изнел;
- да ја опише состојбата на надворешноста на објектот;
- да ја опише состојбата на внатрешноста на објектот;
- колку и кои лица се присутни;
- помошни влезови и излези;
- опкружувањето на објектот;
- состојбата со превозните средства – возила, паркинзи, помошни средства за превоз и сл.

Доколку состојбата ескалира, лицето од обезбедувањето не треба да се вклучи во нападот или онеспособувањето на киднаперите-терористи.

**Бомбаши самоубијци**

Различни категории на лица (како што се студенти, фамилијарни лица, жени и деца) изведуваат самоубиствени напади. Во неодамнешните самоубиствени кампањи има учество на млади момчиња од 10 до 14 години. Тоа главно се толкува како желба на терористичките организации да ја искористат предноста на незаканувачкиот изглед на момчињата и девојките.

Бомбашите се прават – не се раѓаат. Организацијата го идентификува лицето кое изразува подготвеност да изврши ваков напад и, откако ќе се убеди во искреноста на лицето, таа го обучува со недели или месеци.

Овој процес на обука опфаќа два важни елементи. Еден е на лицето да му се дадат дополнителни причини за умирање, како што се идеолошки приказни за национална слава, омраза кон непријателот итн. Во овој дел на обуката, религиозната мотивација исто така има улога. Друг важен елемент во овој процес на обуката е создавање на точка на неповрат. Ова е многу важно бидејќи желбата за умирање не е стабилна. Со цел да се осигура дека лицето нема да се предомисли, организацијата го тера кандидатот да напише последни писма до семејството и пријателите, кандидатот се снима кога се збогува и сл.

Терористичките групи применуваат методичко планирање – планирање за кое се потребни недели, месеци или години. Ова може да се согледа како ранливо време за терористите – време кога тајноста е од најголема важност, а сепак, време кога тие мора да се соберат, да извршат „набавки“, да регрутираат, да се асимилираат во заедницата. Затоа, на ова може исто така да се гледа како на погодно време за оние кои се фокусирани на борбата против терористи да успеат да ги осуетат плановите, намерите, целите и врбуваните лица.

Со цел заштита од потенцијални терористи самоубијци, треба е да се обрне внимание на физичката заштита на потенцијалните цели, како и на местата кои би можеле или за кои се добиваат информации дека се опсервираат и се можни цели на напад од терористите преку примена на самоубиствени методи. Подигањето на бетонски ѕидови е една од мерките, а има две основни цели: го смалува ефектот на експлозијата ако терористот успее да дојде до него, и го одвраќа од потенцијалниот напад. Терористите тешко се одлучуваат за напад на добро заштитени цели,. Барикадите,

стражарите, кучињата – сето тоа може во значајна мера да доведе до намалување на стапката на самоубиствениот тероризам.

Таквите мерки на безбедност исто така можат да ѝ служат и на јавноста да ѝ овозможат чувство на сигурност. Во борбата против самоубијците важно е да не се верува во општо прифатената претстава за тоа дека тие се подготвени да убијат, тоа е вид на симплификација која долева масло на огнот од страв од терористички напади со оружје за масовно уништување. Перцепцијата во која терористите се незадржливи фанатици кои сакаат да убијат милиони луѓе само со цел сеење на омраза, не одговара на стварноста: тие се ладни, интелегентни убијци кои насилството го користат за да постигнат конкретни политички цели, заканата од употреба на оружје за масовно уништување е само реторика. Самоубиствениот тероризам ќе остане вид тероризам чиј престанок не може да се очекува ни во 21 век.

Со цел успешен одговор потребно е целосно познавање на апаратот за регрутирање и обука на бомбаши самоубијци. Овој апарат исто така оперира на две паралелни патеки, избор и обука на бомбаш самоубиец и оперативна подготовка за напад. На првата патека, потенцијалниот бомбаш самоубиец мора да се определи, дали кога тој ќе се приклучи на организацијата или за време на периодот на неговата „основна обука“. Обично, лице кое ќе го регрутира бомбашот самоубиец исто така го придружува за време на неговата воена обука и на неговата духовна подготовка пред нападот. Во меѓувреме, се подготвува оперативна подлога за нападот, како што беше дискутирано во претходниот дел. Ова вклучува подготовка на безбедна куќа за бомбашот, набавка и сокривање оружје, подготовка на експлозиви според начинот што ќе се употреби и, конечно, префрлање на напаѓачот и експлозивите до областа каде што е целта. Исто така, се прави видеоснимка за спомен на бомбашот самоубиец.

Индикатори и предупредувања се докази за планирање, и истите може да се забележат од лицата од обезбедувањето на објекти засегнати и одбрани за напад. Дополнително на гореспоменатите индикации, потребно е да се внимава на сомнителни лица кои:

- може да изгледаат нервозни, не реагираат (тап поглед) или се преокупирани;
- можеби ја избричиле главата или имаат кратка коса; кратка коса или скоро избричена брада или мустаќи може да се очигледни од разликите во тенот на кожата на главата или на

лицето; процесот на индоктринација и прочистување се прави во исто време кога и финалната фаза на операцијата;

- може да мирисаат на невообичаена вода од трева или цвеќе со цел да мирисаат подобро кога одат во „рајот“;
- покажуваат енергични акции (за да дојдат до посакуваната цел се пробиваат низ толпа луѓе или влегуваат во забранета област);
- се до експлозијата, лицето може да се види како се моли длабоко во себе, оддавајќи впечаток дека шепоти некому.
- може да се оддалечи кога ќе види полициски службеници или службеници кои проверуваат багаж;
- бомбаши самоубијци се видени како ги креваат рацете за време на детонацијата за да овозможат оптимално распрснување.

Во други индикатори дека едно лице можеби ќе изврши самоубиствен напад спаѓаат[11]:

- Дискутирање за мачеништво – извршителот можеби ќе дискутира за идејата да стане маченик. Во некои ситуации, смртта на членови од нивните семејства ја забрзуваат желбата на лицето да стане маченик. Двете жени кои ги разнесоа авионите во Русија во август 2004 беа познати како „црни вдовици“, што е термин за чеченските жени кои загубиле сопруг, татко, син или брат во борба.
- Самоубиствена белешка или видеоснимка – многу бомбаши самоубијци оставаат зад себе видеоснимка или самоубиствена белешка. Видеоснимките мора да ги направи друго лице, затоа е можеби возможно да се добијат информации за тоа кој ги прави видео снимките.
- Подарување на сопственост – некои бомбаши самоубијци го подаруваат својот имот како гест за чистота пред семоќниот.
- Надгледување на целта – секогаш кога ќе се забележат возила кои се паркирани, возат без цел или стојат на исто место повеќе денови, тоа треба да се извести за да може да се изврши истрага за да се одреди зошто тоа се случува.
- Купување на потребни работи – бомбашот самоубиец треба да купи облека, долго палто итн. за да ја сокрие бомбата.

---

[11] З. Димовски, Д. Тошиќ, Е. Шаљиќ- Тероризам, ИБС- Нови Сад, 2009

- Мирис на хемикалии, дамки, изгореници – некои бомбаши самоубијци исто така работат со експлозиви, и како резултат од тоа, стануваат „обележани“ од бомбата.
- Тунелска визија – често, кога самоубиствениот напаѓач го започнува својот напад, тој добива тунелска визија, со други зборови, тој станува насочен само кон целта и ќе остане таков додека не го изврши нападот. Тој е толку индоктриниран, скоро ништо нема да го одврати од извршување на неговата задача.
- Раце во џебови – за да ги скријат жиците, бомбашите самоубијци често ги држат рацете во своите џебови за да избегнат да бидат откриени.
- Не реагираат на усни команди – овој дел е зачудувачки за лицата од агенциите поради проблем со запирање на лицето на разумно и безбедно растојание.

Препознавање на сомнителни возила кои можат да се користат за самоубиствен напад:

- Регистарските таблички изгледаат импровизирани или не се исти (различна предна и задна табличка).
- Возило кое е сомнително паркирано подолго време на централно место или во област забранета за паркирање.
- Возило со понизок заден дел или изгледа како да содржи тежок товар.

Поради тоа што полицијата и агенциите за обезбедување не можат да се насекаде во секое време, а терористите продолжуваат да развиваат стратегии кои го нарушуваат технолошкото одвраќање, потребно е подобро да ги анимираме, запознаеме и употребиме граѓаните како проактивен ресурс во борба против тероризмот. Наместо да бараат од граѓаните да известуваат за сомнителни активности, државните служби треба да им дадат повеќе информации – тие треба да бидат обучени и научени што да гледаат, што да прават, што да не прават и кого да повикаат. Граѓаните треба да се многу свесни и будни за сомнителни пакети, лица и акции кои би можеле да претставуваат закана за јавната безбедност.

Бидејќи традиционалното одвраќање – инстинктот за самозаштита – не може да се примени кај бомбаш самоубиец, мора да се развијат нови правила, концепти и парадигми кои ќе бидат успешни. Очигледно, запирањето на терористите пред тие да дојдат до целта е оптимална и најбезбедна цел. Ако не се успее во тоа, силите

за спроведување на законот мора да применат неутрализација – едноставно да се обидат да го намалат ударот и опустошувањето предизвикани од бомбашот самоубиец. Во оваа фаза, интервенцијата е поврзана со голема опасност за минувачите и за силите за обезбедување. Како што беше кажано порано, повеќето бомбаши самоубијци ќе ја активираат нивната направа, без оглед дали ќе дојдат или не до посакуваното место. Секундарна направа или напад е секогаш можен, затоа секој план или одговор мора да ја земе предвид оваа можност.

## Посебни мерки на претпазливост при обработка на место на терористички напад

Постојат многу сличности меѓу одговорот на место на настан погодено од терористички акт и „обично“ место на настан. Полицијата, војската и агенциите за приватно обезбедување треба да се обучени за работа во какви било услови, но и пожарникарите, медицинските екипи и другите помошни екипи, па затоа мора да се води посебна грижа кај ваквите места на настан. Кај место на терористички настан потребна е целосна координација со сите екипи кои се на местото и да се осигури дека доказните материјали нема да се уништат. Покрај тоа, особено е важно да се земе предвид дека местото погодено од терористички напад може да биде опасно поради употреба на хемиско, биолошко или радиоактивно оружје, што значи дека влегувањето на местото на настанот може да биде влегување во опасна област. Присуството на пожар или колабирани субјекти може да го интензивира ризикот од термални и механички повреди. Кога постои сомнеж за присуство на опасен материјал, најдобро нешто што може да се направи во тој случај е да се почека со влегувањето на местото на настанот, сè додека не се отстранат потенцијалните опасности.

При обработка на место погодено од големи експлозии и последователен пожар, местото треба да се третира исто како да е во услови на присуство на потенцијален хемиски или биолошки инцидент. Треба да се има предвид дека е можно постоење на присуство на секундарна направа наменета за повредување или усмртување на полициската и екипата за увид и обработка на местото. Познавајќи го фактот дека експлозиите создаваат големи повреди поради повратните бранови, проектилите и колапс на структурите, кога се пристигнува на место на настан на кој има силно оштетени

структури, треба да се земат предвид посебни безбедносни мерки со цел да не дојде до повреда или усмртување поради нивен колапс.

Првиот кој одговара на местото на настанот треба да е во потрага по следните општи знаци за предупредување кои индицираат присуство на агенси од пет категории:

1. Биолошки агенси: биолошките инциденти се презентираат сами по себе на два начини. Прво, може да постојат итни медицински случаи во околината веднаш по аплицирањето на агенсот или после извесен период на инкубација на агенсот. Во случај на биолошки терористички напад, појавата на симптомите може да се случи за неколку денови до недели и типично нема карактеристичен потпис, бидејќи типичните биолошки агенси немаат мирис и боја. Поради одложената појава на симптоми, бројот на жртви и областите погодени може да е многу голем поради миграција на инфицираните индивидуи. Од друга страна, некои ефекти се многу брзи, 4-6 часа. Точните индикатори за биолошки терористички напад може се вклучуваат:

- невообичаен број на болни или смртни случаи на луѓе или животни;
- дисеминација на невообичаени мириси, особено на отворени простори навечер;
- фрлени направи со специфични содржини.

Особено е важно при оградување на местото на настанот да се контактираат болниците во близина за добивање информации за прием на лица кои имаат некакви симптоми на заразување. Смртните случаи може да се јават за неколку минути или часови, па и денови и недели по инцидентот, а тешката идентификација на агенсот го отежнува потврдувањето на времето кога се случил нападот.

2. Нуклеарни агенси: без разлика дали се има случено експлозија или некој друг напад со примена на радиоактивен материјал, постојат бројни начини за да се добие одговор дали е во прашање радиоактивен материјал. За таа цел се користат различни мерачи на радиоактивност кои го мерат радиоактивното зрачење, доколку постои.
3. Хемиски индикатори: кога ќе се ослободат во околната средина, повеќето хемиски агенси е многу лесно да се откријат, особено ако станува збор за нервни агенси. Во текот на неколку минути се јавуваат најзначајните знаци кои

активираат симптоми кај голема група на луѓе. Дермалната експозиција и миозата се најдобрите симптоматски индикатори за користење на хемиски агенси.

4. Експлозивни индикатори: овие индикатори се многу јасни, како оштетување на градби, распрснати фрагменти на големи далечини, скршени прозорци и слично.
5. Индикатори за пожар: индикаторите за пожари се согледуваат во забележаните забрзувачи на пожарот како гасови, бензин, запалки и слично.

Оттука, произлегува дека заштитата на персоналот кој е на место на настанот е од критично значење за извршување на нивните работни должности и активности.[12] Понекогаш се случува тимот да пристигне на местото на настанот без да има некоја претстава што се случило и колкав е размерот на нападот. Првото и основно нешто е само-заштитата. Мора да се препознаат различните опасности кои може да се присутни на местото и треба да се има предвид дека единечен инцидент може да претставува многу поголема опасност од што се мисли, а изложувањето на местото на настанот може да биде фатално.

Пред да се дојде на местото на настан погодено од терористички напад, првенствено треба да се процени типот на опасноста која може да е присутна на местото и, според тоа, да се даде соодветен одговор со најдостапните и најпогодните методи за понатамошно постапување.[13]

**Обезбедување на место на настан**

Во Законот за кривична постапка не е регулирана материјата за обезбедување на местото на настанот при сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, со што поблиското уредување на оваа проблематика е препуштена на Законот за полиција, како и подзаконските акти – Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, а таму, а и ни во Законот за приватно обезбедување, воопшто не се споменува оваа материја која е од клучно значење за обезбедувањето на објекти и лица. Потребата се

---

[12] Protective Security Requirements, Guide to personnel security for your organisation, February 2018, p. 4, https://www.protectivesecurity.govt.nz/assets/Personnel-security/e63eedae7c/Guide-to-personnel-security-for-your-organisation.pdf

[13] З. Димовски- Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007

наметнува од проста причина што секој обезбедувач на лица или објекти е оној кој прв доаѓа на местото на настан, каде е дејствувано во правец на повреда, уништување или оштетување на лицата или објектите кои се предмет на обезбедување, и потребно е да знае како да се однесува. Доколку не знае како треба да постапи, голема е веројатноста дека со своето неупатено однесување ќе ги уништи, контаминира или измени трагите кои се наоѓаат на самото лице место и во непосредната околината, но и да доведе во опасност други лица.

Согласно Законот за полиција, во делот „Обезбедување и преглед на местото на настанот", во чл. 62 пропишани се обврските за полицијата т.е. кога полицискиот службеник дознава за извршено кривично дело, прекршок или настан заради што треба да се изврши непосредно забележување, утврдување или разјаснување на фактите, истиот е овластен да го обезбеди местото на настанот до доаѓање на службените лица од надлежниот државен орган (јавниот обвинител, судија за претходна постапка, крим-полиција и увидната екипа од крим-техника), истото да го прегледа заради помагање на жртвите, доколку се живи, откривање и обезбедување траги на кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ, пронаоѓање на сторител, како и прибирање известувања во врска со кривичното дело, прекршокот или настанот. Како место на настан се смета секое место каде се открива дека одредено кривично дело се подготвувало, онаму каде се реализирало – извршило или секаде каде настанала последица.

Полицискиот службеник е должен да преземе соодветни мерки и дејства за неодложно укажување помош на настраданите лица и отстранување на последиците од настанот, кривичното дело, прекршокот или несреќниот случај.

Полицискиот службеник има право лицата затечени на местото на извршувањето на кривичното дело да ги упати до судија на претходна постапка и јавен обвинител или да ги задржи до неговото доаѓање најмногу 6 часа, ако тие би можеле да дадат податоци важни за кривичната постапка и ако е веројатно дека подоцна не би можело да се изврши нивно сослушување или тоа би било поврзано со значително одлагање или со други тешкотии. Заради заштита на жртвите на кривичното дело или заради заштита на интересите на постапката, полицискиот службеник е овластен да забрани снимање на местото на настанот.

Правилникот за начинот на вршење на полициските работи го пропишува преземањето на следните дејства на полициските службеници при обезбедување на местото каде е извршено кривично дело:

- ќе го задржи сторителот, ако го затекне на местото на настанот или ако е фатен од други лица;
- ќе преземе мерки и дејства за неодложно укажување помош на настраданите лица;
- ќе ја извести за случајот дежурната служба во полициската станица на чие подрачје тој е случен и ќе побара на местото на настанот да излезе увидна група и јавен обвинител;
- привремено ќе ја ограничи слободата на движење на присутните и видно ќе го обележи местото;
- ќе издаде потребни предупредувања и наредби;
- визуелно ќе го прегледа објектот, просторијата, просторот, предметите и документацијата кои се наоѓаат на местото на настанот;
- ќе ги прегледа лицата, предметите и превозните средства;
- ќе го провери и утврди идентитетот на затекнатите лица и предмети;
- привремено ќе ги одземе предметите кои може да послужат како доказ во соодветна постапка;
- ќе ги заштити трагите и предметите од значење за разјаснување на настанот;
- ќе забрани снимање на местото на настанот, освен под условите предвидени со закон.

Полицискиот службеник при прегледот на местото на настанот постапува на начин со кој се спречува уништување на трагите и оневозможува промена на затекнатата состојба. Полицискиот службеник прибира информации за настанот од лицата затечени на местото на настанот. Оној кој го обезбедува и прегледува местото на настанот, веднаш го запознава сменоводителот во полициската станица на чие подрачје се случил настанот за затекнатата фактичката состојба на местото на настанот.

Овие овластувања и обврски се дадени на овластените службени лица припадници на МВР. Но, што станува во оние ситуации кога имотот и лицата кои се обезбедуваат од страна на припадници на агенциите за приватно обезбедување се нападнати и

прв кој треба да биде на местото на настанот е токму лицето кое го обезбедува имотот или лицата. Како еквивалент на овластувањата кои се дадени во Законот за приватно обезбедување (чл.45), лицата кои обезбедуваат лица и имот како физичко обезбедување, работникот за обезбедување е овластен да:

- врши проверка на идентитет на лица при влез во имотот што го обезбедува;
- предупреди лице да се оддалечи од имотот што го обезбедува, ако лицето неовластено се задржува во него, односно да го предупреди лицето кое со своето однесување или пропуштање да стори нешто ја загрозува сопствената или безбедноста на другите или може да предизвика оштетување на имотот што се обезбедува;
- не дозволи влез на неповикано лице, како и да забрани неовластено снимање или внесување на средства и опрема за таа намена во имотот што го обезбедува;
- задржи и предаде на полицијата лице затечено во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност до доаѓањето на полицијата;
- врши преглед на лица, предмети, возила и багаж;
- употреби средства за присилба.[14]

Оној кој го обезбедува и прегледува местото на настанот, до пристигнување на овластени лица од надлежен државен орган овластени да изврши увид или на овластено лице за преземање на понатамошни мерки и дејства, го обезбедува местото на настанот и покасно по доаѓањето на екипите им дава усно известување за затекнатата состојба и за другите факти утврдени на местото на настанот, за преземените мерки и дејства или за настанатите промени на местото на настанот.

По извршеното обезбедување и преглед, лицето кое го обезбедувало местото на настанот потребно е да изготви службена белешка која, покрај податоците од усното известување, содржи и податоци за: местото кое е обезбедувано; причините поради кои се извршени овие дејства; времето за известување и пристигнување на

---

[14] М. Ангелески, З. Димовски, Криминалистичка тактика 1, Факултет за безбедност, Скопје 2019

местото на настанот, како и за затечените лица на местото на настанот.

## Тактика и техника за обезбедување на местото на настанот

Местото на настанот е сè она што останало (последица која останала) од влијанието на сторителите на терористички акт врз околината при извршување на дејствието. Од друга страна, не сите дејствија имаат влијание врз околината во која биле извршени. Кај некои последиците се очигледни а кај други не се забележуваат веднаш, но настапуваат или се експонираат по извесен период. Во таква ситуација на прв поглед се стекнува впечаток како да не е извршен акт (хемиско, биолошко, радиолошко оружје).

Извршувањето на било кое кривично дело за кое е потребна употреба на каков било вид на физичка сила претставува елемент на непредвидливост за извршителот на кривичното дело. Убиствата, нападите, разбојништвото, терористичките акти, провалите насилно го наметнуваат присуството на сторителот на кривичното дело во околината. Остатоците од присуството на сторителот во вид на оружја, муниција, алатки, лични предмети на сторителот, облека, влакна од материјали, крв или други телесни течности, како и латентни отпечатоци од прсти, отпечатоци од обувки и гуми, траги од алати, можат ненамерно да бидат оставени на местото на настанот. Спротивно на тоа, остатоците кои се уникатни за одредено место на настан, како што се земјата, маслата, растворувачите, боите, семињата, поленот како и многу други микро траги можат да бидат прикачени за сторителот и истиот несакајќи да ги понесе со себе. Оваа ненамерна размена прецизно може да го поврзе лицето со локацијата, локацијата со лицето и двете со кривичното дело.

Службеникот кој прв пристига на лице место игра клучна улога за местото на настанот. Негова приоритетна улога е да преземе неопходни чекори заради заштита и зачувување на потенцијалните вредности на сé што останало и што може да се открие за да се потврди кривичното дело, да се идентификува лицето кое е одговорно за извршување на истото и двете да се поврзат.

Ефективното обезбедување и заштита на местото на настанот може да биде опасна задача. Местата на настанот генерално предизвикуваат висок степен на љубопитност и присуство на јавноста, блиски луѓе на жртвите или оштетените, медиумите.

Присуството на љубопитните лица, претставува најголем предизвик за службениците кои први пристигнале со цел да го обезбедуваат и да го зачуваат интегритетот на истото.

Секое влегување во просторот на местото на настанот од страна на необучени, невнимателни, љубопитни лица или лица кои не ги познаваат работите можат да завршат со ненамерно копромитирање, контаминација и уништување на потенцијално вредни докази. Службениците секогаш треба да се свесни за правилото дека не смеат да допрат ништо, особено пред официјално да се определи периметарот на местото на настанот и потоа да продолжат да го применуваат тоа правило, да набљудуваат и да го зајакнуваат истото кога ќе навлезат во внатрешноста на определеното место на настан. Кривичното гонење на сторителите непосредно зависи од ефективната заштита на местото на настанот како приоритетна обврска за присутните службеници, се до доаѓањето на овластените службени лица од МВР.

Најважниот чекор што треба да го преземе службеникот кој прв пристигнал на местото на настанот е да им пружи помош на повредени лица, доколку се живи, но заради успешно обезбедување, најпрво треба да го определи периметарот на местото на настанот.[15] Сè што е слушнато или забележано или сè со што службеникот се сретнал при пристигнувањето на местото на настанот и точното писмено бележење на сите податоци има влијание врз успехот на секоја подоцнежна истрага за делото. Според тоа, одговорниот службеник треба точно да ги процени околностите во кои е сторено дејствието, секоја потенцијална поврзаност на сите предмети или лица присутни со стореното дејствие и да направи прецизна процена за тоа во кој степен криминалната активност извршила влијание на околината. Службеникот треба да го определи периметарот на местото на настанот колку што е можно попрецизно.

Додека од една страна искуството е најдобар учител, сепак одредувањето на периметарот на местото на настанот зависи од набљудувањето, анализите и процената на службениците кои први пристигнале на местото на настанот. Би требало да се одговори на следните потреби:

- да се идентификува што точно се случило;

---

[15] Ibid

- има ли тело, жртва, објект или друг материјал како последица или индикација за криминалната активност на местото на настанот;
- дали појавата на лицето или материјалните предмети соодветствуваат со кривично дело кое можеби се случило;
- дали кривичното дело се случило само во оваа област или има индикации дека се вклучени и други локации;
- дали набљудувањето и процените се доволни да се изолира појавата на каква било активност поврзана со кривичното дело во рамките на определена област;
- има ли потенцијални сведоци во непосредната област кои забележале што се случило и кои можат да им помогнат, да определат каде точно се одвивала криминалната активност;
- дали овие лица можат да ја наведат позицијата или насоката кон која се упатиле сторителите или средствата за транспорт кои ги користеле;
- каква е состојбата на жртвата и дали истата е способна да пренесе каква било информација од значење за настанот со цел да помогне да се определи местото на настанот.

Заради зачувувањето на интегритетот на местото на настанот потребно е службеникот кој се затекнал на местото на настанот да има посебен однос кон тоа место. Во таа смисла службеникот го обезбедува местото на настанот со воспоставување на прелиминарни граници за да го ограничи пристапот на истото. Постапувајќи на овој начин истиот ќе биде сигурен дека никој нема да влезе, остави или допре нешто што ќе го контаминира интегритетот на кој било предмет или материјал важен за кривичното дело кој може да биде детектиран како можен доказ. Поради овие причини службеникот кој го обезбедува местото на настанот треба особено да внимава:

- да не допира ниту еден предмет од љубопитност;
- да го почитува правилото за забрана на пушење, т.е. да не фрла догорчиња од цигари;
- да не поместува ниту еден предмет од местото каде што се наоѓа;
- оружјето не треба да се допира сè додека не биде одлучено дека треба да се подигне (со заштитни ракавици и од стручни лица) како доказ, при што, секако, полициските службеници треба да се осигураат дека оружјето е безбедно и дека нема опасност од самоактивирање или испукување;

- да не се јаде и пие ништо на местото на настанот;
- местото на настанот да се одржи во идентична состојба какво што било кога пристигнале т.е. онакво какво што сме го затекнале (да не се вклучуваат/исклучуваат светилките, вентилаторите, затоплувањето, термостатите, да не се отвораат/затвораат отворените или затворените врати, прозорците и да не се поместуваат возилата);
- да не се расфрлаат предметите, да не се плука, да не се употребува телефонот, купатилото или што било друго што би направило промени на состојбата и на местото на настанот;
- секој предмет што мора да се допре, испита или премести, мора да се премести со особено внимание со забележување и определување на позицијата во која се наоѓал и да се врати на истото место и на начин колку што е можно попрецизно;
- ниеден предмет не смее да биде поместен или отстранет сѐ додека не се преземат сите мерки и не се направат скици и фотографии од страна на овластените службени лица на МВР.

Сите службеници мораат да ги следат процедурите кога излегуваат на местото на настанот по добивањето на пријава. Нивна задача е да ја проверат добиената пријава и да го известат дежурниот во оперативниот центар по радиоврска ако самостојно одговориле на местото на настанот, да потврдат дека се упатиле кон местото на настанот, времето на примање на информацијата и на пристигнувањето, адресата, локацијата на инцидентот, видот на повикот, инволвираните страни и сите други важни информации. Подоцна овие информации ќе бидат вклучени во службените извештаи. Веднаш треба да ја информираат полицијата, а тие крим-техничарите заради вршење увид.

**Безбедносни постапки за итно пристигнување на место на настан**

Основно правило за итното преземање на дејства како одговор на место на настан е безбедно да се идентификуваат, локализираат или третираат сите проблеми со кои ќе се сретнат службениците. Една од најважните фази на оваа задача на службеникот при воспоставување на контрола на местото на настанот е да го заштити својот живот како и животот на осомничените, жртвите, сведоците, присутните. Елиминацијата и контролата на кои било физички закани ќе ја подобри безбедноста на службениците и останатите присутни. На овој начин тие можат да се фокусираат кон постигнувањето на

следната фаза од нивната одговорност – да го идентификуваат и заштитат интегритетот на границите на местото на настанот. Првобитниот одговор треба да биде извршен на експедитивен, безбеден и методичен начин. Методот на пристап до локацијата од примениот повик е еднакво важен дел од тој процес.

Стандардната процедура за преземање на дејствија на место на настан, видот на повикот и она што може да се очекува од кои било криминални активности кои се во тек на местото на настанот ќе определат дали пристапот треба да биде изведен тивко или пак, ќе бидат потребни повици за помош од сопствениците на имотот, соседите, лицата кои ќе пристигнат на местотот на настанот и ќе се повика дежурниот центар за испраќање на дополнителни патролни службеници. Неопходна е особена внимателност, бидејќи секогаш во сите случаи треба да се очекува неочекуваното. Службеникот треба да биде подготвен за какви било опасни ситуации и околности кои можат да се појават веднаш или подоцна. При влегувањето во областа, службеникот треба да запамети сè што забележал во околината, вклучувајќи го и присуството и состојбата на сите присутни лица или возила кои пристигаат или ја напуштаат областа која е предмет на обезбедување или се во непосредна близина.

Треба да бидат вложени сите напори за да се преземат сите неопходни мерки на внимателност за безбедноста на службениците, како и за потенцијалните жртви, на начин кој ќе предизвика минимум контаминација на кој било потенцијален доказ кој може да се наоѓа на местото на настанот.

Службеникот кој прв излегува на местото на настанот, при пристигнувањето треба да биде свесен за сите можни околности кои можат да бидат полезни и да се обиде да ги процени и елиминира сите потенцијални опасности кои можат да ги попречат неговите напори да се стекне со контрола над ситуацијата. Потребно е да ја третира целата непосредна близина како потенцијално место на настан сè додека не се процени и определи поинаку. Пристапот на местото на настанот треба да е внимателен, да се набљудува целата област за да се процени ситуацијата темелно и да се забележи дали со криминалната активност било дејствувано на евентуално секундарно или дополнително место на настан, што може да предизвика распространетост на остатоци од извршувањето на дејствието. Треба да се евидентираат сите лица и возила кои се присутни и ја напуштаат

областа со цел да се информираат овластните службени лица на МВР, кои ќе ги проверат можностите за поврзаност со настанот;

Веднаш треба да се осигура дека нема непосредна закана по безбедноста на останатите колеги кои во меѓувреме пристигнуваат. Областа треба брзо да се прегледа заради евентуални знаци, мириси, звуци кои можат да бидат опасни за оние кои пристигаат (на пр. опасни материи како бензин, природен гас). Ако во настанот се користени опасни, експлозивни и биолошки оружја, или радиолошки или хемиски закани, пред да се влезе на местото на настанот треба да се информира соодветниот персонал или служба. При пристапот на местото на настанот потребно е да се намален ризикот за сите присутни, службениците, жртвите, сведоците, потенцијалните извршители и останатите граѓани:

- При пристигнувањето треба внимателно да се прегледа местото и избраната локација каде колегите и подоцна полицијата ќе се стационираат за да овозможи најдобро засолниште со претпазливост од секоја можна опасност која би пречела во воспоставување на контрола на ситуацијата.
- Возилото никогаш не треба да се запира или паркира непосредно пред местото на настанот, туку на безбедно рестојание со можност за брзо пристигање пеш. Да се користат дрвјата и објектите од кои може да се заземе поволна позиција за набљудување или заседа.
- За време на пристапување кон лице местото треба да се проценат околностите за пријавениот настан со она што е опкружување, за да се одреди најдобра локација на поставување на периметарот што ќе помогне во стратегијата на зачувување на сè од внатрешна или надворешна перспектива за да се изврши успешно задачата.
- Пред да се навлезе во областа каде можат да се набљудуваат пројавените детали од криминалните активности, треба внимателно да се определи патека на движење заради елиминирање на потенцијална контаминација. Оваа патека треба да биде доволно широка за да може да се канализира неопходната медицинска опрема и треба да биде единствениот начин за да се пристапи до местото на настанот за време на обезбедувањето. Патеката мора да се обезбеди од самиот почеток.

- Треба да се извести дежурниот во дежурниот центар и да се побара помош или засилување, ако е потребно.

Шематски приказ на местото на настанот и неговото обезбедување од страна на службениците:




**Заштита на местото на настанот преку ограничување на пристап**

Контролирање, идентификување, отстранување на лица од местото на настанот и ограничување на бројот на лицата кои влегуваат на местото на настанот и нивното движење, претставува важна одговорност на службеникот кој го обезбедува објектот, а кој прв пристигнува на местото на настанот. Изгубени или компромитирани докази значат изгубени можности. Докажано е дека газењето по просторот на местото на настанот, што често се случува, секогаш е многу штетно за истрагата. Често, овие упаѓања резултираат со тоа поосетливите судско-медицински техники, како што се анализа на траги и споредба на ДНК, да не се откријат или развијат успешно за употреба. Ова може сериозно да го попречи процесот на спроведувањето на истрагите и на конечниот исход на гонењето. Техничарите одговорни за собирање на докази на местото на настанот ја знаат безвредноста на постапката на собирањето на доказен материјал од местото на настанот, ако во тој простор се движеле голем број на лица. Затоа службениците кои први ќе

пристигнат на лице место, веднаш по пристигнувањето вршат идентификација на сите лица присутни на местото на настанот и го контролираат нивното движење. Службеникот кој е поставен на предниот влез на местото на настанот мора да ги евидентира сите посетители, што вклучува име, презиме и организациона единица на која припаѓаат, чинот или официјалниот статус, да побара дозвола за влез, причината заради која се тука и времето на пристигнувањето и напуштањето на местото на настанот. Апсолутно ниеден незапишан посетител не смее да влезе на местото на настанот. За да се зачува интегритетот на местото на настанот и за да се зачуваат доказите и да се минимизира нивната контаминација, од суштинска важност е да се спроведе контрола на движењето на лицата на местото на настанот и ограничување на бројот на лицата кои влегуваат внатре. Местото на настанот, т.е местото каде се случило кривично дело не е место за собирање и создавање метеж.

Стандардната постапка за спроведување на ограничувањата за пристап на местото на настанот вклучува ограничување на севкупното движење спроведено од страна на службеникот кој прв пристигнал на местото на настанот, со исклучок на овластените лица назначени по име, т.е членовите на тимот кој ја води истрагата. Контролата и придружувањето на сите лица на местото на настанот со дозволен и проверено ограничен или селективен пристап се врши за да се спречат лицата да извршат промена или уништување на материјалните докази.

Со легитимирање на сите лица на местото на настанот и со поседувањето список со имиња на лица чиј влез е дозволен, преку кој се врши проверка на идентитетот, се утврдува целта на влезот на местото на настанот, како и видот на влезот. Лица коишто можат да се најдат на местото на настанот:

Осомничени: ако е потребно, но на сигурно место, одделно во присуство на вооружена заштита од дојдените на помош службеници од патролите.

Сведоци: ако е потребно, но на сигурно место, одделно и под придружба заради обезбедување на нивна заштита.

Минувачи: водење на разговор со цел да се одреди дали тие можеби се потенцијални сведоци и да се постапува со нив на начин предвиден со закон, ако пак, не се потенцијални сведоци, тогаш да се отстранат од местото на настанот.

Жртви/семејство/пријатели: да се контролира нивниот пристап (да се држат понастрана од местото на настанот), или се дозволува нивно присуство на местото на настанот само тогаш кога треба да им се искаже сочувство.

Медицинскиот и друг помошен персонал целосно и накратко да се информира во врска со процедурите за влез и пристап на местото на настанот, а по потреба се придружуваат. Никој освен медицинскиот персонал под придружба, нема пристап до местото на настанот, а поради евентуалната итност од потребата од давање на прва помош на жртвите кои се повредени, а даваат знаци на живот, не треба посебна дозвола, а ако тоа не е случај, потребно е да се чека за одобрување или пристигнување на назначениот одговорен инспектор. Постојат точно определени основи за присуство на полицаец, без разлика на неговиот чин, а истото важи и за претставник на цивилната власт поради официјално информирање или поради други утврдени причини. Нема да се дозволи влез на кое и да било неовластено лице, без разлика на личната желба да се присуствува на местото на настанот (пр. службени лица за спроведување на законот, но кои не работат на случајот и без оглед што се старешини, политичари и претставници од медиумите). Ова зависи од пристапноста до местото на настанот и степенот на заштита на објектот кој се обезбедува.

Информирањето во врска со местото на настанот е единствен начин и можност, одговорниот инспектор да биде запознат со сите релевантни информации кои може да имаат директно влијание врз тоа како понатаму ќе се постапува во истрагата.

Правилната процедура за ова известување вклучува:

- Користење на белешки за забележување на преземените дејства на службеникот кој прв пристигнал на местото на настанот, за да се обезбеди подробна евиденција на сите збиднувања сѐ до пристигнувањето на одговорниот надлежен инспектор.
- Опис на сите дејства преземени од страна на одговорниот службеник заради обезбедување на местото на настанот, зачувување на интегритетот на местото на настанот; да им се укаже помош на жртвите; белешките кои се направени за релевантните надлежни лица; процена на расположливите факти, легитимирање; лоцирање и обезбедување на достапност на која и да било жртва или сведоци кои имаат сознанија во

врска со кривичното дело; какво и да било информирање во врска со положбата и местото на живеење на лицето; идентификација и опис на осомничениот.

- Помагање во определување на официјални параметри на местото на настанот.
- Предавање на одговорности во врска со документацијата која се однесува на влез и излез на местото на настанот.
- Останување на местото на настанот на лицето кое го обезбедува објектот, сѐ до целосно завршување на увидот, затоа што објектот е под негова ингеренција за обезбедување и тој не го напушта местото. Кога местото ќе биде напуштено од полициските службеници (доколку не се одлучи местото дополнително да се обезбедува), службеникот на приватното обезбедување продолжува со редовните активности на реализација на задачите како во нормални услови, доколку не му се наметнат дополнителни задачи од страна на полициските службеници, а во координација со неговиот претпоставен.

Веднаш по пристигнувањето на увидната екипа, работата на лицата за обезбедување на местото на настанот не престанува, освен што раководната функција за сите дејства сега ја има јавниот обвинител. Доколку јавниот обвинител не е присутен, а им дал овластување – наредба за вршење увид на лице место на овластените службени лица на МВР, улогата на раководење со местото на настанот ја презема одговорниот на увидната група. Тој ја води целата ситуација и издава јасни наредби на сите ОСЛ. Лице местото се напушта кога ќе завршат сите активности од страна на увидната и другите екипи. На крајот се прави службена белешка за извршеното обезбедување на местото на настанот. Во истата се опишуваат преземените дејства по аналоген ред и со временска рамка и се наведуваат дејствијата кои се преземени, како легитимирани лица, евидентирани присутни, состојба при доаѓање, присутни службени лица и сл.

Сите наведени документи треба да бидат објективни, со точни податоци, навремени и целосни, затоа што истите претставуваат слика на местото на настанот, илустрација на состојбата и начините на пронаоѓање, фиксирање и подигнување на доказниот материјал. Мора да се опишат и надворешните временски услови, доколку местото е на отворен простор, заради точна илустрација на видот, типот и квалитетот на преземените дејствија. Пишувањето на

соодветна документација е потребно за да се опишат дејствијата и да се опише ангажманот на службеникот за приватно обезбедување, затоа што истите ќе треба да се пренесат до сопственикот на објектот. Ваквите документи ќе значат оправдување за присуството на неповикани лица во рамки на обезбедуваниот објект, ќе биде оправдување за евентуалното напуштање на границите на обезбедуваниот објект, доколку настанот бил во непосредна близина или во дел од обезбедуваниот објект. Исто така ќе се даде конкретна слика за преземените дејствија, заедничкиот настап со другите колеги од патролите кои дополнително оствариле присуство. Документацијата е во функција и на давање на можност за барање на отштета од осигурителните компании за настанатите оштетувања и уништувања на имотот на сопственикот, нарачател на обезбедувањето.

### Управување и организирање на операциите на местото на настанот поврзан со терористички акт

Процесот на управување и организирање на операциите на местото на настанот поврзан со терористички акт ги вклучува сите чекори и дејствија кои се опишани во претходните делови. Овде ќе дадеме заеднички пресек на севкупната активност која се состои од повеќе чекори. Претходно мора да постои планирање, организирање, синџир на надзор (овластување) и координација. Улогата на оние што пристигнуваат први на местото на настанот, како што веќе појаснивме, е:

- да се спроведе прелиминарна процена на местото на настанот;
- да го обезбедат местото на настанот;
- да се применат мерки за спасување животи;
- да се воспостави безбедност и контрола.

За да го појасниме целиот процес и процедурите кои сите службеници мораат да ги следат кога излегуваат на местото на настанот по добивањето на пријава, ќе дефинираме дека тоа е процес од 11 чекори:

1. Подготовки.
2. Пристап кон местото на настанот.
3. Обезбедување и заштитување на местото на настанот.
4. Започнување на прелиминарно испитување.

5. Процена на можностите за физички докази.
6. Подготовка на опис;
7. Фотографско претставување на местото на настанот.
8. Спроведување на детално пребарување.
9. Бележење и собирање на физичките докази.
10. Спроведување на финално испитување.
11. Ослободување на местото на настанот.

Поради малиот простор за опишување на секоја постапка поединечно овде ќе бидат претставени сите наведени постапки во форма на набројување на дејствијата:

1.Подготовки:

- Обезбедување на потребните ресурси.
- Опрема: задолжително соодветна опрема согласно сознанијата што се случило на лице место. Секој пропуст може да биде со тешки последици по ангажираните полициски службеници.
- Персонал: лица кои се обучени за постапување во специфични случаи кои не се секојдневни, а покрај се се опасни.
- План за безбедност: одредување на соодветен периметар и стационирање на командната структура на соодветно растојание.

2. Пристап кон местото на настанот:

- Процена на местото на настанот, потврдување на добиените информации за какви материјали се работи и процена на опасностите за присутниот персонал. Процената на ризикот е доста важна и одлучувачка за почеток на активностите.
- Идентификација и претставување на секое службено лице и добивање на соодветни задачи.
- Разговор со овластените работници кои се присутни:
- Брифинг: дисеминирање на информациите до кои се дојдени раководните службеници и јавниот обвинител со овластените службени лица и потенцирање на начините, постапките, опасностите и неопходноста за носење на соодветна опрема.

3. Обезбедување и заштитување на местото на настанот:

- Обезбедување на интегритетот на местото на настанот.
- Воспоставување контролни зони.

4. Започнување прелиминарно прегледување на местото на настан:

- Обиколка на местото на настанот.
- Разработка на план за истражување и други пишани документи.
- Фотографирање / снимање на местото на местото.
- Наоѓање и разговор со жртвите и сведоците.
- Идентификација и наоѓање на сведоците.
- Обезбедување податоци за идентификација.
- Земање изјави.
- Документирање на повредите и местоположбите на телата или материјалите.
- Разговарање со медицинскиот перонали другиот помошен персонал и стручни лица кои можат да бидат повикани.

5. Процена на можностите за дополнителни ризици или закани:

- Утврдување на веројатните видови закани и ризици.
- Разработка на инициите и прелиминарните верзии.
- Употреба на надворешни стручњаци.
- Процена на методот за растурање на опасни (радиоактивните или нуклеарни) агенси.

6. Опис:

- Општ опис на местото на настанот.
- Дијаграми, скици и описи.
- Опис и документирање со опрема – фотографирање, мерење на радиоактивност, присутност на отровни, хемиски или др. средства.

7. Претставување на местото на настанот со фотографии:

- Фотографирање/снимање на местото на настанот.
- Снимање на поширока околина.
- Минимизирање на присуството на непотребен персонал на местото на настанот.

• Фотографирање/снимање на насобраната толпа за подоцна да може да се бараат потенцијални извршители, потенцијални сведоци, јатаци и сл.

8. Спроведување на детално пребарување:

• Пребарувањето се заснова врз оцена на доказите и во однос на процената на ризиците.
• Водење на пребарувањето од општо кон посебно.
• Употреба на посебни модели за пребарување.

9.Контрола на контаминацијата:

• Чистота.
• Идентификација на контаминираност.
• Деконтаминација.
• Жртви.
• Тела.

10. Евалуација на реализираното:

• Преглед на постигнатото.
• Идентификување на дополнителната работа.
• Осигурување дека сите докази се обезбедени.

11. Ослободување на местото на настанот:

• Советување на присутните и сопствениците во врска со можните дополнителни опасности или потребата од зајакнување на обезбедувањето.
• Предавање на местото на лицето задолжено за обезбедување на објектите или просторот.

**Увид на место на терористички настан**

Увидот претставува значајна алка од системот на процесни дејствија којшто служи за утврдување на вистината во кривичната постапка. Иако во увидот не партиципираат активно припадниците од агенциите за приватно обезбедување, сепак, заради нивно запознавање, со оглед на тоа дека тоа ќе се реализира на простор кој што тие го обезбедуваат и се одговорни за сите дејствија на тој простор или објект како пасивни (само за увидот) присутни, во кратки црти ќе биде изложена процедурата на вршење на увид.

Постапното откривање и спознавање на структурата на кривичниот настан подразбира откривање и фиксирање на доказни

информации преку вршење увид на местото на кривичен настан. Со увидот се регистрира и се фиксира целокупната автентична ситуација на местото на кривичниот настан (онаква каква што е затечена). За оваа цел се активира цел сплет од криминалистичко-тактички и криминалистичко-технички дејствија. Фиксирањето на целокупната автентична фактичка ситуација на locus operandi (место на настан) во нејзиниот непроменет изглед овозможува да се спознаат целоста на кривичниот настан и неговите одделни елементи, односно да се пронајдат и да се обезбедат неопходни релевантни материјални докази.

Според одредбите на ЗКП, увид се презема кога за утврдување или за разјаснување на некој важен факт во постапката е потребно непосредно сетилно забележување на јавниот обвинител и на останатите истражители од увидната екипа. Современиот приод во определувањето на природата и суштината на увидот говори дека ова сложено процесно дејствие воопшто не се сведува само на непосредно забележување со некое од човековите сетила и оти тоа не е само „голо“ регистрирање и фиксирање на материјални траги и објекти. Криминалистичко-спознајниот процес во првичната етапа од водењето на кривичниот предмет е незамислив без мисловно моделирање од страна на јавниот обвинител, кој посредно заклучува за текот на кривичниот настан и мисловно го реконструира на тој начин што ги изучува пронајдените и фиксираните материјални траги и докази. Тој најчесто формира и проверува верзии за структурата на кривичниот настан и за определени особености поврзани со предизвикувачот на тој настан (проучување на постојната фактичка состојба во врска со modus operandi (начин на извршување на делото), instrumentum operandi (средства за извршување на делото) и сл.

Активниот однос на увидната екипа при проучувањето на материјалните докази поврзани со кривичниот настан и на целокупната фактичка ситуација на locus operandi во криминалистичката практика се оживотворува преку формирање и проверување на верзии со помош на: анализа, синтеза, индукција, дедукција, аналогија, компарација итн. Само на ваков начин со ваков сестран приод може да се проучи квалитетно целокупната фактичка ситуација и locus operandi во врска со определен кривичен предмет за кој се води кривична постапка.

Увидот претставува сложено истражно или судско дејствие што се состои во непосредно сетилно забележување или

забележување со помош на технички помагала, како и истовремено проучување на материјални објекти и траги пронајдени на местото на кривичниот настан на тој начин што со помош на криминалистичко-технички и криминалистичко-тактички средства и методи се фиксира и со формирање на верзии се толкува целокупната автентична фактичка ситуација на местото на кривичниот настан, со цел да се спознае и да се разјасни структурата на кривичниот настан.

**Цели на увидот**

Основна цел на увидот како типично невербално процесно дејствие е да се утврди постоењето или непостоењето на определено кривично дело на кое што индицира конкретен кривичен настан истражуван на местото каде што тој се случил, односно на местото каде што се создадени и оставени траги и предмети од кривичното дело. Со увидот се дава одговор на првото главно криминалистичко прашање: Што се случило?

Покрај оваа генерална цел, при спроведувањето на истражниот увид од страна на истражниот судија се остваруваат и други цели:

- Утврдување на видот на кривичното дело (на пример, дали станува збор за тероризам или предизвикување општа опасност).
- Пронаоѓање индицијални (индиректни) докази потребни за откривање и идентификување на сторителот на кривичното дело.
- Пронаоѓање и фиксирање на доказни информации што упатуваат на: modus operandi, tempus operandi, instrumentum operandi, мотивот за извршување на кривичното дело, како и утврдување на други значајни околности важни за диференцирање на криминалната активност на сторителот на кривичното дело.
- Пронаоѓање на траги и предмети што овозможуваат да се утврди идентитетот на жртвата.
- Утврдување на видот и големината на штетата настаната со извршување на кривичното дело.
- Проверување и контрола на прибраните лични и материјални докази.
- Пронаоѓање и проучување на предмети и траги од кривичното дело или на предмети што му припаѓале на сторителот. Овие

собрани информации упатуваат на препознатливи специфичности во примената на деликвентската тактика и техника на сторителот. На овој начин се добиваат податоци за определени својства кои ги поседува сторителот и за неговиот психолошки и личен профил.

**Задачи на увидот**

Преку вршењето увид се решаваат значајни задачи детерминирани од видот на увидот и другите специфичности на кривичниот настан. Со увидот се решаваат следните задачи:

- утврдување на границите на местото на кривичниот настан и на неговите специфичности;
- утврдување и проучување на околностите под кои е извршено кривичното дело;
- пронаоѓање и утврдување доказни информации за формирање и проверување на верзии;
- пронаоѓање, обезбедување и фиксирање на сите траги и предмети од кривичното дело за да може да се зачува автентичноста на фактичката ситуација на местото на кривичниот настан;
- утврдување на негативни околности и факти;
- утврдување на функционална поврзаност и зависност на материјалните објекти;
- утврдување на очевидци и други сведоци;
- утврдување на насоката на доаѓање и заминување на сторителот до и од местото на кривичниот настан;
- евентуално пронаоѓање на сторителот, т.е. стекнување сознанија за него со формирање на поширок круг од потенцијални сомнителни лица меѓу кои се бара вистинскиот сторител на кривичното дело;
- собирање податоци за природата на дејствијата што предизвикале конкретни измени во структурата на местото на кривичниот настан;
- податоци за времетраењето на кривичното дело;
- хронологијата на криминалните дејствија;
- дејствијата на учесниците во кривичниот настан;
- конкретното место на извршување на определено дејствие на кривичниот настан;

- конкретното време на извршување на определено дејствие на кривичниот настан;
- местоположбата на учесниците (жртва,сторител,превозно средство) во кривичниот настан во моментот на настанување на последицата;
- динамиката и интезитетот на истражуваниот кривичен настан во целост или според одделни негови елементи: брзина на движење (на човек,превозно средство),сила,притисок,удар и др.

Увидот треба да ни даде одговор на повеќе прашања преку опширен опис на местото на настанот:

- датум и место кога е добиена поплака или повик и од кого;
- кои информации му се дадени на јавувачот;
- адреса на местото на злосторството;
- листа на агенти кои одговориле на местото и нивните должности;
- листа на полицајци кои, исто така, одговориле на местото и нивните должности;
- кој бил контактиран кога агентот пристигнал на местото и, накусо, кои информации ги обезбедиле;
- имиња, адреси и телефонски броеви на сите сведоци (како и дескриптивни информации доколку е можно) и нивна идентификација;
- временските условите и часот на вашето пристигнување на местото и другите услови на местото кога пристигнавте;
- ако биле лоцирани, заведени и задршани доказни предмети, да бидат заведени во дневникот за докази;
- да се наведе времето кога започнало и завршило пребарувањето на местото на злосторството;
- да се идентификуваат конкретните предмети поврзани со кои било други значајни настани на местото (на пример, отстранување на мртвите или повредените лица и кој ги придружувал, кој го обезбедувал и го заштитувал местото и како);

Листа на постапки кои треба да се реализираат на местото на експлозија (бомбашки напад):

- сослушување на полицајци, пожарникари, лица од приватно обезбедување, медицински служби и очевидци;
- утврдување на сопственикот на имотот и сите жртви;

- да се најдат имињата на сите лица кои вообичаено се наоѓаат во просториите (вработени, хигиеничари, работник за приватно обезбедување итн.);
- листа на имиња и адреси и телефонски броеви на сите лица што ќе бидаг сослушувани и листа на сите возила во областа;
- сослушување на очевидците во врска со местото нред, за време и веднаш по експлозијата во случаите на бомбашки напади;
- испрашување на очевидците во врска со некакви невообичани околности, предмети, луѓе или автомобили;
- сослушување на сите очевидци во врска со бојата на чадот, мирисот, звукот на експлозијата, описот на сомнителни лица или возила, детали во врска со луѓе кои влегле во областа пред експлозијата и што носеле итн., во случаите на бомбашки напади;
- утврдување на очевидци од типот на „доставувачи";
- да се утврди каде биде очевидците за време на експлозијата или злосторството;
- да се утврдат дистрибутерите на компоненти на импровизирани експлозивни средства во случаите на бомбашки напади.

**Барање одговор на основните прашања во врска со увидот**

При вршењето увид на местото на кривичниот настан се бараат одговори на повеќе прашања за да се разбере суштината на кривичниот настан и улогата на предизвикувачот на тој настан:

1. Кој пат го користел сторителот за да дојде до местото на кривичниот настан.
2. Време на извршување на кривичното дело.
3. Каде сторителот се движел на самото место.
4. Време на престојување на сторителот на самото место.
5. Атмосферски прилики за време на извршување на делото.
6. Атмосферски прилики за време на вршењето увид.
7. Средства и начин на извршување.

8. Број на луѓе присутни на местото на кривичниот настан за време на неговото извршување (каде стоеле, како се движеле или каква улога имале).

9. Точно место на извршување и положба на сторителот и на нападнатиот објект во моментот на извршување на делото.

10. Сите места од каде што можело да се види или да се чуе она што се случило на самото место.

11. Негативни (одречни) околности: дали постојат сите траги и дали лежат на вистинското место.

12. Дали на самото место останал некој предмет од сторителот.

13. Дали на самото место постојат други индиции.

14. Големината на нанесената штета.

15. Мерки за подготвување на делото, како и за обезбедување од изненадувања и препознавања.

16. Мотив.

17. Пат по кој сторителот си заминал од местото на кривичниот настан.

18. Дали треба да се нареди вршење надзор на самото место за време на вршењето увид или подоцна (опсервација,заседа), со оглед на тоа дека кај некои тешки кривични дела сторителот често се враќа на местото на кривичниот настан.

19. Доколку за време на увидот некои лица се лишени од слобода, да се изврши преглед (увид) над нив.

20. Дали на определени лица ќе им се дозволи да присуствуваат на вршењето увид за да се следат нивното душевно расположение и спонтани реакции.

Во зависност од типот на кривичниот настан кој се истражува, на местото каде што тој се одвивал или на местото каде што настанале штетните последици, се откриваат и криминалистичко – технички се обработуваат разновидни траги и предмети од кривично дело: траги од папиларни линии (отпечатоци од прсти, дланки и стапала), траги од обувки (стапалки), траги од оружје, траги од крв или други биолошки траги (влакна, коса, сперма или од други секрети), траги од возила, траги од заби, траги од земја, траги од експлозии, траги од

стакло, траги од дрога или отров, микро – траги, средства за извршување на кривично дело и др. Во оваа фаза се врши криминалистичко – техничка обработка на трагите т.е. тие се откриваат,се обезбедуваат, се пакуваат, се транспортираат и се толкуваат, а подоцна се испитуваат во лабораториски услови.

**Траги на место на терористички напад**

Трагите пронајдени на местото каде што е извршено кривичното дело или на други места кои се поврзани со него можат сами или во комбинација со други траги да дадат релевантни доказни информации за кривичното дело и за сторителот. За трага се смета секоја видлива и со голо око невидлива промена што се доведува во врска со постоењето на определен кривичен настан. Секоја трага се проучува одделно за да може да си го најде местото во мозаикот на кривичниот настан како сложена реална појава составена од неколку елементи. Проучувањето траги подразбира:

1. утврдување на видот на трагата;
2. утврдување на местото каде што се наоѓа трагата;
3. утврдување на причините зошто трагата се наоѓа на определено место;
4. утврдување на времето на создавање на трагата;
5. утврдување на поврзаноста на трагата со други траги и предмети.

За да се изврши правилна процена што се случило на местото на настанот и да се одговори на други прашања со цел откривање на сторителите, потребно е трагите од местото на настанот да се третираат соодветно, што подразбира:

1. пронаоѓање, подигнување и анализирање видливи траги и предмети;
2. откривање, обезбедување и фиксирање невидливи (латентни ) траги;
3. мулажирање (одливање) траги;
4. пронаоѓање и фиксирање на микротраги;
5. пакување на трагите и предметите;
6. фиксирање на мирисни траги;

7. обезбедување на компаративен материјал за дополнителни вештачења.

## Видови траги на место на терористички акт

### Траги од стапала

Трагите од стапала можат да бидат корисни за идентификација на сторителот на кривичното дело, но исто така можат да укажуваат и на други работи:

- број на сторители на кривичното дело;
- правец и начин на движење на сторителот;
- пол и возраст (се одредува врз основа на видот на облеката, должина на трагата и чекорот);
- телесни недостатоци на сторителот (дали има „X“ или „O“ нозе и сл.);
- висина на сторителот (познато е дека кај нормално развиен човек должината на босо стапало за 6,876 пати е помала од неговата висина; оваа формула на сметање на човековата висина ја изработил Парвин, но постојат становишта кои ја оспоруваат оваа негова теорија);

Трагите од стапала исто така укажуваат и на начинот на одење на човекот на основа на:

- должината на чекорот;
- линија на одење;
- аголот на одење;

Одењето претставува сложен моторички акт кој, во извесна смисла, е специфичен за секоја личност. Начинот на одење на определен поединец е условен првенствено од неговата анатомска и физиолошка градба и на основа на трагите од неговите стапалки лесно можат да се утврдат горенаведените анатомски карактеристики, како што е висината. Висината се одредува така што од измерената должина на трагата од обувки се одзема 2 см, па добиениот број ќе се помножи со коефициент кој изнесува 6,876 за луѓе со складни пропорции, меѓутоа бидејќи тука се работи за просечни вредности, добиената вредност треба да се сфати само во ориентационо-елиминациска смисла. Релјефни траги од стапала настануваат со газење по мека подлога, како што се земја, дебел слој

на прашина, песок или снег.[16] Фиксирањето на траги од стапала ја следи основната динамика на процесот на фиксирање: означување, т.е. обележување, внесување во записник, фотографирање и скицирање, а делот кој посебно се нагласува е мулажирање, затоа што неговиот процес зависи од подлогата на која е најдена трагата.

**Траги од папиларни линии**

Под траги од папиларни линии во криминалистичко-техничката практика се сметаат оние траги кај кои има јасно изразени цртежи од папиларни линии. Папиларните линии се вдлабнатините и испакнувањата на кожата на рацете и нозете, дланките и петиците, кои се идентификациски елементи на човекот. Секој човек на секој поединечен прст од рацете има специфична структура (конфигурација) на кожата која е уникатна за секој прст и за секој човек поединечно. Не постојат поклопувања дури ни кај еднојајчаните близнаци.

Основни карактеристики на цртежите од папиларни линии се:

- непроменливост;
- индивидуалност;
- групирање;
- преносливост.

Постојат два вида папиларни линии:

- видливи траги од папиларни линии;
- невидливи (латентни) траги од папиларни линии.

Папиларните линии имаат фина структура која може да биде втисната во мека, рамна подлога и во тој случај трагите од папиларните линии се јавуваат во облик на релјеф. Овие траги се пренесуваат со допирање на предметите. На кожата постојат пори кои постојано лачат пот. Потта по содржина е вода со сол. При испарување на водата останува солната материја која ги дава оцртувањата на папиларните линии на видливите делови – испакнатите и вдлабнатините или невидливите, а тоа се внатрешните елементи на кожата. За нанесување по допирање, тие можат да се

[16] Вељанов, С., Експлозии и траги од активирана експлозивна направа, Безбедност бр. 4, Скопје, 1996

најдат на различни површини, како што се рамни подлоги, стакло, глина, парафински свеќи, експлозив, бомба, порцелан, лепливи траки итн. Истите релативно потешко можат да се забележат со голо око, но исто така можат и лесно да се уништат. За пронаоѓање на траги од папиларни линии најважна е мисловната конструкција согласно претпоставената траса на движење, пристап и присуство на местото на настанот. Идентификацијата, т.е. пронаоѓањето на ваквите траги најдобро се реализира со употреба на коса светлина на 45 степени. За да се направат видливи се користат различни четки на кои се нанесува материја во форма на прав, во боја спротивна од бојата на предметот каде е пронајдена трагата. Потоа се подигнува со леплива лента на која се лепи отисокот третиран со соодветната прашкаста материја, соодветно се пакува и се носи на вештачење. Трагата може да биде целосен отисок или фрагмент. За мулажирање на релјефни траги од папиларни линии може да се користи специјален т.н. скулпторски или *алабастер гипс*, но поради нивната еластичност многу често се користат и некои *силиконски пасти*.[17]

**Траги од експлозиви и оружје**

Трагите кои можат да се најдат за време на вршење увид на местото каде што е сторено кривично дело со употреба на огнено оружје можат да се поделат на неколку групи:

- огнено оружје како трага;
- проектил како трага и траги од проектил;
- чаури;
- траги од ловечко оружје;
- траги од барут и полусогорени барутни честички;
- траги од експлозив;
- траги од додатоци на импровизирани експлозивни направи;
- траги од запалувачи и иницијални елементи на експлозивна направа.

**Траги од експлозивна направа и експлозија**

Во многу области од работењето со различни опасни материи постои ризик од настанување на експлозија и пожар. Ризикот за настанување зависи од многу хемиско-физички особини на материјата, начинот на манипулација и примената на превентивно-техничките мерки за заштита и безбедност. Во однос на

[17] Ibid

класичното горење на материјата и експлозивните процеси, може да се анализираат од моментот на палење, горење и проширување на горењето. Извори за палење има многу (како што и погоре беше објаснето): отворен пламен, механичка, електрична искра, загреани површини и сл.

Запаливите прашини, како и запаливиот гас или пареа на запалива течност кога се помешани во одреден сооднос со воздухот (кислородот) и во контакт со доволен извор на палење експлозивно согоруваат. За да се квалификува процесот на согорување како експлозија ќе зависи од многу фактори. Тоа зависи од физичко-хемиските својства на материјата која учествува во процесот на согорување, концентрацијата, количините, температурата и брзината на согорување. За ваквите процеси карактеристична е и појавата на меѓупроцесите. Меѓупроцесите се јавуваат како резултат на добивање на меѓупроизводи во процесот на горење или закаснета реакција на одредени делови поради недостатокот на кислород или недоволна концентрација на запливиот гас.

Карактеристично за процесите на експлозивно согорување, секако, дека се границитена експлозивност (долна и горна граница на експлозивност). Колку е поголемо подрачјето (растојанието) помеѓу долната и горната граница на експлозивност, толку е и поопасна материјата. Степенот на опасноста од експлозивното согрување за опасните материи е определен лабораториски и постојат таблични вредности. Овие податоци можат да се користат во делот на превентивната заштита или да послужат како податок во делот на истражувањето на причините за пожарите и експлозиите. Експлозијата како примарна реакција може и секунадрно да предизвика пожар во услови на рушење на објектите, каде што има огништа или ложишта, краток спој на електричната инсталација, оштетена гасоводна инсталација и сл.

**Експлозија и експлозивни појави**

Под *експлозија* се подразбира процес на екстремно брза трансформација на потенцијалната енергија на еден систем во кинетичка енергија или друг вид енергија со помош на надворешна енергија или иницијален импулс.[1] Трансформацијата се манифестира со преминување од цврста, течна или гасовита состојба во гасовита состојба под дејство на ослободената енергија. За експлозијата карактеристично е зголемувањето на притисокот врз околината како последица на формираните гасни продукти. За одвивање на

експлозијата е неопходна енергија за активирање, која што се нарекува надворешен или иницијален импулс.

Под *експлозивни материи* се подразбираат гасовити, течни или цврсти хемиски соединенија или смеси кои под влијание на одредена енергија за активирање се разложуваат за многу кратко време со ослободување на топлотна енергија и големи количини на затоплени гасови и високи температури. Во услови кога доаѓа до распрснување на садови и инсталации под притисок на некој медиум (гас), или кога доаѓа до распрснување од дејство на маханичка сила, тогаш се работи за чисто физички процес и се нарекува физичка експлозија. Според видот на процесот при кој доаѓа до трансформација на потенцијалната енергија на системот, експлозиите можат да бидат:

- физички,
- хемиски и
- нуклеарни експлозии.

Физичките експлозии (механички, технолошки) настануваат при распукување или распаѓање на садовите или инсталациите под притисок. Ваквите експлозии се вбројуваат во физички појави (процеси). Физичките експлозии се проследени со ефектот на разорување и исфрлање на садовите под притисок, при што доаѓа до рушење на делови од објектите или цели објекти од дејството на ударниот бран и др. Во услови на физичко-механичка експлозија не се ослободува топлина како последица на хемиска реакција.

Отворениот пламен и електричната енергија (ел. апарти и уреди) во објектите се потенцијаните извори за запалување на материјата која истекува од резервоарите или садовите под притисок, а најчесто настанува голем пожар или доаѓа до секундарна експлозија. До експлозија на садовите и резервоарите под притисок најчесто доаѓа како последица на следните причини:

- употреба на несоодветен материјал за резервоарите или садовите;
- несоодветна обработка на материјалот (заварувањето, лемењето, лепењето и др.);
- ослабнување на ѕидовите на материјалот од садот или резервоарот од дејството на корозијата;
- преполнување, односно пречекорување на дозволениот притисок на издржливост на садот или резервоарот;

- изложеност на садовите и резервоарите на зголемен притисок или температура;
- несоодветно одржување на садовите и резервоарите;
- неправилно ракување и манипулација (грешки при работата) и др.

Кога садот под притисок рапрснува се слуша јак звук, се јавува ударен бран и најчесто нема појава на светлосни ефекти. Инсталациите или садовите под притисок со запалив гас, во моментот на оштетувањето, овозможуваат гасот веднаш да почне да истекува, да се меша со воздухот и во контакт со извор на палење, доаѓа до секундарна експлозија.

Експлозијата на садовите под притисок имаат доволна сила за рушење на делови од објектите, односно предизвикуваат големи материјални штети, тешки последици по здравјето на луѓето, човечки жртви, како и големи последици за животната средина.

**Хемиски експлозии**

Хемиската експлозија настанува како последица на хемиските реакции, каде хемиската енергија на материјата брзо се тренсформира во топлинска енергија со ослободување на гасови како продукти на реакцијата. Времето на одвивање на реакцијата е многу кратко, така што комплетната реакција се одвива во волуменот на експлозивната материја. Ослободената топлинска енергија понатаму се трансфомира во кинетичка енергија, способна да изврши механичка работа за многу кратко време како на пример[18]:

- согорувањето на потисната експлозивна материја која кај минофрлачот ја исфрла мината кон целта;
- смесата од воздух и пареа од бензин контролирано експлозивно согорува во цилиндрите на моторот со внатрешно согорување;
- со посредство на хемиската експлозија се врши минирање во рудниците, при изградба на патишта, уривање згради и др.

Експлозивни материи се оние производи (хемиски соединенија или смеси) кои имаат својство под влијание на надворешен импулс, брзо хемиски да реагираат и при тоа да се

[18] Ackerman, G., Assessing terrorist motivations for attacking critical infrastructures, Centre for Nonproliferation Studies, Monterey Institute of International Studies, 2007

ослободуваат гасови, загреани на неколку илјади степени Целзиусови и под притисок од околу $2 \cdot 10^{10}$ Pa (околу 200000 атмосфери).

**Нуклеарни експлозии**

Нуклеарните експлозии се краткотрајни процеси при што се ослободуваат огромни количества на потенцијална енергија во вид на механичка, топлинска и енергија на радиоактивно зрачење. Овие експлозии можат да бидат предизвикани со процес на фузија или фисија, односно реакција на синтеза, цепење на јадрата на хемиските елементи. Нуклеарните експлозии, според количеството на ослободената енергија и според катастрофалното дејство на околината, ги надминуваат сите останати видови експлозии (пример: експлозиите во Хирошима и Нагасаки во 1945 г., катастрофата на атомската централа во Чернобил во1986 г., катастрофата на атомската централа во Фокушима во 2012 г.).

**Експлозивни материи**

Експлозивните материи можат да бидат во цврста, течна или гасовита агрегатна состојба. Експлозивните материи во цврста агрегатна состојба имаат најширока примена во практиката. Материите во гасовита агрегатна состојба помалку се применуваат, но во практиката често можеме да ги сретнеме како експлозивни гасови, гасни смеси и експлозивна прашина. Експлозиите на метан и јагленовиот прав во рудниците имаат катастрофални последици.

Течните експлозивни материи многу ретко се употребуваат бидејќи се преосетливи на надворешните импулси, меѓутоа имаат голема примена при производството на други експлозивни материи, како што се потисните, а посебно оние експлозивни материи кои се користат како ракетен погон. Според хемискиот состав експлозивните материи можат да бидат чисти хемиски соединенија (еднокомпонентни експлозиви) или смеси од повеќе соединенија (хомогени или хетерогени). Поделбата на експлозивните материи најчесто е според примената и тоа на следните групи:

- иницијални експлозивни материи;
- бризантни експлозивни материи;
- потисни експлозивни материи (барути);
- пиротехнички смеси.

**Иницијални експлозивни материи**

Иницијалните експлозивни материи се употребуваат за иницирање на останатите експлозивни материи, па се познати и како примарни. Примарните експлозиви се употребуваат за изработка и производство на средствата за палење на експлозивите. Начинот на активирање може да биде со удар, триење или со пламен. Имаат голема осетливост при удар, триење или контакт со отворен пламен. Карактеристика на експлозивното разложување на иницијалните експлозивни материи е детонацијата. Јачината на детонацијата е мала, но доволна да изврши активирање на експлозивните материи, притоа за многу кратко време се постигнува максимална брзина на експлозивното разложување.

Се употребуваат за производство на иницијални средства како што се: иницијалните каписли (кај муницијата со калибар до 20 mm), топовски каписли (муниција со калибар над 20 mm) и разни запалки за проектили и минско-експлозивни средства.

Најважни претставници на иницијалните експлозивни материи се следните хемиски соединенија: фулминати, азиди, феноли и ацетилени.

Без оглед на која група спаѓаат, иницијалните експлозивни материи мора да ги имаат следните својства:

- висока иницијална способност – безусловно активирање;
- безбедност при пакување и примената;
- голема насипна густина и можност за пресување;
- компатибилност со металите – не смеат да реагираат во содејство со металите;
- стабилност – на микро и макро климатски услови.

**Бризантни експлозивни материи**

Оваа група на експлозивни материи во литературата, па и во практиката, често пати се означуваат со името секундарни и разорни. Од другите експлозивни материи се разликуваат по многу големата стабилност и постојаност во однос на надворешните влијанија. Детонираат под дејство на силен надворешен импулс. Повеќето од бризантните експлозиви се добиваат со хемиската постапка нитрирање т.е. со воведување на една или повеќе нитро-групи во некој органски молекул. Како претставници ги издвојуваме: тринитротолуол-ТНТ, којшто физички и хемиски е

доста стабилен, лесно се пресува, има добри својства, во чист облик се употребува како полнење на артилериски проектили и авиобомби, минско-експлозивни средства, се употребува како смеса во сите хемиски експлозивни материи; тетрил, кој се користи за секундарно полнење на детонаторски капсули кога му се додава и графит, а намената му е за лаборација на убиствените средства каде се користи во смеса со ТНТ во вид на експлозивни куршуми за рушење на елементи и објекти; хексоген, кој на обична температура е во вид на бели кристали, без мирис и без вкус, отровен е, температурата на палење му е 205 С, а темпертурата на експлозија му е 3380 С (смесата на хексоген и ТНТ и други материи е позната со ознаки Ц-1,Ц-2,Ц-3, Ц-4); пентрит, кој е мошне осетлив на удар и триење, а детонира ако нагло се загрее на температура од 488 С; Како чисто соединение се користи за изработка на детонатори, детонаторски фитил и слично, а во смеса со парафин се користи за полнење на малокалибарски панцирни зрна, а во смеса со ТНТ се употребува за полнење на кумулативни зрна; нитроглицерин (најсилна експлозивна материја), кој во чиста форма преставува маслинеста, проѕирна и безбојна течност, а техничкиот производ е со жолто-кафеава боја, што зависи од чистотата на појдовниот глицерин; пластичен бризантен експлозив (мек, еластичен, тестест и може да се обликува по желба), кој се добива со мешање на прашкаст бризантен експлозив со пластичен материјал или желатизација на бризантен експлозив, пластичен експлозив на база на хексоген, на база на нитроглициерин; стопански бризантни експлозиви наменети за минирање, во градежништвото при градење на тунели, патишта, како и за рушење на елементи и објекти од бетон, се користат во рударството и сл. (температурата на палење е над 433 С, температурата на мрзнење е под 253 С, се иницира со детонаторска railcapisла или бустер-засилувач).

**Потисни експлозивни материи (барути)**

До шеесеттите години на минатиот век единствено позната експлозивна материја бил црниот барут. Тој се употребувал за исфрлање на проектилите од цевката на огнените оружја и за полнење на сите видови проектили, како и за минирање во рударството, градежништвото и др. Со пронаоѓање на нитроцелулозата, ниторглицеринот и пластичните експлозивни материи започнал интензивен развој на потисните експлозивни материи, при што црниот барут е заменет со современи експлозивни материи. Таканаречениот малкучаден барут во потполност го истиснал црниот барут како потисна експлозивна материја.

Потисните експлозивни материи (барути) се експлозивни материи кај кои основен облик на хемиското разложување е согорувањето. Брзината на согорувањето е релативно мала (неколку милиметри до неколку десетини сантиметри во секунда) и контролирана, но,сепак, е доволна за искористување на кинетичката енергија на гасните продукти создадени во процесот на согорувањето за задвижување на проектилот во цевката на оружјето, односно ракетните проектили. Барутите кои се користат во светот, можеме да ги поделиме во две основни групи:

- хомогени барути или барути од колоиден тип;
- композитни барути или барути-механички смеси.

Основно барање што барутите треба да го исполнуваат е со мало количество да се постигне максимална почетна брзина на проектилот, а со тоа да не се пречекори максималниот притисок што цевката може да го издржи, а кај ракетните проектили да се постигне што поголем специфичен инпулс.[1] Покрај ова, барутите треба да ги исполнуваат следните услови:

- продуктите на експлозивот да не ја оштетуваат цевката или млазницата;
- лесно и брзо да се иницираат на сите температури од -40 C до +60 C;
- да согоруваат рамномерно независно од температурата на околината;
- што подолго да ги сочуваат своите перформанси – хемиски и балистички;
- да не се хидроскопни;
- да создаваат минимален блесок на устата од цевката и минимален чад;

Според составот на оксидансот и горивната материја сите барути се делат на:

- хомогени барути;
- композитни барути.

**Експлозивни процеси**

Најбавен процес на разложување на експлозивните материи се процесите на согорување. Од нив се побрзи процесите на експлозија, а најбрзи се процесите на детонација. За предизвикување на кој било процес, потребно е во системот однадвор да се доведе одредено

количество на енергија. Експлозијата е забрзан процес на согорување на материја. Кај експлозиите разликуваме три вида на согорување и тоа:

- дефлаграција (согорување);
- експлозија и
- детонација.

Согорувањето е процес каде енергијата за активација се предава по пат на спроводливост, дифузија и зрачење на топлинската енергија. Кога согорувањето се врши на отворен простор брзината на експлозивниот процес се движи од неколку мм/с и нема карактеристичен звук ниту се врши механичка работа. При согорувањето во затворен простор процесот се одвива побрзо, затоа што расте притисокот на гасните продукти, а како последица на тоа расте и брзината на согорување која може да достигне движење од десетина м/с и е проследена со силен звучен ефект.

Експлозијата достигнува движење од неколку стотици до неколку илјади м/с и речиси да не зависи од надворешните фактори, со карактеристични обележја на наглиот скок на притисокот на местото на експлозијата и променлива брзина на распростирање на процесот. Експлозијата се разликува од согорувањето по тоа што согорувањето се пренесува низ експлозивната материја по пат на предавање на топлината и дифузно, а експлозијата по пат на набивање на материјата со ударен бран. Дејството на експлозијата се манифестира со силен удар кој предизвикува силни деформации и разорување на предметите околу местото на експлозијата.

Детонацијата преставува најсовршената форма на експлозија. Брзината на детонацијата има константна вредност, максимално можна за таа експлозивна материја и многукратно поголема од брзината на звукот. Брзината на детонацијата како гранична вредност претставува една од најважните карактеристики на експлозивните материи затоа што само во услови на детонација може да се постигне максимално можно дејство на деформација, рушење и расфрлување на материјата од околината.

**Траги од алати**

Алатите и другите видови направи (најчесто механички) може да се групираат:

- врз основа на потеклото;

- видови алатки и на кој начин тие функционираат.

Спрема нивното потекло тие се делат на:

- фабрички произведени алатки;
- специјално правени алатки;
- рачно произведени алатки;
- практични алатки.

Кога станува збор за видовите на алатки и начинот на нивното делување, во криминалистичко – техничката практика се среќаваат следните видови на траги:

- траги од сечила;
- траги од удари;
- траги од убоди;
- траги од оружје за провалување;
- траги од бушење;
- траги од стружење;
- траги од копање.

Под сечило се подразбира таков вид оружје кое конструкциски содржи една или повеќе површини кои се наострени. Тука спаѓаат:

- еднострани и двострани ножеви;
- еднострани и двострани секири;
- разни видови жилети;
- скалпел;
- срп;
- клешти;
- косачки;
- месарски сатари;
- бритва;
- брадва (дрводелска секира).

Карактеристиките на трагите кои овие сечила ги оставаат се во директна врска со начинот на нивното дејство. Цел на секое сечило е да раздвои една целина на два дела што може да се направи целосно или делумно. Како резултат на дејствата на сечилата на пресечениот или засечениот предмет се јавуваат микро релјефни облици кои служат како основа за идентификација. Криминалистичко-техничката обработка на трагите од сечила се врши на ист начин како и кај другите траги, а тоа значи дека тие траги откако ќе се откријат,

ќе се означат и ќе се евидентираат во записник, ќе се фотографираат и скицираат и, по потреба, ќе се изработи одливање на трагата.

Трагите од удари најчесто настануваат со употреба на специјални алати конструирани за тие потреби, а најчесто тие настануваат со удирање на чекани, камења, врв од секира, метални делови итн. Со удирањето се јавуваат деформации на површината на која се нанесува ударот па доаѓа до пресликување на микрорелјефот од површината на алатот на површината на која се удира. Настанатите траги се фиксираат со стандардните методи за нивно фиксирање: обележување, внесување во записник, скицирање, фотографирање, а по потреба, се изработува мулаж на трагата.

**Траги од возила**

За да можат да се дефинираат трагите[1] кои ги оставаат возилата потребно е дефинирање на поимот возило. Возилата претставуваат превозни средства за луѓе и предмети. Посебни видови на возила се: авиони, бродови и чамци, железница, но траги од овие видови на возила во криминалистичката практика ретко се среќаваат. Најчеста и најпотполна поделба на траги од возила е следната:

- траги на возилата и во возилата;
- траги на жртвите;
- траги на отпаднати делови и разни материјали од возилата;
- траги кои ги оставаат пневматиците од патничките и товарните возила.

**Траги од крв**

Постојат неколку поделби на трагите од крв, а најприфатлива е онаа која ја извршил Н.Б. Попов, кој извршил поделба на трагите од крв на:

- траги од крв во вид на капки;
- траги од течење на крв;
- траги од крв во вид на отпечаток;
- комбинирани траги од крв;

Од криминалистичко-оперативен аспект, големо значење има и онаа поделба на трагите од крв која ја застапува В. Водинелиќ, а според која се разликуваат:

- капки крв;
- локва крв;

- млазови крв;
- траги од влечење;
- траги од замав;
- крвни исеченици.

Кога се бараат траги од крв треба да се направи мисловна реконструкција на местото на кривичниот настан (да се утврди правецот на движење на сторителот и жртвата, нивниот меѓусебен однос и положба). Кога ќе се пронајде трага којашто личи на трага од крв, се врши фиксирање на трагата така што најпрво се опишуваат во записникот битните елементи на трагата, потоа трагата се фотографира и се скицира, а после тоа се зема примерок од материјата заради доставување во лабораторија за испитување. Многу е важно кога се пакуваат трагите од крв, на амбалажата писмено да се означат податоци за местото од каде што е пронајдена трагата и да се доведат во врска со записникот за увид, за да нема дилеми околу нивното потекло.

**Траги од плунка**

Оставањето на траги од плунка може да биде поврзано за самиот начин на извршување на кривичното дело (испраќање на заканувачки писма, лепење на поштенски марки на писма и сл.), а многу често овие траги можат да бидат навика на извршителот на кривичното дело (догорчиња од цигари, гума за џвакање), па дури и резултат на негово вообичаено однесување (плунка на подот, на сопствената облека). Трагите од плунка[1] имаат идентификациски карактер, затоа што со помош на плунката може да се утврди крвната група и полот на лицето на кое му припаѓа пронајдената трага од плунка, но овие видови траги не смеат да бидат постари од 10 – 15 денови. Со оглед на тоа дека трагите од плунка содржат единствена генетска структура, можна е идентификација на лицето од коешто потекнува пронајдената трага од плунка.

**Траги од влакна**

Во криминалистичка смисла, под поимот влакна се подразбираат сите влакна кои се наоѓаат на различните делови од човечкото тело. Од криминалистичко-оперативен аспект значаен е начинот на кој влакната можат да отпаднат, а тоа се случува по природен пат, односно спонтано, потоа со сечење, прекинување, отстранување и сл. Криминалистичкиот техничар треба да бара влакна по облеката, обувките и телото на сторителот и жртвата, на

средството со кое е извршено кривичното дело, на предметите кои се пронајдени на местото на кривичниот настан, како и кај нападнатиот објект кога станува збор за имотни деликти. Кога ќе се откријат влакната, се земаат со пинцета и се ставаат во стаклена епрувета со означување на местото каде што се тие пронајдени.

Судско-медицинското вештачење на влакната може да даде одговор на следните прашања:

- Дали навистина е пронајдено влакно.
- Дали влакното е од човечко или од животинско потекло (на кој вид на животно припаѓа влакното).
- Дали потекнува од маж или од жена и од кој дел од човечкото тело.
- На кој начин влакното отпаднало.
- Дали на влакната постојат повреди и од која природа се тие.
- Дали влакното е изменето по козметички пат, т.е. дали е фарбано.
- Дали влакното може да даде податоци за лицето од коешто потекнува.
- Дали влакното му припаѓа на осомничениот.

Врз основа на овие резултати, со судско-медицинско вештачење може да се одреди крвната група, староста, како и да се направи ДНК идентификација.

**Траги од пожар како последица од експлозија**

Местото на пожарот има свое излагање на местото на дејствувањето. Тоа место е носител на бројни лични и материјални информации кои можат да бидат докази во натамошната постапка. Некои автори овие  докази ги нарекуваат лични, субјективни и релативни, материјални, објективни докази. Важно е да се нагласи дека местото на пожарот често е и место на казненото дело. Поради краткотрајноста и променливоста трагите како што се мирисите, бојата на чадот, распоредот и текот на горењето, бојата на пламенот, температурата, метеоролошките и светлосните услови, стручните лица треба да излезат веднаш на лице место, во  најран стадиум, по можност уште за време на горењето, како и за време на неговото гасење.

Во секојдневната работа се занемарува значењето на непосредната забелешка на околностите кои се од ограничен карактер

и време на траење за текот на пожарот, како бојата на пламенот и на чадот. Меѓутоа, пожарот е најверојатно единственото место за настан во кој е возможно непосредно забележување на околностите важни за постапката во текот на истрагата на дејствието. Покрај горењето, потребно е и да се регистрираат и специфичните звуци и да се лоцира местото од каде доаѓаат. Таквите податоци се немерливо важни за постапката при разјаснување на околностите при кои настанал пожарот, а посебно за утврдување на субјективните и објективните одговорности за неговиот настанок и последиците. Да се документира текот на гаснењето на пожарот е исто така важно за собирање податоци за измените на изворот на местото на дејствувањето кои се предизвикани од гаснењето.

Активностите на пожарникарите и спасувачките екипи првично се насочени на гаснењето на пожарот и спасување на луѓето и материјалните добра, додека пак материјалните докази се оставаат во втор план. Но, за да се добие корисна истрага потребна е соработка со овие служби, со назнака тие што повеќе да се трудат што повеќе да се сочуваат доказите. Кога се работи за пожар, доказите мора да се темелат на темелни експертизи и експертно толкување на собраниот материјал. Сепак, не треба да се занемаруваат докази од сведоци кои можат да сведочат за некои аспекти за пожарот, како што се местото на избувнување на пожарот, посебно во неговите рани фази, начинот на горење и изгледот на чадот. Можат да се соберат податоци за метеоролошките услови, особено за правецот и јачината на ветерот, но и за дејствата кои му претходеле на пожарот, како што се меѓучовечките односи, полиси за осигурувања, имотната ситуација, работата и психофизичката состојба на луѓето и сл. Постапката за утврдување на причините за пожарот можат да се идентификуваат и да се поделат на два дела и тоа :

1. за време на траење на пожарот: како што се следење, толкување и регистрирање на околностите поврзани со горењето и гаснењето на оганот;
2. после пожарот: преглед на местото на пожарот и анализа на моменталната состојба.

Во првиот стадиум, односно за време на траењето на пожарот потребно е да се воочат и регистрираат метеоролошките услови (температурата, насоката на ветерот, појава на дожд) местото или местата на појава на пожарот, насоката на пожарот, бојата на пламенот и чадот, специфични мириси и звуци, состојба на

градежниот објект итн. Во текот на траењето на пожарот можат да се објаснат околностите кои би можеле да ги наречеме невообичаени појави на местото на пожарот, како на пример појава на пожар од надворешната страна на опожарениот објект, невообичаени мириси и други појави кои отстапуваат од оние очекуваните. Затоа постапката за регистрирање на околностите за пожарот, односно тој прв дел на истрагата, би требало да почне и пред доаѓање на истражните органи на лице место на настанот.

Во вториот стадиум, односно кога пожарот е веќе изгаснат и среден, се прави истражување на местото на пожарот, со цел да се утврдат причините за започнувањето на пожарот и неговото средиште.

Во поглед на хемиските и физичките карактеристики на процесот на горење очекувано е дека во најголем број на случаи местото на избувнување на пожарот, односно местото на кое започнал пожарот, да кореспондира со причините за пожарот.

За да се одреди средиштето на пожарот потребно е да се познаваат карактеристичните траги како што се траги од средства за потпалување (запалки, фитил, барут, временска направа), карактеристични траги на горење, термички деструкции на поединечни материјали.

**Претходна активност**

Овие активности опфаќаат: информации за просторот, односно објектот каде што дошло до појава на пожар, а се прибираат со првичен преглед на огништето, блиската околина, увид во документацијата, прибирање на разни информации од лицата кои што први го забележале пожарот, а посебно од противпожарните службени лица кои учествувале во гасење на пожарот. По прибирање на основните сознанија, се започнува со систематско истражување за причините за пожарот и начинот на простирање и, секако, определување на центарот на пожарот.

За утврдување на местото на пожарот најчесто се користат 3 методи:

**Статички метод**, со кој се утврдуваат целокупните последици од пожарот. Темелно се истражува дали пожарот настанал од внатрешната или од надворешната страна, и дали пожарот настанал на една или на повеќе локации, и од тоа се прават претпоставки за

околностите на пожарот. Па така, стручното лице кое го врши истражувањето ако ќе се определи за овој метод, истото прво треба да изврши процена на глобалните последици кои што настанале врз основа на појава на пожарот. По добиените сознанија треба да се пристапи кон докажувањето дали пожарот прво се појавил во објектот или пак надвор од него, а потоа во текот на простирањето го зафатил и самиот објект. Во таквите случаи потребно е да посвети посебно внимание на последиците од пожарот врз материјалот и предметите кои биле зафатени од пожарот, како што се ѕидовите (изгледот на малтерот, циглите, евентуално каменот, челикот итн.), како од надворешната, така и од внатрешната страна, прозорците (изгледот на рамките, носачите, стаклата, механизмите за затворање), вратите (слично како и кај прозорците), потоа изгледот на приземјето, таванот, покривот и доколку постојат, и изгледот на подрумските простории. И секогаш, електричната инсталација со сите приклучоци и потрошувачи, и доколку постојат, и други инсталации (инсталации за централно затоплување, гасоводни, водоводни инсталации ).

Доколку овие прегледи бидат изведени од стручни лица, голема е веројатноста да се определи центарот на пожарот. Притоа, треба да се има предвид дека ниту еден факт не треба да се изостави, а тоа значи да се изврши преглед и анализа на сите траги и околности од кои дошло до појава на пожар.

**Динамички метод**, кој започнува со реконструкција на важните факти и околности под кои настанал пожарот, а потоа и се проширил. Треба да се нагласи дека овој метод е спротивен од статичкиот метод, бидејќи при истражувањето, користејќи го овој метод, неопходно е врз основа на последиците од пожарот врз материјалот (степенот на изгореност, изгорени предмети, скршени предмети, оштетени предмети, боја на зафатените предмети), како и врз основа на добиените сознанија, да се направи реконструкција на состојбата на местото зафатено од пожарот пред избивањето на самиот пожар. По извршената реконструкција се приоѓа кон определувањето на центарот на пожарот. Користејќи ги објективните траги кои можат да се видат на теренот (преглед на предметите и анализа на трагите и предметите). Во субјективните фактори, пак, спаѓаат изјавите на лица кои го виделе пожарот, но и на лицата кои вршеле гасење. Покрај ова, при утврдувањето на центарот на пожарот потребно е детално да се прегледаат сите најдени траги и предмети во реонот на пожарот (состојбата стаклата, металните делови, електричната изолација, гумените и пластични предмети) и врз

основа на сите показатели треба да се добие висината на температурата, како и насоката на простирањето на пожарот. Со вака добиените објективни и субјективни фактори, голема е веројатноста да се определи вистинското место на центарот на пожарот, како и неговото натамошно простирање.

**Метод на елиминирање** е метод кој ги обединува двата претходни метода, со спроведување конкретни постапки насочени на постепени исклучувања на поедини околности и причини за пожарот. Се проверуваат разните претпоставки сѐ до конечно утврдување на местото, начинот на ширење и причината за настанување на пожарот. Најпрвин се исклучуваат природните причини, потоа техничките, и на самиот крај човечките причини за настанување на пожарот.

Од тука се доаѓа до заклучок дека при истражувањето е нагласена потребата од паралелно и споредбено спроведување на статичкиот и динамичкиот дел на очевидецот.

**Пронаоѓање на траги на место на пожар**

Траги од местото на настанот се клучни за разјаснување на околностите, но и за докажување во евентуална постапка, што би значело дека без траги нема истрага. Некои постапки во истражувањето претставуваат тешка, речиси неможна задача бидејќи насекаде има траги од пожарот кои непотребно го одвлекуваат вниманието на поширокиот простор. Трагите од пожарот можат да се поделат во три групи и тоа: општи, посебни и специфични.

Под општи траги се подразбираат оние трагови кои можат да се пронајдат кај сите казниви дела (биолошки, механоскопски и др.). При обработка на местото на настанот посебно се посветува внимание на трагите што зборуваат за околностите на горењето, насоките и центарот на пожарот, како и на средствата со кои се поттикнува горењето. Притоа, многу често се занемаруваат класичните траги како што се мириси во околината, трагите од стапала, траги од автомобили, траги од биолошко потекло, кои исто така можат да помогнат во разјаснувањето и идентификацијата.

Посебни се оние траги кои со текот на пожарот го менуваат обликот и карактерот.

На пример, трагите што биле изложени на високи температури, на чад, вода, со тоа доживуваат одредени физички и

хемиски промени, па така и за нив е потребно да се применат посебни методи, средства и постапки.

Специфичните траги кај пожарот се делат на:

- траги од средината на пожарот кои се клучни за утврдување на причината за пожарот, односно утврдување на начинот на кој дошло до развивање на висока температура или остварување на други услови за настанување на пожарот;
- траги од поблиска или подалечна околина на пожарот;
- траги од личности, а особено на осомничени за пожарот.

Кога станува збор за траги во центарот на пожарот се бараат лесно запаливи и горивни материи, коишто упатуваат на намерно предизвикан пожар. Исто така се бараат електрични апарати и извори на топлина, пламен и искри кои упатуваат на технички причини за настанување на пожарот.

**Траги во околината на опожареното место**

На одредено растојание од местото на пожарот можни се следниве траги: траги од разни изгорени материјали коишто се носени од ветрот, или пак, биле отфрлени од силината на пожарот или некоја помала експлозија која може да се појави речиси кај сите видови пожари.

Доколку станува збор за каква било експлозија во текот на ширењето на пожарот, овие траги радијално се распоредуваат од местата на експлозијата, загреани се на висока температури и доколку паднат на лесно запалив материјал, можат да предизвикаат пожар.

Ако пак, трагите се носени само од силата на пожарот и ветерот, тогаш таквите траги се насочени во една насока и во тој простор ќе се најдат материјали со помала специфична маса, но ако поседуваат енергија истите можат да предизвикаат пожар.

**Расветлување на причините за пожар**

Чадот е еден од најважните елементи за утврдување на пожарот. Тој има динамичка и статичка димензија. Динамичката се однесува на информациите кои можат да се добијат од видливите карактеристики на чадот добиен во текот на горењето, а статичката зборува за запаливите средства и условите на горење кои се добиваат со хемиска анализа на составот на чадот.

Чадот настанува со горење на органски предмети. Смесата е производ на потполно и непотполно горење на органските продукти, воздухот, како најважен дел од предусловите за горењето, од околината, поради зголемената температура и распространетите честички на чадот и пепелот. Чадот, редовно, покрај јагленот моноксид, содржи и други отровни материи, во зависност од видот на запалените предмети.

Хемискиот состав и односот на поедини недогорени честици во чадот, зависи од предметите и условите во кои се одвива процесот на горење и од тоа дали горењето се одвива во затворен или отворен простор, како и од циркулацијата на воздухот која го оддалечува чадот од местото на пожарот.

На отворен простор предмети на горење се јаглерод диоксид и водена пареа, а исто така и разни други материи кои се ослободуваат во текот на горењето.

Кај пожарот во затворен простор согорувањето е непотполно и во составот на чадот ќе има далеку поголема количина на разни честици и пепел.

Бојата и интензитетот на пламенот, исто така зависат од материјалот што гори, количина на воздухот, воздушните струи и др. Востановената боја на пламенот може да влијае на процената на температурата на пожарот. Со зголемена температура на пламенот се зголемува количината на отровните гасови и се ослободува поголема количина на вода и поради тоа чадот полесно се дига во воздух и обратно, со падот на температурата чадот се спушта пониско.

Бојата и интензитет на на пламенот исто така зависат од материјалот кој гори, количината на воздухот, воздушни струења и сл. Воочена боја на пламенот може да послужи за проценување на температурата на пожарот.

| **Боја на пламенот** | **Температура** |
|---|---|
| Светлоцрвена | 480-530 |
| Темноцрвена | 530-600 |
| „трула вишна“- темна | 600-650 |
| Средна | 650-700 |
| Светла | 700-760 |

| | |
|---|---|
| интензивно црвена | 760-815 |
| „лосос“ црвена | 870-930 |
| Портокалова | 930-980 |
| Жолта | 980-1050 |
| светложолта | 1050-1150 |
| Бела | 1150-1250 |
| јасно бела | 1350 |

Табела: Процена на температура на пожарот врз основа на бојата на пламенот

Воочувањето на карактеристиките на чадот и пламенот би можело да послужи за истражувањето на пожар. Со зголемување на температурата на пожарот се зголемува и количината на отровни гасови во чадот и се ослободува поголема количина на вода, при што чадот полесно се подига нагоре и обратно, со намалување на температурата чадот се спушта во пониските слоеви.

Па така на пример, голема количина на чад придушена со пламен зборува за отсуство на воздухот (кислород) и слабо горење на материјали, додека пак голем пламен со помала количина на чад зборува за интензивно горење на суви, лесно горливи материи.

| Боја на чадот | Боја на пламенот | Горивни материи |
|---|---|---|
| сива до кафена | црвено-жолта | дрво, хартија, облека |
| Црна | црвена до бела | гориво |
| бела до сива | жолта до бела | бензин |
| црна до кафена | жолта до бела | масло |
| Црна | темноцрвена до портокалова жолто | керозин |
| Црна | сино-бела до бела | нафта |

Табела: Одредување на видови горливи материи врз основа на чадот и пламенот[19]

Собирањето траги, кога се работи за пожар, се разликува од вообичаената истрага. Нивното пронаоѓање и собирање е тешко, тешко се анализираат и најчесто се потребни одредени испитувања. За многуте постапки ќе биде потребна примена на одредени лабараториски инструменти, каде повторно доаѓа до израз потребата од мултидисциплинарен пристап за формирање на очевидниот тим.

При истражување на местото на пожарот треба да се користи специјална опрема и да се применат специфични методи на истрага. Па така, при истрагата ќе бидат потребни разни металдетектори, рендгени, детектирачки леснозаштитливи течности и гасови, и без нив нема да има успешна криминалистичка анализа на пожарот.

За востановување и идентификација на трагите кои се користат како помагала при горењето најчесто се бензинот, нафтата, алкохолот, маслата , истражувачите се служат со различни усисивачи на пареа со кои примерите од воздухот се внесуваат во контејнери изработени од инертни материјали и херметички се затвораат. Можно е и употреба на преносни детектори, гасови и пареа на лесно запаливи течности. При собирање на предмети во кои или на кои може да се претпостави задржување на лесно запаливи течности, а кои се во непосредна врска со причината за пожарот или кои ќе го одредат правецот и текот на горењето.

Во текот на работата на местото на пожарот лицата од специјалниот тим треба да користат одредени заштитни средства. Тоа е потребно поради заштита на трагите од промена и контаминирање, а од друга страна поради заштита на сопственото здравје. Освен заштитни комплети кои вообичаено се користат на местото на случувањето, потребно е да се користат и одредени специфични заштитни средства. Всушност, местото на пожарот често е извор на бројни опасности по животот и здравјето на луѓето од шилести и остри предмети, незаштитени извори на електрична енергија, опасни гасови и предмети на топлински и други зрачења. Тимот треба да биде опремен со заштитна опрема како што се чизми и ракавици, кацига, непропустлив комбинезон, очила, но и гас- маски.

---

[19] Росе Смилески- Методика на истражување на пожари и експлозии, Факултет за безбедност- Скопје, 2012

## Расветлување на пожарите преку карактеристики на пламенот

Бојата на пламенот е одредена од крајните гасовити продукти на горењето и обично во тој дел има потполно согорување. Покрај тоа што пламенот претставува извор на топлина, реакциите на оксидација и термодеградација коишто се одвиваат во него, доведуваат до појава на светлост. Пламенот претставува смеса во гасовита агрегатна состојба, којашто во многу случаи во себе содржи диспергирани цврсти честички и кондензирани компоненти. Покрај бојата, пламенот го карактеризираат и неговиот облик, висина и емисиони својства.

Според видливост пламенот се дели на:

- пламен во којшто преовладува континуиран спектар;
- пламен во којшто преовладува линиски и пругаст спектар;
- пламен со комбиниран линиско-пругаст и континуиран спектар.

Пламен во којшто преовладува континуиран спектар има бела боја или слабо нагласена бојадисана нијанса. Енергијата од ваквите пламени се зрачи во широки делови на спектарот, што овозможува да зрачи најголемо количество енергија по единица маса на изгорена материја. Пламен од овој тип даваат средства за осветлување и фото осветлувачки средства, а исто така извори на зрачење во инфрацрвена област на спектар.[20]

Пламен во којшто преовладува линиски и пругаст спектар можат да бидат безбојни или се обоени со нијанси. Пламените од овој тип оддаваат помала количина енергија во споредба со пламените од другите видови.

Пламен со комбиниран линиско-пругаст и континуиран спектар имаат јасно изразени обоени нијанси. Според емисијата на зрачењето од овој тип се наоѓаат помеѓу пламените од првиот и вториот вид.

[20] Ibid

# ДЕЛ III

## Интегритет при примена на овластувања во вонредни ситуации предизвикани од тероризам

Треба да се има предвид дека органите за спроведување на законите и агенциите за приватно обезбедување се најповикани органи, кои и објективно можат, во секоја ситуација, да се ангажираат на преземање на соодветни мерки за сузбивање на криминалитетот (откривање, трагање по сторители, реагирање на лице место), како и собирање на податоци и факти за докажување на кривичното дело и виновноста на извршителот. За ова, свој придонес има и можноста за соработка и кординација на поедини органи за спроведување на законите по вертикална и по хоризонтална основа, мобилноста на службите, големите човечки и технички потенцијали, стручната оспособеност на кадрите, како и преземањето на поедини мерки и работи ослободени од процесната форма. Секако дека овие органи ќе можат поактивно да се вклучат во широката превентивна акција доколку имаразвиени демократски, социјални и политички односи, со што во иднина ќе се избегнат слични конфликтни ситуации и ќе се овозможи нивно решавање.

Секако дека идните активности на државните органи и приватниот сектор (агенции за обезбедување) треба да бидат надополнети со ангажирање на граѓани и нивни соодветни асоцијации, односно субјекти кои се јавуваат како значајни носители на превентивни активности, т.е. оние активности кои исклучиво би биле во доменот на реализација на сигурноста и безбедноста на граѓаните. Сите инволвирани во обезбедувањето и понатаму ќе мораат професионално да ја доградуваат и унапредуваат својата функција поради објективните потреби за спротивставување на криминалитетот на внатрешен и на меѓународен план, посебно кога се во прашање тајното и организирано криминално делување, тероризмот како насилство и облик на политички деликт, поедини организирани професионални облици на криминалитет со кои се загрозуваат, односно повредуваат личните, општествените и материјалните добра, човечките животи и сл.

Меѓу најтешките облици на криминалитет, кои целосно ги соединуваат активностите на полицијата и другите државни органи и агенции за обезбедување како интегрален дел од системот за национална безбедност, всушност, е тероризмот, кој е денес

постојано растечки и многу опасен феномен во меѓународни размери и на внатрешен план, како по тежината на последиците и бројот на извршени акти, така и по бројот на жртви и уништени материјални добра, односно бројот на лица кои се вклучени во тие активности со мотив кој не е секогаш политички. Ако се има предвид дека тероризмот како криминален акт по својата нехуманост и многу тешките последици кои ги предизвикува ги надминува бројните други криминални акти, посебно и поради тоа што погодува и еден број на сосема невини граѓани, постои потреба за уште поцврста поврзаност на полицијата и другите државни органи со граѓаните и другите субјекти на општеството, а посебно со агенциите за приватно обезбедување, за негово сузбивање и спречување.

Спротивставувањето на тероризмот само како изолиран криминален проблем тешко дека ќе доведе до резултати. Во прашање се и некои други активности чие откривање бара интегрален пристап и кои многу тешко се воочуваат, без разлика на тоа што како криминални активности се прецизно законски дефинирани. Појавните облици на таквите кривични дела се многу разновидни, исто како и бројните методи со кои се служат нивните актери, така што тешко можат да се препознаат. Тероризмот како меѓународен проблем постојано е во рамките на меѓународниот интерес не само во кругот на полициските, правосудните и другите државни и органи, туку за него често пати се водат политички и научни расправи. Меѓународната заедница уште одамна вложува значајни напори како да се изнајдат и утврдат правила на постапување со цел за спречување и сузбивање на тероризмот. Во согласност со овие стремежи на меѓународен план се усвоени голем број резолуции и заклучоци. Во овие акти од државата се бара да не се организираат, поттикнуваат и охрабруваат поедини терористички активности против другите држави, да не ги поддржуваат или учествуваат во терористички акти.

Во рамките на Интерпол постои спремност за преземање на превентивни активности во однос на тероризмот, без разлика на правилата кои ги наметнува членот 3 на Статутот на Интерпол. Генералниот секретеријат има овластување (Резолуција 7/1984) да собира информации како за непосредното ширење на терористичките акти, така и за ширење на информациите за терористичките организации, нивната тактика и стратешката цел, за поврзаноста со други организации, па дури и со држави или претставници на власта. Проширувањето на компетенциите на Интерпол на превенција на

терористичките акти, во делот кој има политички и идејни импликации, има свое формално оправдување во меѓународните акти со кои се корегира забраната од член 3 на Статутот на Интерпол. Во правно-формална смисла, се дава за право на националната полиција, кога е во можност да спречи некоја терористичка акција да не е задолжителна примената на политичка клаузула. Со оглед на страшните последици кои терористите со своите акти можат да ги предизвикаат, сите други причини (политички, идејни, правни) се помалку значајни.

Уште на 55 заседание на Генералното собрание на Интерпол, кое се одржа од 6 до 13 октомври 1986 година, усвоен е став со кој се нагласува дека суверено право е на секоја држава самостојно да одлучува „дали и на кој начин ќе ја користи линијата на Интерпол во борбата против тероризмот“. На заседанието на Генералното собрание во 1986 година во Белград е усвоен посебен Водич за борба против меѓународниот тероризам. Водичот, пред сѐ инсистира на благовремено разменување на сите информации и сознанија со кои располагаат поедини полициски организации, а кои упатуваат на можни терористички акти, односно на преземање на поедини дејствија со цел спротивставување на терористичките акти воопшто, а посебно во областа на цивилното воздухопловство и сообраќај. Значајно внимание заслужуваат напорите на организациите за модернизација на регионалните национални бироа и создавање на услови за ефикасна соработка на новите членки на Интерпол. Полициските активности во рамките на Меѓународната организација на криминалистичката полиција се однесуваат и на формирање на посебни антитерористички единици. На пример, работната група „Треви – Интерпол“ (тероризам, радикализам, екстремизам, насилство) претставува форма за полициска соработка во земјите членки на Европската заедница. Европол претставува посебна полициска единица за членките на Европската заедница, а неговиот развиток се одвива во две фази:

1) Европол како централно тело за размена на информации помеѓу надлежните органи во земјите членки и

2) Европол како тело со извршни полициски функции. Европол како централно тело има за цел да ги олеснува размената и кординацијата на информации за криминалните дејности и да ја зајакнува способноста и подготвеностаа на државите членки на ЕЕЗ

во врска со сите облици на криминал со меѓународни елементи[1], било да потекнуваат од Европа или надвор од неа.

Тоа понатаму поставува и пошироко прашање за надлежностите на разузнавачките работи од страна на полицијата и разузнавачките служби, и во која мера одредена ситуација може да биде преседан. Очигледно е дека потребата од превенција на тероризмот опфатена во рамките на Интерпол и кај нас ја наметнува потребата од добра координација и соработка на Министерството за внатрешни работи и другите безбедносни служби и органи како неопходна и многу корисна. Сосема е извесно дека опасноста и стравот од тероризмот неговата превенција ја ставаа пред формалната забрана, која во овој случај е помалку оправдана од самата превенција. Неопходноста од превентивната соработка помеѓу поедини држави е содржана во ставовите на споменатата конвенција која се однесува на земање заложници (став 4), спречување на акти против меѓународно заштитени лица (став 4), сузбивање на акти против поедини ациовилни воздухоплови (член 12), сузбивање на грабнувачи на воздухоплови (член 10).

Без разлика на тоа што соработката, која меѓусебно ја остваруваат полициските организации во рамките на Интерпол, е многу обемна и плодоносна, сепак е недоволна за да може во целост да ги исполни постојните барања за спречување и сузбивање на тероризмот на меѓународен план. Поради тоа нашата земја настојува да воспостави соработка и со органите за безбедност на земјите кои не се членки на оваа организација. Иако таквата соработка наидува на потешкотии, како од политичка така и од процедурална природа, и покрај тоа што е со помал обем, таа е значајна не само од оперативна туку и од политичка гледна точка.

Може да се очекува дека во иднина соработката и развивањето на односите со соодветните органи на наведените земји ќе биде успешна, како и улогата на нашата земја на меѓународен план, , а со тоа и реализацијата на конкретни облици на соработка во областа на спречување и сузбивање на тероризмот.

Излагањето за активностите на меѓународните асоцијации како Интерпол и Европол се во функција на потврдување на потребата од заедничка активност на планот на превенција, спречување и постапување при терористички акти на сите кои се занимаваат со создавање, одржување и зајакнување на безбедност на граѓаните. А, тоа, покрај официјалните државни органи од таа област,

се и агенциите за приватно обезбедување, кои според динамиката, составот и екипираноста веќе се наметнаа како фактор на безбедноста во државата.

Во вакви услови потребна е блиска координација, соработка и размена на информации и со агенциите за обезбедување, кои според радиусот и распространетоста, како и неопходното присуство во објектите кои сецел на нивно обезбедување, се присутни насекаде, односно се многу поприсутни од полициските и другите служби на терен. Нивните забележувања кои произлегуваат од секојдневните редовни и вонредни активности се многу значајни. Во досегашниот период се направи одредена дистанца помеѓу службите и агенциите за приватно обезбедување. Доколку се интензивира соработката и се дисеминираат одредени информации кои не се заштитени со посебен степен на класификација, или се доставуваат до лица кои агенциите ќе ги сертифицираат за достапност, употреба и чување, па и постапување согласно тие информации, ќе се зголемат можностите за добивање, надградување и заедничко постапување согласно идентификуваните загрозувања од страна на агенциите за приватно обезбедување во координација со официјалните служби и органи од областите на безбедноста. Ваков пристап особено треба да постои во борбата против тероризмот, кој не познава граници.

Во оваа смисла потребно е што поскоро агенциите за приватно обезбедување, согласно нивните програми за работа да предвидат и побараат пристап до класифицирани информации, односно во нивната систематизација на работни места да предвидат вработубање на лица кои ќе бидат вработени и за нив ќе се побара одобрение за пристап и користење на класифицирани информации кои согласно принципот „потребно е да знае“ ќе бидат во можност да ги добиваат. На тој начин ќе се надминат пречките за поактивна комуникација, размена на информации, актуелизирање на состојби и ситуации и заеднички координиран настап во правец на спречување, оневозможување и откривање на терористи, дејствување во специфични ситуации на нарушена безбедност, вонредни ситуации и координиран настап по извршен тероистички акт, особено на објекти и простор кој што е предмет на обезбедување на агенциите за приватно обезбедување. Неспорно е дека терористите имаат широка можност за слободно планирање на дејствија, неправејќи дистинкција под чија надлежност се објектот, просторот или лицата, па затоа најчесто први кои забележуваат дејствија на терористите или при подготвување или при извршување, се лицата од обезбедувањето. Тие

со присуството на одредено место, цел на напад од страна на терористите, имаат можност да забележат, да пристапат или да постапат по одредено терористичко дејствување. Со тоа се стекнуваат со многу информации и сознанија за пристапот, целта, средствата, начините и плановите за дејствување на терористите, но и се најчесто првите кои пружаат помош на самото место на настан по извршен терористички акт. Таквите лица се потребни заради нивното перцепирање на присутни лица, забележани сетилни дразби, забележани жртви, бегање на извршителите од лице место и сѐ она што можат да го забележат. За да можат да бидат покомпетентни, се надевам дека овој Прирачник ќе даде една поинаква димензија на проширување на знаењата за самиот тероризам, за начините на дејствување на терористите, мерките кои треба да се преземат во одредени ситуации инсценирани од терористичко дејствување.

## Заклучни согледувања и препораки

Спротивставувањето и спречувањето на тероризмот претставува должност на секоја држава, па со тоа таа мора да постави цврсти темели за градење на безбедносна политика. Како прв чекор во секое национално законодавство претставува правната регулација на оваа појава. Воведувањето на антитерористичка легислатива е неопходно за да се определи насоката на понатамошното постапување, односно одредување надлежност на службите, посебни мерки и активности, средства итн. Иако државите се соочуваат со проблем при дефинирањето на тероризмот, заедничко е тоа што тероризмот секаде се определува како кривично дело за кое следуваат соодветни санкции. Третирањето на овој проблем е мошне чувствителна област поради самата природа на тероризмот. Тој најчесто е поттикнат од разни идеологии (како борба за слобода, борба за поголеми права на одредена група и сл.), па така, асиметричната употреба на сила од страна на државата или ригорозното постапување, може само да ја засили решителноста на терористите во остварување на своите цели. Тука државата се соочува со решавање на комплексен проблем, каде од една страна би се вложил максимален труд во спротивставувањето на тероризмот, а од друга страна тоа би ги иницирало терористите да дејствуваат поконспиративно и нападите да бидат што поефикасни. Ова претставува појдовна точка во одредување на мерките и активностите кои ќе ги преземаат безбедносните служби, нивната координација, организираност, стратегија, мерките за безбедност и сл. Исто така, значајно е и утврдувањето на конкретните сили и капацитетите за одговор на терористичките закани. Најважно во нивната работа е меѓусебната соработка и соработката со институциите кои поради природата на својата работа може да дојдат до податоци за сторители на терористички акти, планирање на терористички акт или финансирање на тероризам. Неизбежна е и меѓународната соработка, која претставува еден од клучните причини за успех во борбата против тероризмот, но поважна е координираната соработка помеѓу сите актери во безбедносниот систем на државата, вклучувајќи ги агенциите за приватно обезбедување.

Самата борба против тероризмот вклучува два вида на акција, кои претходно беа дефинирани: антитероризам (мерки за превенција, одбрана, минимизирање на нападите) и контратероризам (офанзивни мерки, директен одговор на терористички напади). Комбинацијата од

овие два вида на акции ја претставува суштината на борбата против тероризмот. Тие се условени од информациите прибавени со разунавањето, кое зазема клучно место во справувањето со тероризмот. Разузнавачките податоци ја одредуваат понатамошната работа на сите актери вклучени во безбедносниот сектор. Една од работите на која треба да ѝ се посвети внимание е политиката на самата држава. Добро е познато дека често токму политичките одлуки влијаат врз (не)дејствувањето на терористите, посебно на балканскиот регион, па така сите витални одлуки треба да бидат соодветно анализирани, за да може да се прогнозира потенцијален терористички напад.

Во услови на планиран и најавен терористички напад потребно е мобилизирање на сите расположливи сили и дејствување во правец на откривање на непосредната акција и со тоа спасување на многу животи, избегнување на контаминација на просторот и на животните. Во услови на реализиран терористички акт, зависно од употребените средства, силината на дејството, жртвите и потенцијалните секундарни дејства (дополнително последователни убиствени акции после првиот напад), мора доста внимателно да се постапува на местото на настанот поради многуте опасности кои се можни. Поради тоа, како што и опишавме, потребно е многу внимателно, организирано и координирано настапување со преземање на сите мерки на претпазливост и чувањее на сопствениот живот и телесен интегритет на сите инволвирани во санирањето на последиците и спасувањето на животи, доколку е можно. Примарно нешто што мора да се направи е обезбедување на местото на настанот, како еден од најзначајните елементи во ланецот на обработка на местото на настанот, затоа што само преку добра заштита на лицата, но и на физичките докази може да се обезбедат добри резултати.

Според Локардовата теорија, секое лице кое влегува или излегува од местото на настанот може да донесе, да изнесе или да додаде материјал од местото на настанот, па затоа е од исклучителна важност местото да биде обезбедено. За контрола на пристапот кон местото на настанот, може да се поставaт препреки кои ќе го означуваат местото на настанот, да се ограничи со некаков тип на огради или да се примени некој друг начин за ограничување на пристапот кон местото на настанот. Дополнително, општиот, заедничкиот пристап кон местото, најчесто се поставува како единствен влез/излез за секое лице припадник на службите кое има право на пристап. Основната цел на обезбедување на местото на

настанот е контрола, идентификување и отстранување на лица од местото на настанот и ограничување на бројот на лица кои влегуваат на местото на случувањата, како и ограничување на движењето на сите службени лица. Покрај тоа, обезбедувањето на местото на настанот е од клучно значење поради можноста да се промени, да се извади или додаде некој физички доказ, при што од клучно значење е поделбата на индивидуите на местото на настанот на:

- осомничени;
- сведоци;
- случајни минувачи (да се одреди дали се потенцијални сведоци);
- жртва/семејство/пријатели;
- полиција, форензичари, медицински персонал, припадници на приватното обезбедување и други.

Освен ограничувањата на движење на индивидуите на местото на настанот поради можно манипулирање со доказите или ненамерно внесување/изнесување на физички докази од местото на настанот, обезбедувањето на местото вклучува и ограничување на активностите на целиот службен персонал кој се наоѓа на местото. Тоа значи дека одговорното лице за безбедност на местото не смее да дозволи никој да пуши цигари на местото на настанот, да џвака мастика, да користи телефон, тоалет, да јаде или да пие, да преместува предмети, вклучително и оружје (освен доколку тоа не е потребно поради зголемување на безбедноста на самото место или на инволвираните лица), да подесува термостат, да отвора врати и/или прозорци, да допира предмети на местото (овен ако не е исклучиво потребно, при што поместениот или допрениот предмет се заведува во документ), да преместува предмети, да преместува и собира отпадоци и да плука на местото на настанот. Едноставно кажано, местото на настанот мора да остане такво какво што е затекнато по пријавата.

Терористичкиот напад може да се јави во неколку облици, како бомбашки напад, хемиски напад или биолошки напад, а понекогаш и како комбиниран напад. Меѓутоа, според светската литература, најчести се бомбашките напади, каде се користи експлозив. Форензичката анализа на експлозивите се состои од одредување на потеклото, супстанцата која е употребена и полнењето. Во експлозивната направа, заради зголемување на ефикасното уништување на жива сила и околина, може да бидат

додадени некои биолошки, радиолошки или хемиски агенси кои ќе се распространат со експлозија на експлозивната направа. Поради тоа, на самото место на терористички напад треба да се постапува крајно внимателно. Анализата на место на настан кое било предмет на терористички напад е доста опсежна, со оглед на тоа дека се работи, најчесто, за експлозивни направи, кои по експлодирање се распространуваат на доста голема област. Може да се најдат докази во околните градби, во ѕидовите, внатре во просториите (во случај кога шрапнелите пробиле преку прозорците и вратите), на околните минувачи (доколку преживеале) и слично. Анализата на доказите вклучува реконструкција на направата и идентификација на карактеристиките на фрагментите, проследено со био-хемиска анализа.

Во функција на реализација на обемните активности кои произлегуваат од самото лице место, а први кои се наоѓаат на тоа место во најголем број на случаи се лицата од агенциите за приватно обезбедување, кај нив треба да постои свест за опасностите на кои можат да наидат. Заради тоа потребна е постојана обука на кадарот, затоа што иако сметаме дека нема да се случи незгода на нивен терен кој го обезбедуваат, сепак подготовката е клучот за евентуални дејствија, кои барем засега ги сметаме за невозможни. Во таа смисла, обуките, подготовките, набавката на соодветни заштитни средства, координацијата во самата агенција и со другите агенции и државни служби и органи мора да се подигне на задоволувачко ниво, затоа што со самиот чин на оправдано и подготвено очекување на терористички акт се зголемуваат во голема мерка можностите за избегнување на катастрофи и губење на животи. Системот за навремено информирање, комуникација и размена на искуства и знаења за одредени појавни облици на тероризам треба веднаш да бидат пренесени до сите актери од државниот систем на безбедност и на приватните агенции.

Препорачувам:

- Да се зголеми капацитетот на подготвеност кај агенциите за приватно обезбедување за терористичкото дејствување.
- Да се иницира, подигнува и преку зачестена комуникација да се интензивира довербата помеѓу агенциите за приватно обезбедување и органите за спроведување на законите.
- Да се одржуваат чести курсеви, обуки и заеднички активности со цел стекнување рутина во постапувањето.

- Да се набави соодветна опрема согласно одредени идентификувани појави на терористичко дејствување.
- Да се изработи Стратешки концепт за мерки и дејствија од заеднички интерес во остварување на безбедноста помеѓу приватниот и државниот сектор.
- Јавно-приватно партнерство во одредени области на остварување на безбедноста.
- Зголемување на довербата во делот на размена на информации.
- Потенцирање на резилиентноста кај вработените во агенциите за обезбедување и достигнување високо ниво на подготвеност.

Се надевам дека преку овие мои согледувања на појавата на дејствување на одредени терористички групи и банди и конципирање на Прирачникот ќе дадам одреден придонес кон осознавање и запознавање со трендовите на терористичкото дејствување како дел од севкупното дејствување на групи кои застапуваат и промовираат екстремни, националистички, сепаратистички и превратнички активности, како дел од хибридниот систем на рушење на државните системи преку нанесување на огромни штети на телесниот, материјалниот и психолошкиот интегритет на граѓаните. Поради тоа предвидов одредени мерки за зацврстување на можностите од превентивно, репресивно и стручно дејствување во одредени ситуации кои ги иницирале и преземале терористичките групи.

Користена литература


- Ackerman, G., Assessing terrorist motivations for attacking critical infrastructures, Centre for Nonproliferation Studies, Monterey Institute of International Studies, 2007, https://e-reports-ext.llnl.gov/pdf/341566.pdf
- Bockstette, C., Jihadist Terrorist Use of Strategic Communication Management Techniques, George C. Marshall European Center for Security Studies, Number 20, December, 2008
- Centre for the Protection of National Infrastructure, Ongoing Personnel Security, A Good Practice Guide, edition 3, April 2014, p.https://www.cpni.gov.uk/system/files/documents/d0/d2/ongoing-personnel-security-a-good-practice-guide-edition-3.pdf
- Centre for the Protection of National Infrastructure, Personnel and People Security, https://www.cpni.gov.uk/personnel-and-people-security
- Crisis management for terrorist related events, преземено од CTED and UNOCT, The protection of critical infrastructures against terrorist attacks: Compendium of good practices, CTED, UNOCT and INTERPOL, 2018, https://www.un.org/sc/ctc/wp-content/uploads/2019/01/Compendium_of_Good_Practices_Compressed. pdf
- DHS, Advanced Persistent Threat Activity Targeting Energy and Other Critical Infrastructure Sectors, 20 October 2017, www.us-cert.gov/ncas/alerts/TA17-293A
- Dimovski, Z., Ilijevski, I., Babanoski, K., Inteligence as a key link in the fight against terrorism, International scientific conference Security in the post conflict (Western) Balkans: Transition and challenges faced by the Republic of Macedonia (Security Studies and the Science of Security), Ohrid, 27-28.05.2011, pp. 268-281
- Dimovski, Z., Ilijevski, I., Babanoski, K., Security-criminalistics dimensions of cyber-terrorist attacks, Thematic proceedings, International scientific conference, Preventing crime and European integrations, wth special overview on the hi tech crime, Colege for interior affairs, Department of police education, Ministry of interior of the Republic of Srpska and Hanns Seidel Stiftung, Laktashi, Banja Luka, 28-30.03.2012, pp. 65-77

- Dimovski, Z., Krstevska, K., Ilijevski, I., Babanoski, K., Cyber attacks and their real threat for modern world, International scientific conference: The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro-Atlantic Integration, vol. I, Ohrid, Republic of Macedonia, 05-08.06.2013, pp. 634-648
- Hofman, B., Unutrašnji terorizam, Narodna knjiga Alfa, Beograd, 2000, стр. 9
- Kenton, W., Business Continuity Planning (BCP), 01.06.2019, https://www.investopedia.com/terms/b/business-continuity-planning.asp
- Laqueur, W., The New Terrorism – Fanatism and the Arms of Mass Destruction, London, 1998
- Procedures in case of emergency and terrorist attack
- Protective Security Requirements, Guide to personnel security for your organisation, February 2018, p. 4, https://www.protectivesecurity.govt.nz/assets/Personnel-security/e63eedae7c/Guide-to-personnel-security-for-your-organisation.pdf
- Ангелески М., Димовски З., Криминалистичка тактика 1, Факултет за безбедност- Скопје, 2019
- Ангелески М., Криминалистичка тактика 2, ФОН, Скопје, 2009
- Бајагић, М., Основи безбедности, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2007, стр. 211, Пашански, М., Савремене камиказе – транснационални тероризам и дипломатија, НИРО "Књижевне новине", Београд, 1987, стр. 38–40,
- Димитријевић, В., Тероризам, Радничка штампа, Београд, 1982, стр. 122–149 и Гаћиновић, Р., Како против тероризма, Младост, Београд, 1996, стр. 26
- Белић, М., Васић, М., Историјско-правни аспект послова обезбеђење одређених личности и објеката, Безбедност, часопис Министарства унутрашњих послова Републике Србије, Београд, 1-2/2009, стр. 114 и Павловић, Н., Модели праћења и процењивање безбедносне ситуације у функцији обезбеђења и заштите одређене личности, специјалистички рад, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2013, стр. 19
- Велјанов, С., Експлозии и траги од активирана експлозивна направа, Безбедност бр. 4, Скопје, 1996

- Гаћиновић, Р., Тероризам у политичкој и правној теорији, Еврођунти, Београд, 2010, стр. 12
- Димовски, З., Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007
- Димовски З., Тошиќ Д., Шаљиќ Е- Тероризам, Институт за безбедносне студије, Нови Сад, 2011
- Димовски, З., Илијевски, И., Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност, Скопје, 2011
- Доревски, З., Атентати - анализа, Безбедност бр. 3, Скопје, 1997
- Мијалковски, М., Тероризам, Факултет цивилне одбране, Београд, 2004, стр. 5